УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

XXXV НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

НА XLI МЕЃУНАРОДЕН СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА

ОХРИД, 11 – 28 VIII 2008

ЛИНГВИСТИКА



УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура

За издавачот:
проф. д-р Велимир Стојковски, ректор на Универзитетот
„Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура

НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА - ЛИНГВИСТИКА

(Охрид, 25. VIII - 26. VIII 2008)

Скопје,
2009

МАКЕДОНСКИОТ ГЛАГОЛ ВО БАЛКАНСКИ КОНТЕКСТ

Борис Марков

ГЛАГОЛСКИТЕ СУФИКСИ *-СА, -ИСА* И *-ОСА* ВО БАЛКАНСКИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ

По својата застапеност и други особености, разгледуваните глаголски суфикси имаат балкански карактер. Нивното изделување и затврдување во споменатите јазици станало со придодавање на суфиксот *-а* кон основата од грчката аорисна форма на -σ- или -*ζ*-, -*ισ*- и -οσ-. Изделените суфикси *-са, -иса* и *-оса* имаат различен ареал на употреба и ред други особености. За суфиксот *-са* е, притоа, карактеристично дека е застапен само во глаголи од грчко потекло, додека суфиксите *-иса* и *-оса* преку глаголи со грчка основа минале и на примери со домашна и странска основа, така што се далеку позастапени од оние со суфиксот *-са*. Покрај суфиксите *-иса* и *-оса,* во бугарскиот јазик е изделен и суфиксот -ъса (во свршени глаголи) и -ъсва (во несвршени глаголи). Во однос на основата од која се образувани и ареалот на употребата, посочените суфикси во споменатите јазици покажуваат извесни нееднаквости и посебности, коишто во полн опсег можат да се прикажат при поодделно разгледување на секој споменат суфикс.

Суфиксот *-са*. Веќе одбележивме дека овој суфикс не минал на примери со домашна или друга основа, т.е. застапен е само во глаголи со основа од грчко потекло. Глаголите со посочениот суфикс широка употреба придобиле главно во македонскиот и во бугарскиот јазик, додека во српскиот јазик оставиле трага во мал број примери, сп.: *lipsati* <пцовиса>, *prokopsati* (арх.) <uspeti u životu>, *stasati* <postati zreo, sazreti>. Ако се изостават некои примери со нејасно потекло (сп.: **баса** *impf* basati, bazati, šljapati; **васа** I и II boriti se, **волеса** *impf* дијал. biti sposoban), од ОРМЈ, РМЈ, ГЗМНГ и ОРСБЕ, РЧДБЕ можат да се посочат следниве примери:

ареса, -ува (дијал.) I begenisati. II – **се** begenisati se, dopasti se, svideti se; буг. **Харесвам** *несв.* (нгр. дим. αρεζω (аор. к. αρεσω) 1. Изпитвам наслада, удоволствие, задоволство от нещо;... 2. Доставам наслада, нравя се, допадам (РЧДБЕ); **афореса, -ува** (arh.) isključiti iz crkve, anatemisati, prokleti; буг. **Афоресвам** *несв.*; **Афоресам** *свр.* (нгр. αφοριζω, дијал. αφορεσω);

вјаса (**се**) *impf* (разг.) hitati, žuriti (se); **ваnса, -ува I** 1. obojiti, ofarbati. 2. (fig.) prevariti, nadmudriti; ... II – **се** ...; буг. „**Вапсвам**, -сам (гр. βαφω аор. к. βαψω). *Диал.* Боядисвам"; **втаса, -ува** 1. stići, v. стигне **... 2.** stasati, postati zreo, sazreti**...;** сп. и изведенката **привтаса;** буг. Втасвам, -сам

(гр. φτανω, аор. к. φτασω); **стаса** *pf* (разг.) v. втаса; **стасува** (разг.) v. втасува;

калеса, -ува pozvati na svadbu, veselje i sl.; буг. Калесвам, -сам (гр. καλεω, καλω (аор. к. καλεσω <канъ> *Нар.* Поканвам, повиквам гости за тържество, обикновено за свадба, за годеж;

маѓепса, -ува omađijati, opčiniti, začarati; сп. и **маѓоса**, буг. Магьосвам, -сам (гр. μαγευω аор. к. μαγευσω) < 1. и 2. *Прен.* Обайвам, очаровам >; **мјаса** *impf* (разг.) ličiti (na koga), sličiti, biti sličan; буг. Мязам *несв.* (нгр. дим. μοιαζω от ομοιαζω <приличам>) *Разг.* Приличам;

навакса, -ува (razg.) 1. stići, postići; 2. naknaditi; буг. Наваксвам, -сам (по нгр. ανεβαζω, ανεβιβαζω (аор. к. ανεβαξω) *Разг.* Допълвам нещо пропуснато; добавъм; **параса** *pf* (arh.) v. остави, напушти; **пикаса** *pf* (arh.) 1. primetiti; 2. osetiti: „Од гр. απεικαζω, πειφαζω" (ГЗМНГ); сп. и **запикаса, -ува** v. забележи (РМЈ); **папса, -ува** I *intrans.* 1. klonuti, malaksati; iznuriti se; ... 2. splasnuti, oslabeti, ... II *trans.* iznuriti, umoriti; **препса** *impf* (дијал.) ličiti, naličiti, nalikovati; ... „Од гр. πρεπω" (ГЗМЈ); **прокопса, -ува** (разг.) 1. prokopsati, uspeti u životu; (fraz.) ... 2. fig. ... 3. fig. ... ; сп. и изведенките *прокопсан, прокопсаник, -ица*; буг. Прокопсвам *несв.* (по гр. προκοπτο, προκοφφτω (аор. к. προκοπψω). *Нар.* Имам сполука, преуспевам;

такса *pf* (razg.) I *trans.* и *intrans.* obećati. II – **се** obećati se, zareći se; v. вети (се); сп. и **втакса** v. такса (РМЈ); буг. Таксвам *несв.* (нгр. ταζω, τασσω (аор. к. ταζω) *Диал.* Обещавам, обричам;

Разгледаните глаголи во РМЈ најчесто ја имаат ознаката арх., разг. или дијал., во РЧДБЕ исто така се одбележени со ознаките *Нар.*, *Разг.*, или *Диал.* Покрај нееднаквата распространетост и употреба, еден дел од споменатите глаголи за мнозина Македонци, особено од помладите поколенија, денес претставуваат подзаборавени или слабопознати зборови. Сепак, меѓу нив има и примери коишто речиси немаат адекватна замена во јазикот, сп.: *вапса, маѓепса (маѓоса), папса, прокопса, спаса, -ува*. Изведенки се регистрирани главно кај глаголите *вјаса, впаса, пикаса*, сп.: *довјаса, завјаса, подзавјаса; завпаса, повпаса, навпаса, превпаса, привпаса; запикаса.* Некои од разгледаните глаголи во бугарскиот јазик се отсутни (*вяса, нараса, папса, пикаса, препса*), имаат различна застапеност или претставуваат извесна особеност, на пр.: **Липсвам, -сам** (гр. λειπω аор. к. λειψω) <*отсъствувам*>) *Отсътствувам*; не достигам (РЧДБЕ). Посочениот збор не е регистриран во РМЈ, но одбележен е во ГЗМНГ: **липсувам** (= недостигам), додека во српскиот јазик се употребува со подруго значење (сп. *lipsati* <пцовиса>).

Во однос на глаголскиот вид, примерите со суфиксот *-са* најчесто се од свршен вид, при што несвршениот вид се образува со суфиксот *-ува*. Одделни глаголи, сепак, се среќаваат и како несвршени или свр-

ни, сп. : **вјаса (се)** *impf*, **мјаса, препса** (дијал.), додека **пикаса** *pf* во РМЈ е одбележан со изведенката **запикаса** *pf*.

Како што споменавме, покрај суфиксот *-са*, во бугарскиот јазик е изделен и суфиксот *–ъвса* (*-ъса-*), којшто е застапен во примери со бугарска или турска основа. Во македонскиот јазик таквите примери обично се изразуваат со суфиксот *-иса* (поретко) или *-оса*. Од глаголите со суфиксот *–ъвса* (*-ъса*) во ОРБЕ се регистрирани следниве примери: баталъсвам (баталиса), катилъсвам <катил(и); киръсвам (< кир); **рахатъсвам, -сам** *Разг.* освобождавам се од грижи, успокојвам се, ...; или: въшлъсвам (се) = вошлоса, -ува (се), гноъсвам, гъбъсвам, гурелъсвам, молъсам, метилъсвам; жабъсвам, кръвъсвам, мухлъсвам (= мувлосувам), плеснъсвам, червъсам, трънъсвам, ръждъсвам и поръждъсвам, охтикъсвам; сп. и гангренъсвам; вкоченъсвам, згомолъсвам, цветъсвам; (по)зеленъсвам. Некои од споменатите глаголи се среќаваат напоредно со суфиксите *-исва* (*-иса*) и *-осва* (*-оса*), сп.: сапунисвам и сапуњсвам; или: магаросам и магаръсам (се), чумосвам, -сам и чумъсвам. Од различни основи се изведени глаголите червисвам се <нарумънитясъ> (БРР), но червъсам (црвоса, -ува).

Суфиксот *-иса*. За изделувањето и затврдувањето на овој суфикс во балканските словенски јазици споменавме дека станало преку грчката аорисна форма на *-ис* по пат на придодавање на афиксот *-а*, при што со гласежот ***-иса*** минал и на други основи. Одбележивме исто така дека глаголите со суфиксот *-иса*, во однос на оние со суфиксот *-са*, се далеку помногубројни, бидејќи, освен во извесни примери од грчко потекло, застапени се и во голем број примери чијашто основа е од македонско (словенско) и странско (турско и западноевропско) потекло. Во српскиот и во хрватскиот (ретко) јазик, притоа, чести се и глаголите образувани од германска основа (*-iren*). Од аспект на потеклото на основата, споменатите глаголи ја имаат следнава застапеност и др. особености.

Глаголи од грчко потекло (регистрирани во ОРМЈ или ГЗМНГ, ОРСБЕ, РЧДБЕ и делумно во РСКЈ):

анатемиса *pf* v. анатемоса anatemisati, prokleti; буг. Анатемосвам, -сам 1. *Църк.* Отлщчвам от църквата чрез проклътие, анатема. 2. *Разг.* Проклинам (РЧДБЕ); сп. и **Хиротонписвам, -сам** (от сргр. χειρωτονω (аор. к χειροτωνισω) *Църк.* Ръкополагам, обикн. в епископски сан; **арниса, -ува (се)** разг. I ostaviti, napustiti, bataliti; ... II – **се** okaniti se, odreći se, proći se; ...; буг. **Арнисвам, -сам** <1. – 3> (гр. αρνουμαι аор. αρνησομαι); **залиса, -ува** (дијал.) I zaneti, oduševiti. II – **се** v. занесе се; буг. **залисам** (ОРСБЕ). „Од нгр. ζαλιζω" (ГЗМЈ); **зографиса, -ува** (арх.) spisati crkvu; буг. Зографисвам, -сам (от аор. к. ζωγραφισω на нгр. ζωγραφιζω) *Ост.* Рисувам икони или черква...; **икономиса, -ува, -ување** (разг.) uštedeti; буг. **Икономисвам, -сам** (по аор. к. οικονομησω на нгр. οικονομω <водъ дома-

кинство>; **калаиса, -ува** kalaisati; буг. **Калайдисвам**, -дисам *св.* (нгр. καλαιδιζω аор. к. καλαιδισω); **каниса** *pf* (дијал.) pozvati goste, v. кани; **киниса, -ува** (разг.) poći, krenuti; буг. Кинисвам, -сам (нгр. κινεω, κινω аор. к. κινησω <движа се, тръгвам>) *Диал.* Заминавам, ... ; **метаниса, -ува** (прави метании) *metanisati;* **псовиса, -ува** v. пцовиса, -ува 1. (за животно) lipsati, crći, crknuti, uginuti; пцовисало магарето; фраз. ... 2. (фиг.); буг. **псовисвам**; **-сам** „Од нгр. ψοφω" (ГЗМНГ); **типоса, -ува** (арх.). naštampati, odštampati; буг. типосвам, -сам (БРР).

Глаголи образувани од македонска (словенска) основа (и некои примери со нејасно потекло): **измајсториса** *pf.* (разг.) izmajstorisati; сп. и **мајсторисува** *impf.* <се занимава со мајсторство, -ување (sидање и др.>; **лакатиса** *pf* saviti u luk;...; **намниса, -ува** (разг.) 1. pomenuti, spomenuti nagraisati, nagrabusiti; ...2. podsetiti; **оградиса, -ува** разг. (нагази на лошо, на нечисто) nagraisati, nagrabusiti; буг. оградиса; **опколиса** *pf* (разг.) opkoliti, v. опколи. Нејасни во однос на основата се: **урниса, -ува** I 1. srušiti, v. урне 1; 2. urnisati, upropastiti, srozati; ... II – **се**; **утиса, -ува** v. **сутне, -ина** <u igri (...) ćariti, dobiti, zaraditi od protivnika, pokupiti ...>.

Освен во посочените примери, суфиксот *-иса* е застапен и во извесни глаголи образувани од именска и др. основа со различно потекло, сп. : **ортомиса, -ува** < ортома : гр. ορτομα <јаже> vezati konja ili magarca za uže na paši, da bi se ograničilo njegovo kretanje; **тиганиса** *pf* (дијал.) ispržiti; **круниса, -ува, -ување** I 1. и 2. (fig.) krunisati; II – **се ...** ; **карминиса, -ува** karminisati *pf* и *impf;* **малтериса, -ува** malterisati; **молериса** *pf* izmolovati; **молерисува** *impf* molovati; или: **стопанисува** *impf privređivati;* буг. стопанисвам; сп. и **здрависам (се), -свам** приветствовать; **околисам (се), угарисам.**

Глаголи образувани од турска основа. Со ретки исклучоци од типот **калдрмиса, -ува, -ување** (< калдрма < тур. kaldırım) kaldrmisati, другите примери се изведени од глаголска основа, чијшто број е, притоа, значителен и воопшто преовладува меѓу глаголите со суфиксот *-иса.* Од друга страна, внимание кон себе свртува фактот дека турската глаголска основа се среќава во два вида, т. е. има двојно потекло: а) инфинитив без *-mak* или *-mek* и б) перфект, 3. л. едн., којшто го има гласежот *-ди* (тур. *-di, -du, -dü*). Сето тоа во низа случаи резултирало во постоење на дублетни форми: *-иса* и *-диса*, коешто, кај некои примери во разгледуваните јазици е изразено со затврдување на едниот или другиот суфикс. Од гореприведените речници глаголите од овој вид можат да се илустрираат со следниве примери:

аздиса, -ува (< перфект, 3. едн. од azmak <1. – 8.> М) (разг.) pobesneti, raskalašiti se, razuzdati se; буг. Аздисвам *несв. ... Ост. Диал.* Побуувам, разгорещувам се, подлудувам; **артериса, -ува** (< artırmak 1. – 3. М) разг. ostati (od nečega), preostati; **ашладиса, -ува, -ување** (од перфектот на

aşlamak) nakalemiti; буг. Ашладисвам, -сам Облагодаръвам дърво или растение...

бајалдиса, -ува (< bayıldi, перфект 3. л. едн. < bayılmak) разг. baldisati, klonuti, malaksati, iznemoći, sustati; **бакардиса** v. **бакариса** *pf* bakarisati, pobakriti; **бактиса, -ува** (< bakti, перфект, 3. л. едн. < bakmak (Šk) разг. dodijati, dosađivati; **бастиса, -ува** < basti, презент од basmak (Šk) arh. bastisati, izvršiti pretres, napasti, opkoliti (u cilju pljačkanja); буг. **Бастисвам, сам** 1. *Ост.* Нападам. 2. *Разг.* Надвивам, надминавам (РЧДБЕ); **батиса** (тур. batmak) *pf* (арх.) propasti, utonuti, upasti; буг. Батисвам, -сам Правъ негоден; развалъм; **башладиса, -ува** (тур. başladi, перфект од başlamak <1. и 2.> М) pokloniti, darovati; буг. **Башладисвам, -дисам** *Простонар.* ; **бендиса, -ува (се)** < тур. beğenmek 1. и 2. (М) dopasti se, svideti se; буг. **Бегендисвам, -сам.** *Простонар. Диал.* Харесва ми, допада ми; **Бендисвам, -сам** *Диал.* и **Бендисвам, -дисам** = Бегендисвам; **битиса, -ува** (< bitmek <1. – 5.> М) (арх.) I svršiti, završiti. II – **се**; **боздиса, -ува** bozdisati, pokvariti, poremetiti, razvaliti < bozdu, перф. 3. л. едн. od *bozmak* (Šk); буг. **Боздисвам, -дисам** *Диал.* Развалъм, похабвам; **бојадиса, -ува** (< boyadi перфект 3. л. едн. од *boyamak* 1. и 2. М) bojadisati, ofarbati; сп. и **добојадиса, набојадиса, пребојадиса;** буг. **Боядисвам**, -сам оцветъвам, обагръм; вапсвам; **боктиса** (< перфект од bıkmak) *pf* (arh.) dodijati;

гајледиса (се), -ува (< gaile etmek) v. загрижи (се); **гајретиса, -ува** (gayret etmek) разг. ohrabriti, okuražiti. II – **се** ohrabriti se, okuražiti se; буг. **Гайретъ се** *Диал.* Грижа се; **денетиса, -ува** (< denetmek М) разг. primetiti, opaziti; **дуздиса** *pf* (< перфект од düzetmek 1. и 2. М) (арх.) urediti, udesiti (stvar); **заптиса, -ува** (< zaptetmek) (разг.) 1. (заплени) uzaptiti, zapleniti. 2. *impers.* ме заптиса (во грлото, во градите) steglo me u grlu, ...; буг. **Заптисвам** *несв. Диал.* Задържам, присвоявам, обуздавам;

кабардиса, -ува (< перфект од kabarmak) kabarisati, kabrdisati, naduti se, narasti; буг. **Кабардисвам, -дисам** *Разг.* Увеличавам обема си при ферментация; **каврадиса, -ува** (< перфект од kavramak 1. и 2.) kavraisati, zaglaviti, zavrnuti; **каздиса, -ува** (< перфект од kızmak) разг. I naljutiti, najediti. II – **се**; **кајдиса, -ува** (разг.) napasti, pogubiti; **кандар(д)иса, -ува** (< перфект од kandırmak 1. – 3. М) nagovoriti koga da pristane; буг. Кандърдисвам, -сам *Разг.*; **кандиса, -ува** (перфект од kanmak <1. -3.>) разг. I 1. pristati. 2. nagovoriti koga da pristane. II -- **се** pristati; буг. Кандисвам, -сам *Разг.* 1. Съгласъвам се, скланям. 2. примиръвам се (РЧДБЕ); **капладиса, -ува** (< перфект од kaplanmak) postaviti, opšiti; буг. Капладисвам, -дисам ... *Нар.* Слагам подплата, подплатъвам; **карштиса, -ува, -ување** (перфект од karışmak) разг. I pomešati. II – **се**; буг. Каращисам *св.*; **каскандиса, -ува,** (перфект од kıskanmak <1. - 3.> М) разг. pozavideti, v. завиди; **курдиса, -ува** (< kurdi, перф. 3. л. едн. од kurmak Šk) I (разг.) 1. naviti (časovnik). 2.

namestiti, udesiti. II – **се**; сп. и **kurisati, kurdisati** (Šk) и **курдисавати** несвр. (PCKJ); буг. **Курдисвам, -дисам** *Разг.*; **куртулиса, -ува,** v. **куртули, -ува** (< kurtulmak, kurtarmank Šk) разг. kurtulisati, spasti; сп. и *kurtarisati (se), kurtalisati (se), kutarisati (se)* Šk; буг. **Куртулисвам, -сам,** *Нар. Разг.* Отървавам, избавъм;

лекедиса, -ува (< перфект 3. л. едн. од lekelemek <1. и 2.> M) I izmrljati, umrljati. II – **се** izmrljati se, umrljati se; буг. **лекедисам; назландиса** (< перфект, 3. л. едн. од nazlanmak) разг. razmaziti se, postati nestašan (neobuzdan), raskalašiti se; **парчеледиса (се)** *pf* < parçalamak 1. разбивать на части, вдребезги, ... 2. разрыватя на части, разрыватя в клочъ (M) арх. v. парчоса (се); буг. **парчалдисам**; срп. **парчати** несвр. *делити на парчад* (PCKJ); **ратиса (се)** *pf* (дијал.) v. раатиса (се), -ува, -ување (< rahat etmek, rahatlanmak <1. и 2.> M) (разг.) I osloboditi (od briga), uspokojiti; ... II – **се**; сп. и **пораатиса** (разг.); буг. **Рахатъсвам, -ъсам** *Разг.*;

сајдиса , -ува, -ување (< saydi, перфект, 3. л. едн. од saymak) (разг. уважи, прими на знаење, одобри) sajisati, ukazati poštovanje; буг. **Сайдисвам, -дисам** *Ост. Диал.*; **саклетиса** (< sıkılmak) *pf* (разг.) v. сакалдиса (се), -ува (се) разг. I pričiniti kome tegobu, nemir, naljutiti, iznervirati; ... II – **се** osetiti tegobu, ... iznervirati se; буг. Съкълдисвам се, -дисам се; **саштиса, -ува** (се) разг. и **шаштиса, -ува** (разг.) v. **шашардиса, -ува** < *şaşırdi*, перфект од şaşırmak (разг.) I zbuniti, zapaniti, ošamutiti, ... II – **се**; буг. шашардисвам, -дисам. *Разг.* Забърквам, слисвам; **сиктердиса, -ува** v. сиктериса (< sıktırmek < sıktır [k] разг. исфрли, избрка, истера надвор) sikterisati; **сурдиса, -ува** (< перфект 3. л. едн. од **sürmek**) (разг.) I 1. и 2. ... II -- **се**; срп. **surisati** 1. prognati, protjerati; 2. ... (Šk);

тептиса, -ува (< перфект, 3. л. едн. од *teptmek* <1. – 3.> M) разг. zaneti se, izgubiti se; **ќефледиса** (< од *keyif* = ќеф) разг. I oraspoložiti. II – **се** <1. и 2.>; **уjдиса, -ува < uydi,** перфект 3. л. ед. од **uymek** 1. - 4. M) разг. I 1. *trans.* ujdisati, udesiti. 2. *intrans.* ...; сп. и **уjдисати в. уисати** ... *доликовати, приличити, пристајати* (PCKJ); буг. **Уйдисвам; утлеиса, -ува** (< utulemek <1. - 3.> M) I utleisati, ispeglati. II – **се**; **чатиса, -ува** (< çatmak <1. - 9.> M) (разг. - во кројачкиот занает) čatisati, sašiti, spojiti (PMJ); **чактиса (се), -ува** (< çakti, перфект 3. л. едн. од çakmak <1. - 7.> pošašaveti, pomahnitati, poludeti, ... šenuti (se); буг. **Чактисвам, -тисам** 1. *Ост.* ... 2. *Разг.*

Голем број од приведените глаголи не се регистрирани во PCKJ (некои од нив и во TSJ) или во српскиот јазик ретко се употребуваат, сп.: *аздиса, -ува, ѓајледиса, каздиса, кандардиса, кандиса, капландиса, назландиса, раатиса, сакалдиса, тептиса, чактиса, шашардиса* и др. Слично на глаголите со суфиксот *-са*, низа примери од овој вид во PMJ обично ја имаат ознаката арх. или разг., а во РЧДБЕ се одбележени со ознаките: *Диал., Нар., Ост., Простонар., Разг.* Кај некои од споменатите

глаголи редакцијата на РМЈ, освен тоа, упатува и на синоним(и) со домашна основа, сп. : *ѓајледиса* (*се*) разг. v. загрижи (се); *каскандиса* (разг.) v. завиди; *сајдиса, -ува* (разг. уважи, прими на знаење, одобри) и др.

Покрај посочените глаголи, во народниот јазик се среќаваат и низа други заемки. Некои примери, освен тоа, во бугарскиот или во македонскиот јазик не се среќаваат (сп. макед. **лакетиса, опколиса; гајледиса, каскандиса, сиктердиса** в. **сиктериса, сурдиса, чатиса**) или имаат нешто подруг гласеж (буг. **гайретъ се** = гајретиса; **рахатъсвам, -сам** = раатиса), подруга употреба или значење, сп.: **башладиса, -ува** pokloniti, podariti, но буг. **Башладисвам, -дисам** *Простонар.* Започвам, начевам, захващам; **чактиса, -ува** (разг.) pošašaviti, pomahnitati, poludeti, šenuti (se); буг. Чактисвам *несв.*, Чактисам *св.*

Предавањето на голем број од посочените турцизми во српскиот и во хрватскиот јазик обично станува по пат на префиксација на даден турцизам или со посочување на еквивалент(и) со домашна основа, сп. : **заптиса** (разг.) 1.(заплени) uzaptiti, zapleniti; **сапуниса** (**се**) nasapuniti (se); или: **аздиса** pobesneti, raskalašiti se, razuzdati se; **боздиса** dodijati; **денетиса** (разг.) primetiti, opaziti, **дуздиса** (арх.) urediti, udesiti (stvar), **каздиса** (**се**), **-ува** (разг.) naljutiti (se), najediti (se), **шашардиса** (**се**) разг. zbuniti, zapanjiti, ošamutiti (se).

Посебен проблем кај глаголите со турска основа претставува и мешањето или напоредната употреба меѓу *-иса* и *-диса*, притоа, како кај примери од македонскиот јазик така и во однос на истите примери во соседните јазици, сп.: *саклетиса* v. сакалдиса, *саштиса* или *шаштиса* v. шашардиса; *зугравдиса, -ува* (дијал.) = *зографиса; бакардиса* v. *бакариса* (срп. *бакарисати, побакарити*), *калајлиса* и *калајдиса* (дијал.), *сиктердиса* v. сиктериса; или: *кабардиса* kabarisati, kabardisati, naduti se, narasti; *курдиса* (срп. kurisati, kurdisati, ... (Šk), naviti časovnik); *сајдиса* sajisati (Šk); *сурдиса* (тур. sürmek), срп. **surisati** 1. prognati, protjerati; 2. ... (Šk). Освен со *-иса* и *-диса*, одделни глаголи покажуваат мешање или напоредна употреба исто така со суфиксите *-и* и *-оса*. сп. : *куртулиса* v. куртули; *сакатиса* (дијал.) v. осакати; или: *анатемиса* v. анатемоса; буг. *анатемосвам*; *-сам*; *парчеледиса* v. *парчоса;* срп. **парчати** *делити на парчад* (РСКЈ). Споменавме исто така дека редакцијата на РМЈ во низа примери со суфиксот ***-иса*** упатува на соодветни глаголи со друга основа, сп. **гајледиса** (**се**) v. загрижи (се); **каскандиса** v. завиди.

Глаголи со основа од западноевропско потекло. Со мал број исклучоци, глаголите од овој вид се изведени од оние на *-ира*, срп. и хрв. *-ira-ti* < герм. *-ir-en,* така што суфиксот *-ира* се заменува со *-иса*. По својата распространетост посочените глаголи се карактеристични за српскиот јазик, во кој најчесто претставуваат дублетни форми (*-иса-ти* и *-ира-ти*). Во ОРБЕ воопшто не се регистрирани, додека во РМЈ се

одбележени само неколку глаголи, при што еден дел од нив напоредно се употребуваат со суфиксот *-ира* (редакцијата на посочениот речник и онаа од РСКЈ кај дадени глаголи упатуваат на можната употреба на едниот или другиот суфикс, сп.:

дегенериса, -ува v. **дегенерира** degenerisati; **дефлориса, -ува** deflorisati *pf* и *impf*; **инвентариса, -ува** inventarisati; **категориса** *pf* и **категоризира** kategorisati; **наелектриса (се)**, naelektrisati (se); **окарактериса, -ува** okarakterisati; **профаниса, -ува** v. профанира *pf* и *impf;* Аналогно на посочените глаголи, суфиксот *-иса* минал и на примери со основа којашто претставува именка од западноевропско потекло: **карминиса, -ува** (< кармин) karminisati *pf* и *impf,* **малтериса, -ува** *малтерисати* несврш., **молериса, -ува** (срп. molovati, izmolovati); **вирманиса, -ува** virmanisati (< фр. *virement*); **капариса, -ува** (разг.) ***kaparisati*** (< капар < тур. = итал. *caparo*) v. дава капар, капарисува (СМР). Во РМЈ е регистриран со **капариса** v. капароса, додека во ПМЈЈ стои само **капароса, капаросува.**

Кај некои од споменатите глаголи се забележува колебање меѓу *-иса* и *-ира.* Во РМЈ тоа е изразено со упатување на едниот или другиот суфикс, сп. : „**наелектризира** v. наелектриса, -ува (се)", но „**профаниса** v. профанира". За разлика од македонскиот јазик, посочениот вид глаголи во српскиот јазик се далеку пораспространети, со забелешка дека најчесто се среќаваат напоредно со суфиксот *-ira-ti*, т. е. претставуваат дублетни форми, на пр. : **дефинира** *pf* и *impf definirati* и *definisati*; **конферира** *konferisati, konferirati, zasedati;* **манипулира** *манипулисати,* **мотивира** *мотивисати* и *мотивирати*; **фотографира** *фотографисати* и *фотографирати* (РМЈ); сп. и: *елиминирати* и *елиминисати*; *инкриминисати* и *инкриминирати; интегрисати* и *интегрирати, калкулисати* и *калкулирати, капитализати* в. *капитализирати; карактерисати* и *карактеризирати; конзервирати* и *конзервисати; контролирати* сврш. и несврш. = *контролисати* (сп. и *контроловати*); *конферирати* и *конферисати*; *промовисати* и *промовирати; резервисати* и *резервирати; скандалисати* и *скандализирати; толерисати* и *толерирати; шпекулирати, шпекулисати* или *спекулирати, спекулисати, маневрирати* = *маневрисати* несврш., *манипулисати* несврш. = *манипулирати;* или: *резултирати* и *резултовати* (нема *резултисати*); или: *концентрирати* (*се*) и *концентрисати* (*се*) несврш., *сконцентрисати* (*се*) и *сконцентрирати* (*се*) сврш.; но само со суфиксот *-исати*: *карминисати* несврш.; *малтерисати, **молерисати.*** Извесни глаголи на *-исати,* освен со *-ира-ти,* напоредно се употребуваат и со суфиксот *-ова-ти,* сп.: **карактеризира** *pf* и *impf карактеризирати, карактерисати* и *карактеризовати;* **контролира** *контролисати* сврш. и несврш. = *контролирати* и *контроловати* в. *контролисати; регулисати* (сврш. и несврш.) и *регулисавати* в. *регулирати* (РСКЈ).

Додека во српскиот и во хрватскиот јазик глаголите со суфиксот *-isa-ti* најчесто спаѓаат во двовидски глаголи, во македонскиот јазик тие се од свршен вид, при што несвршениот вид се образува со суфиксот *-ува*. Одделни примери од овој вид во српскиот и во хрватскиот јазик, сепак, се среќаваат и како едновидски, така што ја имаат ознаката *сврш.* или *несврш.*, сп.: *вирманисати* сврш. (макед. *вирманиса, -ува*); *карминисати* несврш. (макед. *карминиса, -ува*), *малтерисати* несврш. (макед. *малтериса, -ува*), *маневрирати* несврш. = *маневрисати* (макед. *маневрира*); *манипулисати* несврш. = *манипулирати* (макед. *манипулира pf* и *impf*).

Меѓу глаголите со суфиксот *-иса* во македонскиот јазик, очигледно, најголема распространетост имаат оние со турска основа, коишто, зависно од тоа дали се изведени од инфинитивна основа или од перфект 3. л. едн., имаат двоен гласеж: *-иса* или *-диса*. Уочливо е, освен тоа, дека голем број од споменатите глаголи во српскиот и особено во хрватскиот јазик се наполно отсутни (непознати). Несовпаѓањата или разликите меѓу разгледуваните јазици, во секој случај, се должат токму на двојниот гласеж на дадени глаголи, како и на нивното (по)стоење, употреба и значење. Инаку, предавањето на глаголите со турска основа во РСКЈ станува главно по пат на префиксација или со придодавање на суфиксите *-и-(ши)* и *-а-(ши)* место *-иса-ши,* но и со посочување на други (домашни) еквиваленти.

Суфиксот *-оса* (< гр. *-οσ* + *-а*). Со исклучок на мал број примери од типот *žigosati* : 1. udariti `ig. 2. (fig.) osuditi ..., *gleđosati* (= *emajlirati*), глаголите со посочениот суфикс во српскиот и во хрватскиот јазик не се среќаваат, додека во македонскиот и во бугарскиот јазик имаат значителна распространетост и воопшто претставуваат нивна особеност. Споменатиот суфикс е застапен во глаголи со основа од домашно и од странско потекло. Примерите со грчка основа се, меѓутоа, доста ретки и донекаде изолирани, сп.:

анатемоса *anatemisati, prokleti;* буг. **Анатемосвам, -сам** ; **лустроса, -ува, -ување** (разг.) 1. lakirati. 2. premazati imalinom cipele, izglancati; буг. Лустросвам, -сам (нгр. λουσρονω (аор к. λουστρωσω) *Разг*. 1. Излъсквам; изглаждам; 2. Давам външен блясък" (РЧДБЕ); **мироса** I pomiropomazati; II – **се**; буг. Миросвам, -сам (от нгр. μυρω, μυρωνω (аор. к. μυρωσω); **ќердоса, -ува** („од гр. именка κερδοσ" (ГЗМНГ) ; сп. и изведенката *кердосник* <наречник suđenik>) разг. I 1. ***intrans.*** dobiti, zaraditi, postići uspeh, sreću u životu, uspeti; 2 ***trans.*** uzeti za ženu, oženiti (РМЈ); **стипсоса** („стгр. στυπψιζ по στυφω <стъгам>") *pf* (...премачка со стипса) stipsati; **чпиртоса, -ува, -ување I** (за птица, животно и сл.) preparirati pomoću spiritusa; ... II (fig.) pobledeti, prepasti se; буг. Спиртосвам, -сам Препарирам в спирт (РЧДБЕ).

Во однос на основата од која се образувани, глаголите со посочениот суфикс се изведуваат како од глаголска така и од именска, придавска или прилошка основа со домашно и странско (предимно турско) потекло. Кај одделни примери, меѓутоа, тешко може да се распознае дали се изведени од глаголска или од именска и др. основа, на пр. : *зг̄либоса, ӣљачкоса; ӣемноса (се).* Извесни глаголи, освен тоа, имаат нејасно потекло, сп. : *брноса, зодоса, мандоса, мундоса, ӣљаг̄оса, ӣарадоса pf.* v. предаде (PMJ) и др. Инаку, заедно со оние на *-са* и *-иса,* глаголите со суфиксот *-оса* се карактеристични за народниот јазик, при што голем број примери во PMJ ја имаат ознаката *разг̄.*, *арх.* или *дијал.* Зависно од основата од која се изведени, споменатите глаголи ја имаат следнава застапеност и др. особености:

Примери образувани од глаголска основа. Во PMJ се регистрирани ограничен број глаголи, сп. : **гадоса (се)** *pf.* (разг.) v. загади (се), **збрчкоса (се)** (дијал.) v. збрчка (се), **зглиб(н)оса , -ува** raskaljati se, razglibiti se; **згромолоса (се)** дијал. v. згромоли (се), **пламноса** *pf* (разг.) 1. *trans.* izgoreti, spaliti; fraz. ...; 2. *intrans.* v. пламне planuti; **смадоса** *pf* v. засмади 1. užeći se; 2. *impers.* ...; **струцјоса (се)** v. пострупи (се); **штавоса** *pf* v. штави *štaviti*; **штавосува** *impf* v. штавува.

Примери образувани од именска, придавска или прилошка основа. Меѓу глаголите од овој вид преовладуваат оние со именска основа, сп. : **вароса, -ува** krečiti; **вратоса, -ува** (разг.) udariti koga po vratu; **видоса, -ува** (разг.) ozidati, ograditi zidom; **'рѓоса** zarđati; **вошлоса (се), -ува** ovašljiviti (se); **габоса, гнидоса, крв(ј)оса, брадоса, -ува** obrasti bradom; **влакноса, -ува** obrasti u dlaku; или: **билјоса, борјаноса, бурјаноса, врбоса** obrasti vrbom; **дрвоса** odrveniti se (fig.) ukrutiti se; **тревјоса, трноса, шиклоса;** или: **гламјоса, гламноса се** *pf* (fig.) pocrneti; ostareti (od tuge, brige, teškoća); или: **брашноса, јагленоса, лојоса, маслоса, пеп(е)лоса** I 1. (арх.) pretvoriti u pepeo; 2. (fig.) **... II – се; пламеноса, саѓоса, сланоса, смолоса, црв(ј)оса, -ува, -ување** (сп. и **нацрвоса**) ucrvljati se, ucrvati se; **крастоса, шугоса**; или: **јадоса, -ува, -ување, -увачка** (сп. и **разјадоса се**) I ozlojediti, naljutiti, ogorčiti. II - **се**; **крстоса, -ува** I 1. и 2. ukrstiti. II prokrstariti. III – **се** ukrstiti se; **маглоса, -ува** I 1.zamagliti. 2 (fig.) obmanuti, prevariti; **магароса, -ува, -ување** namagarčiti; буг. **магаросам; сватоса се, -ува** oroditi se (posredstvom ženidbe; буг. **сватосвам се**; **стројоса, -ува** (< строј) uglaviti veridbu; сп. и **капароса, -ува** kaparisati; **пудроса** (се), -ува (разг.) napuderisati (se); или: **враноса, -ува** (< вран <црн>) <1. и 2.>, **грдјоса, кислоса, црвеноса**; или: **ничкоса** (< ничкум).

Голем број примери со суфиксот *-оса* се регистрирани исто така во ОРБЕ, сп.: захаросам, квитосам, **пудросам (се)** = **пудря се; лъгосам, прахосам**; или: **пустосам** <пустоши>, **стругосам**; или: **четвртосам, белосам.**

Примери изведени од турска основа (најчесто именска): **бојоса, дамгоса** (тур. damga), буг. **Дамгосвам, -сам ; дамлоса** (тур. damla), **катра-**

носа, метиљоса, срмоса (тур. sırma), **тељоса;** или **севдоса** (тур. sevda <любовь, сильная страсть> М); **фрчоса, -ува** < тур. fırça 1. четка; 2. ... (разг.) iščetkati, očistiti; ...или: **сефтоса** (сефте < тур. sivtah); **чифтоса** (тур. çifte <1. - 4.> М) *pf* (состави, здружи со чифтови) *spariti*; сп. и: буг. майтапосам се (= мајтапи се), трампосам и др.

Кај некои од регистрираните примери, независно од потеклото и основата, во РМЈ е одбележано мешање или напоредна употреба на суфиксот *-иса* со *-оса*, сп.: **анатемиса** v. анатемоса; или: **бојоса** и **бојадиса; кирјоса** (< *кир* < тур. *kir* <кал, нечистотија > разг. nečistoća po telu i odeći) v. **кирлиса, -ува** (< *кирлив* = нечист) разг. umazati se, isprljati se (РМЈ); **парчеледиса (се)** v. парчоса (се); сп. и: **капариса** (разг.) и **капароса, -ува** (ПМЛЈ). Напоредност во употребата се среќава исто така меѓу *-оса* и суфиксите *-а, -и, -не* или меѓу *-осува* и *-ува,* на пр. : **збрчкоса (се)** v. збрчка (се); **'рѓоса** v. за'рѓа; сп. и **стипсоса** stipsati; или: **згромолоса (се)** v. згромоли (се); **вкрсти** v. вкрстоса; **смадоса** v. засмади, **струјоса (се)** v. поструји (се); **темноса (се)** и **стемни (се)**; **штавоса** *pf* v. штави štaviti; **пламноса** v. пламне; **штавосува** *impf* v. штавува. Редакцијата на РМЈ, освен тоа, слично на оние со *-иса*, во низа примери со суфиксот ***-оса*** упатува на еквивалентни глаголи со иста или подруга основа. Таков е случајот, на пример, со глаголите: **гадоса (се)** v. загади; **гајледиса (се)** v. загрижи (се); **каскандиса** v. завиди; **сајдиса** (разг. уважи, прими на знаење, одобри) и др.

Заклучок. Речничкиот материјал од разгледуваните јазици укажува дека глаголските суфикси *-са, -иса* и *-оса,* покрај балкански белег, имаат и нееднаков ареал на употреба, нееднаква распространетост и др. особености. Суфиксот *-са* се изделува со тоа што е застапен главно во македонскиот и во бугарскиот јазик, притоа, само во глаголи со г р ч к а основа. Во бугарскиот јазик, покрај *-са, -иса* и *-оса,* изделен е и затврден суфиксот *-въса* (-ъса), којшто се среќава главно во глаголи со бугарска и со турска основа. Општ кај разгледуваните јазици е суфиксот *-иса,* со забелешка дека примерите со основа од западноевропско потекло (најчесто со германска основа на *-iren*), се карактеристични за српскиот јазик, во кој имаат значителна распространетост, додека наполно непознати му се на бугарскиот јазик. Глаголите со суфиксот *-оса* (со делумно нееднаква застапеност или употреба) се среќаваат главно во македонскиот и во бугарскиот јазик, во кои се образувани како од глаголска така и од именска, придавска или прилошка основа (од домашно и од странско потекло). Посебно одбележување бара исто така фактот дека примерите со суфиксите *-иса* и *-оса* (вториот во македонскиот и во бугарскиот јазик) се не само распространети, туку во извесна мера ја задржале својата продуктивност: суфиксот *-иса* главно во сите споменати јазици (но во примери со основа од германско потекло такво својство

има само во српскиот јазик), додека суфиксот *-оса* со продуктивни својства се среќава во македонскиот и во бугарскиот јазик.

Скратеници:

ГЗМНГ ..... Ан. Таховски, Грчки зборови во македонскиот народен говор, Скопје - 1951.
М Д. Д. Магазаник, Турецко-русский словаръ, Москва - 1945.
БРР ..... Българско-руски речник, София - 1960.
ОРМЈ ..... Обратен речник на македонскиот јазик, Скопје - 1967.
ОРСБЕ ..... Обратен речник на съвременния български език, София - 1975.
П, ПМЛЈ ..... Правопис на македонскиот литературен јазик, Скопје - 1970.
РМЈ ..... Речник на македонскиот јазик, I, II, III, Скопје, 1961 - 1966.
РСКЈ ..... Речник српско-хрватскога књижевног језика, Загреб - Нови Сад, 1967 - 1977.
РЧДБЕ ..... Речник на чуждите думи в българския език, БАН, София -1982.
СМР ..... Српскохрватско-македонски речник, Скопје - Цетиње, 1964.
ТРС ..... Турецко-русский словаръ, Москва - 1977,
TSJ, Šk ..... Ab. Škaljić, Turcizmi u srkskohrvatskom jeziku, Sarajevo - 1960.

Влоѓимјеж Пјанка

СТРУКТУРАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ВТОРИЧНИ НЕСВРШЕНИ ГЛАГОЛИ ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ

Зборообразувањето, кое во словенските јазици е многу разгрането и продуктивно во зголемувањето на лексичкиот фонд, е поврзано со синтаксата. Во некои западноевропски јазици, во кои постои сосема мал број слабо продуктивни форманти, тоа е третирано како дел од лексикологијата. Од друга страна, во некои словенски јазици кај извесни глаголски или одглаголски деривати доаѓа до граматикализација на формантите, која е дури поредовна отколку повеќето морфолошки наставки (флексија). Тоа е причината што во некои јазици зборообразувањето е дел на морфологијата (како во полскиот), додека во другите е посебен дел од граматиката. Речиси потполна граматикализација на глаголската именка има во полскиот јазик (пол. *-nie*), во кој скоро 100% од глаголите (со исклучок на околу 40, кои имаат подруга форма) образуваат глаголски именки како од несвршените, така и од свршените глаголи, со истите синтаксички функции (во македонскиот само од несвршените глаголи, со суфиксот *-ње*, но не и со *-ние*).

Во македонскиот јазик, меѓутоа, многу голема фреквенција има суфиксот *-ува* (до 1950 год. *-уе* во литературниот јазик) за образување на вторични несвршени глаголи во рамките на граматичката категорија вид – главно од префиксирани свршени глаголи. Меѓутоа, неговата голема фреквенција, а исто така и големата продуктивност (подновување на старите изведенки со суфиксите *-а*, *-ва* и други) е една од важните одлики на македонскиот литературен јазик, слично како тројниот член или удвојувањето на објектот.

За несвршеното и свршеното значење на минатото време многу сликовито, служејќи се со примери од македонската литература, пишуваше лингвистот и филозоф Херберт Галтон: „Настанот можеби бил и остварен, но пак се поништил: *Баба Кузманица*: *Ти даваше пари*? *Дедо Кузман*: *Ми дааше, ама ја му ги вратив* (Војдан Чернодрински, Македонска крвава свадба II, 4). Или можеби настанот се остварил, но со големо или помало задоцнување: *Колку се приближуваше тој ден, толку понетрпеливи станувавме* (Живко Чинго, Пасквелија). Вистина е дека на крајот станавме понетрпеливи, но состојбава се изменила само по интензивност, како врз геометриска кривина, а не по своето својство, по

формулата што ја опишува; а денот се приближуваше, *ǵоаѓаше* додека не дојде, неизменет во својата состојба на постепено приближување. Промената се одбележува со *ǵојǵе*; или пак, никогаш со *ǵоаѓаше*. Неизменето (суштински) траење, иако интензивноста можеби постапно нараснувала; приготвување на настанот; неостварен обид да се изврши; продолжителен неуспех во остварувањето; или поништување на резултатот – сите значења потпаѓаат под инваријантното значење, контекстуално обусловено, во минатото определено несвршено време." (Галтон 1983: 137).

Во старословенскиот јазик вторичните несвршени итеративни глаголи биле – во однос на нивните деривациски средства – многу ретки, што сведочи дека овој вид глаголска деривација почнал да се развива во доцниот прасловенски период. Сите тие деривати спаѓале во III група глаголи (според А. Лескин) чии основи во презентот се образувани со помош на суфиксот: *-je-* / *-jo-*. Во неа се разликуваат две подгрупи: 1. без суфикс во инфинитивно-претеритната основа и 2. со суфиксот *-a-* во истата основа. И во двете подгрупи коренот завршува на согласка или на самогласка. Најстарите глаголи од оваа група, т.е. тие од коренските глаголи, чии презентски основи завршуваат на првобитни дифтонзи, спаѓаат во раниот прасловенски период во I група, како на пр. бьѭ, бьѥши, бити или мыѭ, мыѥши, мыти, со презентскиот суфикс *-e-* / *-o-* :бьѥши, бити < *bīj-e-* : *bī-tī* < *be̯i̯-e-** : *bī-te̯i̯* < *bʰe̯i̯(ə)-e-* : *bʰe̯i̯-te̯i̯-*, и аналогно мыѥши, мыти < *me̯i̯-e-* : *mū-te̯i̯* ← *me̯u̯-e-* : *mū--te̯i̯* (спор. Бориш 2005). Веќе во овој, најраниот период, за кој можеме да ги реконструираме првите процеси на глаголската деривација, забележуваме преместувања на границите меѓу коренот и суфиксот кои – како што ќе видиме понатаму – се присутни во развојот на итеративната деривација. Слично како *i̯*-то, изделеното од дифтонгот *ei̯*, така и *u̯*-то од дифтонгот *eu̯*, заедно со суфиксот *-e-* од првата глаголска група, го дадоа почетокот на третата група со деривацискиот суфикс *-i̯e-*.

Веќе во старословенскиот јазик доста чести се итеративни изведенки што имаат промена според III група. Тие се образувани на следниов начин:

Според моделот на I подгрупа се менуваат глаголите изведени со формантот *-a-je-* од глаголите:

– од I група, на пр. нарицаѭ, нарицаѥши, нарицати : нарекѫ, нареѵеши, нарешти (1. подгрупа – основа на *-ø-*), събираѭ, събираѥши, събирати : съберѫ, събереши, събьрати (2. подгрупа – основа на *-a-*);

– од II група, на пр. ищеꙁаѭ, ищеꙁаѥши, ищеꙁати : ищеꙁнѫ, ищеꙁнеши, ищеꙁнѫти; од III група, на пр. иꙁбиваѭ, иꙁбиваѥши, иꙁбивати : иꙁбиѭ,

ИЗБИЄШИ, ИЗБИТИ (1. подгрупа – основа на *-a-*; од основите на *-ě-* нема итеративни изведенки);

– од IV група, на пр. ОСТАВЛАЊЖ, ОСТАВЛАЈЄШИ, ОСТАВЛЯТИ : ОСТАВЛЇЖ, ОСТАВИШИ, ОСТАВИТИ (1. подгрупа – основа на *-i-*).

Според моделот на 2. подгрупа се менуваат глаголите изведени со суфиксот *-u-je-* (во инфинитивот *-ov-a-*) од глаголите:

– од II група, пр. МИНОУЊЖ, МИНОУЄШИ, МИНОВАТИ : МИНЇЖ, МИНЄШИ, МИНѢТИ;

– од III група, на пр. СЪВѦЗОУЊЖ, СЪВѦЗОУЄШИ, СЪВѦЗОВАТИ : СЪВѦЖЖ, СЪВѦЖЕШИ, СЪВѦЗАТИ;

– од IV група, на пр. ПРѢМѢНОУЊЖ, ПРѢМѢНОУЄШИ, ПРѢМѢНОВАТИ : ПРѢМѢНЇЖ, ПРѢМѢНИШИ, ПРѢМѢНИТИ (Слоњски 1950: 102-103).

Сложениот суфикс *-a-je-* служи исто така за образување одименски глаголи, како на пр. ДѢЛАЊЖ, ДѢЛАЄШИ, ДѢЛАТИ : ДѢЛО; ОТЪВѢЩАЊЖ, ОТЪВѢЩАЄШИ, ОТЪВѢЩАТИ : ОТЪВѢТЪ ´одговор`; слично *-u-je-*: ВѢРОУЊЖ, ВѢРОУЄШИ, ВѢРОВАТИ : ВѢРА; РАДОУЊЖ, РАДОУЄШИ, РАДОВАТИ : РАДЪ, РАДА, РАДО. Пренесувањето на еден парадигматски модел, кој е сврзан со извесна морфемска структура, кај еден друг вид зборови или зборови од истиот вид, но со друга морфемска структура, доведува до третирање на сложените суфикси како на прости суфикси (понекогаш со две варијанти): *-a-je-* → *-aje-*; *-u-je-* → *-uje-* и *-ov-a*→ *-ova*. Вториот од овие суфикси има, всушност, слична структура со првиот: *-u-je-* < *-o̯u̯-je-* (пред согласка), *-ov-a* < *-o̯u̯-a* (пред самогласка), спор. *-a-je-* < *-a-je-* и *-a-Ø-*. Првиот, меѓутоа, во својата двосложна структура е останат само во (северо-)источнословенските јазици, додека во другите јазици се има извршено контракција, за што сведочи (во некои јазици) должината на суфиксната самогласка *a*, скратена подоцна во останатите јазици. Спор. ги следниве примери: ст.-сл. СЪБИРАЄТЪ, укр. *збирає*, рус. *собирает*, белорус. *збірае*, но пол. *zbiera*, д.-луж.-срп. *z(e)běra*, г.-луж.-срп. *zběra*, чеш. *sbírá*, словачки *zbiera*, словен. *zbíra*, хрв. *sàbīrē* и постара форма *sàbīrā*, срп. *càбӣрā*, мак. *собира*, буг. *събира*.

Во презентот основните глаголи и нивните деривати пред наставката за лице и број имаат исти или различни флексивни форманти, спор.: СЪБИРАЄ-ТЪ, ИЗБИВАЄ-ТЪ, ОСТАВЛЯЄ-ТЪ:

СЪБЕРЄ-ТЪ, ИЗБИЄ-ТЪ, ОСТАВИ-ТЪ; МИНОУЄ-ТЪ, СЪВѦЗОУЄ-ТЪ, ПРѢМѢНОУЄ-ТЪ, МИНЄ-ТЪ : СЪВѦЖЕ-ТЪ, ПРѢМѢНИ-ТЪ. Сето тоа довело до создавање и

ширење на нови форманти со кои се создавале сè понови суфиксни средства за образување нови вторични несвршени глаголи.

Најстариот начин на образување на несвршени глаголи бил всушност, парадигматска деривација. Таа се состои во тоа што несвршениот глагол преминува во третата група со тематскиот суфикс *-а-* (секогаш по согласка) во сите форми, а во презентот го прима уште и суфиксот *-je-*, и со тоа се менува како првобитните глаголи од III група, 2. подгрупа, за што сведочи старословенскиот јазик, на пр. (поущтѫ, поустиши) поустити → (поущаѭ, поущаѥши) поущати. Кај повеќето глаголи коренскиот вокал во презентот се одолжувал, како на пр. *о* → *ō* > *а* во прогонити → проганѩти (Старословенски речник III 1982). Формантот *-а-* е веројатно истиот суфикс *-а-* што подоцна се јавува во основите на III глаголска група, 1. подгрупа (без тематскиот суфикс за инфинитивот) како ст.-сл. събирати (събираѭ, събираѥши) и во инфинитивот на глаголите од I група, 2. подгрупа како бьрати (берѫ, берєши), како и од III група, 2. подгрупа како вѣѩти (вѣѭ, вѣѥши) – сроден со старите претеритни основи каде што eH_2 > *ā* (Добрев 1982: 66, 79, спор. Беднарчук 1986 : 31). Разликата меѓу еднократните и повеќекратните глаголи од овој тип во основите за инфинитивот и за минатите времиња се состои првобитно не во нивната зборообразувачка структура, туку во морфонолошката квантитативна алтернација во коренот, спор. (иꙁ)бьрати : иꙁбирати шь : и < *i* : *īḱ*.

Новите форманти настанале во врска со фонетскиот развој на основите што содржеле индоевропски дифтонзи, а имено на границата меѓу коренот и суфиксот *-а-*.

1. **-pei̯-ā-* > **-pī-ā-* > **-pī-i̯ā-* > **-pī-jā-* > *-pi-ja-*: испити : испиѩти, срп. *испијати*, пол. *wypijać*, но рус. *испивать*, мак. *испива*,

2. **-poi̯-ā-* > **-pē-ā-* > **-pē-i̯ā-* > **-pě-jā-*: отъпѣти : отъпѣвати, срп. *певати*, *отпејати*, пол. *śpiewać* (но за петелот: kogut *piał* од **pějālъ*), рус.*отпевать*, мак. *испева*,

3. **-peu̯-ā-* > **-p'ou̯-u̯ā-* > ‖ *-p'ou̯-i̯ā-* > **-p'ō-u̯ā-* ‖ **-p'ō-i̯ā-* > **-p'ū-u̯ā-* ‖ *- p'ū-i̯ā-* > **-pl'ū-vā-* ‖ **-pl'ū-jā-* > *-pl' uva-* ‖ *-pl' uja-*: плюти : исплювати, срп. *испљувати*, пол. *wypluwać*, рус. *выплевать*, мак. *исплука*,

4. **-kou̯p-ou̯-ā-* > **-kōp-ou̯-ā-* > **-kōp-ov-ā-* > **-kup-ov-a-*: коупити : коуповати, срп. *куповати*, пол. *kupować*, рус. *покупать*, мак. *купува*,

5. **-krū-a-* > **-krū-u̯-a-* > *-kry-va-*: покрыти : покрывати, срп. *покривати*, пол. *pokrywać*, рус. *покрывать*, мак. *покрива*,

6. **-si̯ū-ā-* > **-šū-ā-* > **-šū-u̯ā-* >**-šī-u̯-ā-* > *-šiva-*: шити : шивати, срп. *сашивати*, пол. *zszywać*, рус. *сшивать*, мак. *сошива*.

Во наведените примери во првите три групи во некои од современите јазици, се јавуваат различни суфикси: *-ja-* или *-va-*. Во 1. група двата елемента на првобитниот дифтонг се еднородни, т. е. предни, затоа првобитниот суфикс е *-ja-*. Во 2. и 3. група елементите на дифтонгот (*-oi̯-* и *-eu̯-*) се различни, т.е. предни и задни, па затоа и суфиксите од самиот почеток може да бидат различни: *-ja-* и *-va-*. Меѓутоа, во 4. група двата елемента на првобитниот дифтонг се еднородни, само задни, па затоа суфиксот има облик *-ou̯-ā-* (во современите јазици *-ova-*), исто како и во групите 5. и 6. каде што *-va-* се јавува по првобитната задна самогласка *ū*. Причини за ова мешање на суфиксите по сè изгледа има повеќе: 1. Во сите словенски јазици во основите за сегашно време првобитно имало само еден суфикс кој почнува со *j* (*-je-*); 2. Во еден дел од севернословенските јазици (долнолужичкиот, полскиот, белорускиот и рускиот) самогласката *i* по затврднатите согласки (различни во секој од нив) преминала во *y*, со што се создала можност за аналогни влијанија на 5. група глаголи (од типот на основите како пол. *pokrywać*) врз 6. група (пол. *zszywać*); 3. Во украинскиот јазик секое *i* > *y*, што исто така можело до доведе до некои аналогни замени; 4. Обратно, во јужнословенските јазици секое *y* > *i*, спор. ја заменатата во мак. *испива* наспрема ст.-сл. испити; 5. Обопштувањето на *-ува-* (или *-уе-*) во македонските говори можело исто така да повлијае врз мешањето на суфиксите *-ва-* и *-ја-*. Сепак, проблемот бара поопсежно истражување врз поголем материјал од сите словенски јазици, и тоа пред сè во дијахрониски аспект.

Како што видовме, суфиксот *-ва-* е настанат од *-а-* со претходното протетично *u̯*. Имено, суфиксот *-а-* во изведенките чиј корен завршува на пие. *-u-* и *ū* (*-u-* > *й*, ст.-сл. ъ; *ū* > *у*, ст.-сл. ы), а исто така и пред дифтонзите со *u*: (*eu̯* > *'u*, ст.-сл. ю, како и *ou̯* > *u*, ст.-сл. оу, на пр. **krū-* > **kry-*, **tū-* > **ty-*, ст.-сл. крытн, мытн) се проширува во *-ва-*. Овие глаголи кои – како коренски основи – беа вклучени во III глаголска група и – како и сите други глаголи од оваа група – проширени во презентот со суфиксот *-je-* / *-jo-*, ст.-сл. 1. едн. крыѭ, мыѭ, 2. едн. крыѥшн, мыѥшн. Облиците на коренитe како кры-, мы- биле пренесени во презентските форми од инфинитивните основи. Но во рускиот јазик имаме досега: *крою*, *мою* и *кроешь*, *моешь* каде што *о* < *ъ* < **й*, но во инфинитивот: *крыть*, *мыть* со *у* < **ū*. Додавањето на суфиксот непосредно до коренитe како кры- во прасловенскиот јазик било невозможно поради новата структура на слогот. Имено, слоговите се отворени од една страна, а од друга страна редуцирани биле комплицираните консонантски групи како и споеви од вокали (Пјанка 2000: 123-148). За да се избегне последното, се појавуваат протетични глајдови, а поточно – пред или по

задните самогласки – глајдот *u̯*: **-krū-u̯-a-* > **-kry-va-*, **-mū-u̯-a-* > **-my-va-*, спор. ст.-сл. покрыватн, оумыватн : покрытн,оумытн, од каде што суфиксот *-ва-* се пренесува кај глаголите чии основи завршуваат со други самогласки. Тематското *-i-* (во IV група, 1. подгрупа) пред вокалниот суфикс *-a-* преминува во *j* кое ја смекнува претходната согласка (на пр. *-n-i-a-* > *-nja-* > *-ńa-*). Во македонскиот јазик во повеќето говори меките согласки затврднале, па затоа таквите глаголи преминале во друг тип, спор. срп. *мења* и мак. *мења* → *мењава* → *менува*.

Посебен начин на образување основи на итеративните глаголи било менувањето на апофонскиот степен (*ē* : *e* : ^{e} : *ø* : ^{o} : *o* : *ō*) во коренската морфема кај некои глаголи:

1. *e* → ^{e} → *ĭ* → *ь* → *ь̯* / *ь̥* (подоцна: *ь̯* > *ø*; *ь̥* > *e* – во сите словенски јазици освен во југозападните, > *a* – во штокавските јазици, > [*ə*, *a*] <*e*, *a*> – во словенечкиот јазик).

2. *o* → ^{o} → *ŭ* → *ъ* → *ъ̯*/*ъ̥* (подоцна: *ъ̯* > *ø*; *ъ̥* > *o* во источнословенските и во македонскиот јазик, > [*ə*] <*ъ*> – во бугарскиот јазик, > *a* – во штокавските јазици, > [*ə*, *a*] <*e*, *a*>, > *e* – во западнословенските јазици.

3. *e* → *ē* → *ě* (подоцна: > *e* – во македонскиот, српскиот, рускиот, белорускиот, > *ije* / *je* (*e*, *i*) – во хрватскиот, босанскиот, црногорскиот и српскиот, > *i* – во украинскиот, > [*é*] – во словенечкиот <*e*> и во лужичко-српските <*ě*> јазици).

4. *o* → *ō* → *a* (во сите словенски јазици).

Во македонскиот јазик кај итеративните глаголи се јавуваат следниве алтернации: *e* : *u*, (*збере* : *збира*), *ø* : *u* (*умре* : *умира*) и други; некои од нив – познати во македонските говори (*отвори* → *отвара*, *земе* → *зима*) – не се влезени во литературниот јазик. По овој принцип изведени се македонските несвршени глаголи од глаголите што ѝ припаѓаат на I група: *збере* → *збира*, *умре* → *умира*, *запре* → *запира*, *извре* → *извира*, на II група: *начне* → *начина*, *препне* → *препина* и на III група: *постеле* → *постила*, но во IV група нема промена на коренскиот вокал: *пушти* → *пушта*, *спреми* → *спрема*, *прими* → *прима*, *отвори* → *отвора*, *остави* → *остава*, *поправи* → *поправа*, *фрли* → *фрла*, *фати* – *фаќа* и ред други (Конески 1967: 388), но сепак *уǫри* → *уǫира*. Овој тип деривати сè уште е познат во сите современи словенски јазици.

На околу 10 илјади глаголи што завршуваат на *-a*, регистрирани во обратниот речник на македонскиот јазик (Миличиќ 1967), на одделните зборообразувачки форманти им припаѓаат приближно: *-ува* 7700, *-ва* 300, *-ива* 200, *-ава* 150, *-ева* 130. Макар што меѓу прво- и второпласираниот суфикс има голема диспропорција; во формалните дублети најчесто се јавуваат токму паровите *-ува* / *-ва*. Во одделни словенски јазици дериватите со суфиксот *-ва-* се јавуваат пред сè кај итеративните глаголски де-

ривати образувани од глаголите што ѝ припаѓаат на III група во старословенскиот јазик, иако има и такви што им одговараат на I и на IV група, а се појавуваат и одделни глаголи што им одговараат на глаголите од I и од V група.

Меѓу дериватите на *-ва* во тритомниот речник (PMJ 1961-1967) има група лексеми поврзани со извесни полиња кои се пофреквентни во дијалектната лексика (или прво определени како дијалектизми, односно зборови земени од народната поезија) или пак од антропоетничкиот лексички слој, поврзан со народните обичаи и обреди, а и со духовноста на православната црква, во чиј јазик и досега се среќаваа архаични црковнословенски зборови и форми, почести отколку во општиот јазик. Тука спаѓаат, меѓу другите, следниве глаголи: 1. *превртка́ва* (dijal.), v. превртува; *сонева* (dijal.), v. сонува; *наоѓава* (dijal.), v. наоѓа; *ценьава* (dijal.), v. ценува; *обичава* (nar. poez.); *разнава* (nar. poez.), v. узнава; *извава* v. извадува; *такшава* (= таксува се) од такса се; 2. *освештава* (knjiž.); *свеќава*; *благошава* (arh.) v. благословува; *блошава* (razg.) v. благословува; *обожава*; *крштава*; *венчава*; *строева* v. стројува (уплавува веридба); *виѓава* (се) v. видува (се); *гоштава*; *грешава*; *разрешава*; *прошта́ва*; *завештава*; 3. *забава* од забави; *гоѓава* v. годува; *смеќава ipf* од смете *pf*; *заборава*; *претрава ipf* (и *претрајува*), v. премолчува; *недоумева*; *заседава*. Кај овие типови лексика одделните основи се спојуваат со мал број префикси (најмногу до пет), а некои се само беспрефиксни.

Од структурна гледна точка тука може да се изделат повеќе групи:

1. Формант ***-ва-***:

1.1. Глаголи изведени од основи на *-а-*:

1.1.1. Имперфективни глаголи изведени од имперфективни глаголи:

обичава ipf; спор. буг. *обичам* ipf,

1.1.2. Имперфективни глаголи изведени од перфективни глаголи:

венчава ipf од *венча* pf; спор. рус. *веньчавать* ipf, буг. *венчавам* ipf од *венчая* pf, срп. *венчавати* ipf од *венчати* ipf / pf, пол. *zwieńczać* ipf, *wieńczyć* ipf; спор. ст.сл. вѣньчатн ipf / pf;

освештава ipf од *освешта* pf, спор. *освештува* ipf од *освети* pf; спор. рус. *освящать*, буг. *осветявам* / *освещавам*, срп. *освећивати* / *освећивати* / *освештавати* (црк.) ipf од *освештати* pf, пол. *oświecać* ipf; спор. ст.сл. освѣщатн,

1.2. Глаголи изведени од основи на *-и-*:

1.2.1. Имперфективни глаголи изведени од имперфективни глаголи:

наоѓава ipf в. *наоѓа* ipf; спор. белор. *пахаджаць* ipf, буг. *находя се* ipf (refl.), срп. рег. *нахађати* ipf,

свеќава ipf од *свети* ipf (за обред); спор. рус. *освящать*, буг. *освещавам* ipf од *осветя*, срп. *освештавати* од *освештати / осветити* pf, пол. *poświęcać*; спор. ст.сл. свѧщати;

1.2.2. Имперфективни глаголи изведени од перфективни глаголи:

виѓава ipf од *види* pf, спор. *виѓа* ipf, в. *видува*; спор. буг. *виждам* ipf, срп. *виђевати* и *виђати* ipf, рус. *завидовать* ipf; спор. ст.сл. видовати,

ѓоѓава ipf од *ѓоди* pf, в. *ѓодува* ipf; спор. рус. *угождать* ipf, буг. *ѓодявам* ipf од *ѓодя* pf, срп. *поѓађати* ipf од *поѓодити*, пол. *dogadzać* ipf, спор. ст.сл. годовати,

ѓрешава ipf од *ѓреши* pf; спор. рус. *согрешать*, буг. *съгрешавам*, срп. *саѓрешивати*, пол. *rozgrzeszać* ipf, спор. ст.сл. съгрѣшати,

завештава ipf од *завешта* pf; спор. *завешува* ipf од *завети* pf; спор. рус. *завещать* ipf / pf; буг. *завещавам*, срп. *завештавати* ipf од *завештати* pf, спор. ст.сл. ꙁавѣщати,

преврќава ipf в. *превртува* ipf, од *преврти* pf; спор. буг. *превръщам*, срп. *преврћати*, пол. *przewiercać* ipf,

прештава ipf од *прости* pf; спор. рус. *прощать*, буг. *прощавам*, срп. *проштавати* ipf, спор. ст.сл. пращати,

разрешава impf од *разреши* pf; спор. рус. *разрешать*, буг. *разрешвам*, срп. *разрешавати / разрешивати* ipf, спор. ст.сл. раꙁдрѣшати,

строева ipf од *строи* pf, в. *стројува*; спор. буг. *строявам* ipf од *строя* pf,

цењава ipf в. *ценува* impf (ʹпазарува`) од *цени* pf; спор. рус. *оценивать* ipf, буг. *оценявам* ipf од *оценя* pf, срп. *оцењивати*, пол. *oceniać* ipf;

1.2.3. Имперфективни глаголи изведени од двовидски глаголи:

ѓоштава ipf од *ѓости* ipf / pf; спор. рус. *игощать* ipf, буг. *гощавам* и *угощавам* ipf од *гостя* pf, срп. *ѓостовати* и *уѓошћавати*, пол. *gościć* и *ugaszczać* ipf,

кроштава impf од *крсти* ipf / pf; спор. рус. *крещать*, буг. *кръщавам* ipf, срп. *кршћавати* и *кроштавати* ipf од *крстити* pf, спор. ст.сл. крьщати;

1.3. Глаголи изведени од основи на *-е-*:

1.3.1. Имперфективни глаголи изведени од перфективни глаголи:

смеќава ipf од *смете* pf (ʹзбуни`); спор. буг. *сметам*, срп. *сметати* ipf;

2. Формант *-а-*:

2.2. Глаголи изведени од основи на *-и-*:

2.2.1. Имперфективни глаголи изведени од имперфективни глаголи:

сонева ipf в. *сонува* ipf; спор. рус. *снится*, буг. *сънувам*, срп. *сањати* ipf,

2.2.2. Имперфективни глаголи изведени од перфективни глаголи:

забава ipf од *забави* (за време) pf; спор. рус. *забавлять*, буг. *забавям*, срп. *забављати* ipf,

заборава ipf од *заборави* pf; спор. буг. *забравям*, срп. *заборављати* ipf,

заседава ipf, од *засѳди се* pf; спор. рус. *засѳдать*, буг. *засѳдавам*, срп. *засѳдати / засѳдавати*, спор. ст.сл. ꙁасѣдѣтн,

обожава / (ретко) *обожува* ipf; спор. рус. *обожать* ipf од *обожить* pf, буг. *обожавам* ipf, срп. *обожавати* ipf од *обожити* pf;

2.3. Глаголи изведени од основи на *-е-*:

недоумева ipf; спор. рус. *недоумевать*, буг. *недоумявам* ipf; спор. ст.сл. недооумѣтн, -иеж ipf,

претрава ipf (и *претрајува*) од *претрави* pf (ʻпремолчувaʼ); спор. буг. *претрайвам*, срп. *претрајавати* ipf,

разнава ipf < **раззнава* ipf (ʻузнаваʼ); спор. срп. *разнавати* (*се*) ipf, од *разнавати* (*се*) pf, пол. *rozeznawać się* ipf.

Со поголем број префикси се спојува сосема мал број несвршени глаголи на *-ва-*. Тоа се следниве деривати (во заграда се дава еден од префиксите, а на крајот општиот број на префиксите) со основи од III (ст.-сл.) глаголска група: (пре)*бива* 26, (за)*крива* 26, (за)*грева* 22, (за)*сева* 18, (за)*лева* 16, (за)*пева* 14, (ис)*пива* 14, (за)*шива* 14, (пре)*лива* 13, (за)*вива* 13, (по)*знава* 13, (пре)*плива* 12, (ис)*трива* 11, (за)*спива* 10, (за)*вева* 9, (пре)*гнива* 8, (о)*жнива* (в. (о)*жнева* 5) 8, (из)*мива* 8, (на)*смева* 8, (зо)*врива* 7, (за)*дева* 6, (о)*жнева* 5; и од IV (ст.-сл.) глаголска група: (на)*права* 20, (пот)*сеќава* 6.

Сепак, поголемиот дел на несвршените глаголи со суфиксот *-ва-* го сочинуваат глаголите со висока фреквенција во јазикот, стилистички неутрални, кои образуваат зборообразувачки гнезда со повеќе префикси. Кај нив е уочлива тенденцијата суфиксот *-ва-* (слично и *-а-* по коренското *~в-*) да се заменува со *-ува-*, особено во разговорниот јазик, што е општолингвистичко правило дека елементите кои се особено чести во јазикот ги потиснуваат елементите со ниска фреквенција.

Ширењето на формантот *-va-/-va-je-*, кој е настанат – по пат на фонолошки процеси – од првобитниот суфикс *-а-*, во спој со претходниот глајд *у* како дел од дифтонгот во коренот или како протеза во спој на суфиксното *-а-* по задна самогласка, беше продолжено со аналогни процеси кај споевите со нееднородните (задни и предни) фонолошки елементи на морфолошкиот јазел, од кои првобитна беше конкуренцијата на суфиксите *-va-/-va-je-* и *-ja-/-ja-je-* кај истите посебни глаголи или зборообразувачки типови, што ги издиференцира словенските јазици. Освен тоа, за образување итеративи служел суфиксот *-ova-/-uje-*. Дериватите образувани со овие суфикси спаѓаат во 3. глаголска група. Суфиксите

-va-/-va-je-, *-a-/-ja-je-* претрпеле фонетски промени: во западно- и во јужнословенските јазици: *-va-/-va-je-*, *-a-/-ja-je-* > *-va-/-vā-*, *-a-/-jā-*, а во некои, како во македонскиот: > *-va-/-va-*, *-a-/-a*: на пр. мак. (ти) *решаваш* : (ти) *решаваше* како (ти) *разрешаваш* : (ти) *разрешаваше*, но рус. (ты) *решаешь* : (ты) *решал* како (ты) *разрешаешь* : (ты) *разрешал*, спор. ст.-сл. (ты) рѣшаѥши : (ты) рѣшалъ како (ты) разрѣшаѥши : / (ты) разрѣшалъ. Кај глаголите како мак. *освештава* ipf од *освешта* pf (ст.-сл. освѣщаѭ, освѣщаѥши, освѣщати ipf од освѣщѫ, освѣтиши, освѣтити pf) по извршувањето на контракцијата а пред додавањето на суфиксот *-ва-* се појавиле многу хомонимни форми, како аористот од ipf освѣщати : освѣщаⷯъ и имперфектот од pf освѣтити : освѣщаⷯъ < освѣщаашъ.

Кај еден дел од тие глаголи се појавил суфиксот *-va-* за имперфективизација: *освештава* ipf : *освешта* pf, спор. ст.-сл. освѣщаѵати ipf (само во Codex Suprasliensis) и освѣщати ipf (честа форма), додека некои други прво станале двовидски (вѣньчаѭ, вѣньчаѥши, вѣньчати ipf / pf), а потоа разделни во поглед на видот: мак. *венчава* ipf : *венча* pf, буг. *венчавам* ipf : *венчая* pf, но срп. *венчавати* ipf : *венчати* ipf / pf во една постара состојба. Понатамошен чекор во развојот на овој суфикс е неговото навлегување во други групи, а особено во IV група: *проштава* ipf : *прости* pf (спор. ст.сл. прашати ipf: простити pf). Додека суфиксот *-va-* следува по суфиксот *-a-*, суфиксот *-i-* е загубен во дериватите од оваа група во согласност со фонолошкиот процес на преминување на самогласката *i* пред друга самогласка во *j* и губењето на тоа *j* по извршувањето на јотацијата на претходната согласка (или консонантска група), на пр. *~st-i-a-va-* > *~st-j-a-va-* > *~ šť-a-va-* > *~ št-a-va-*. Во *-e*-групата суфиксот *-e-* < *-je-* се губи потполно пред додадениот формант *-va-*, спор. *познава* ipf : *познае* ipf < *позна-je-* ipf.

Првобитната форма на македонскиот суфикс *-ува-* била иста како во повеќето современи словенски јазици и во старословенскиот, т.е.*-ује-* во основите за сегашно време и *-ова-* во основите за минато време. Неговото едначење во македонските говори се должи на тоа што сите други суфикси сложени со *-ва-* имаат само еден облик (*-ава-*, *-ива-*, *-ева-*). Едначењето во *-уе-* (во велешкиот говор) е настанато според глаголската *-е-* група во презентот која, како единствена, го има овој суфикс во сите конјугациски форми. Освен во македонскиот, суфиксот *-ува-* е исто така доста чест во украинскиот јазик. Слично како во македонскиот, тој е настанат од формата *-ова-* под влијание на паралелната форма *-уєкоја* се употребува сега во украинскиот во презентот. Сепак, меѓу украинскиот јазик и македонскиот постојат, во овој поглед, две разлики: 1. Украинскиот суфикс не е во толкав степен граматикализиран, бидејќи во него старите суфикси се добро зачувани; 2. Обликот *-ува-* се јавува

само во инфинитивот и во формите за минато време, вклучувајќи ја глаголската пасивна придавка, на пр. *випцсувати*; він *випцсував*, вона *випцсувала*; *випцсуван* : *виписати*; він *виписав*, вона *виписала*; *випцсуван*, но во сегашно време зачувани се старите форми: *випсую*, *випцсуєш*, *випсує* : *випишу*, *випишеш*, *випише* (Украински речник 1975). Во македонските дијалекти истиот процес продолжил со изедначување на двете варијанти на прасловенскиот суфикс на два начина: 1. *-уе-* / *-ува-* → *-уе-* (во велешкиот говор), 2. *-уе-* / *-ува-* → *-ува-* (во прилепскиот говор), од кои првата беше примена во литературниот јазик во 1945 година, и заменета со втората во 1950 година.

Во белорускиот обратен речник, во кој има над 100 илјади зборови, нема ниеден збор со суфиксот *-ува-*. Меѓутоа во тој јазик нему му одговара суфиксот *-ва-* по согласка: *выпісваць*; ён *выпісваў*, яна *выпісвала*; *выпісаць*; (ён) *выпісваў*, (яна) *выпісвала*; *выпісан*, но и тука во сегашно време се зачувани старите форми: *выпісую*, *выпісуеш*, *выпісуе* : *выпішу*, *выпішеш*, *выпіше* (Бартошевич, Коменданцка 1988-1989). Примерите со глајдовите покажуваат како настанале таквите деривати: *ў*: *разраўнаўваць*, *вымудраўваць* – *разрамнува*, *измудрува*; *насейваць*, *дакройваць* – *насејува*, *докројува*. Се работи тука за напластување на два суфикса: (**roz-roj-in-oj[a]-a-tej* > **roz-roj-ьn-oj-va-ti* >) *раз-раўн-оў-ва-ць* 'раз-рамнува', (**vy-mądr-oj[a]-a-tej* > **vy-mądr-oj-va-ti*) *вы-мудр-оў-ва-ць* 'измудрува': (**na-sē-j[a]-ja-tej* > **na-sēj-va-ti* >) *на-сей-ва-ць* 'насејува', (*do-kroj [a]-ja-tej* > *do-krojva-ti*) *да-крой-ва-ць* 'докројува'. Овие реконструкции на глаголите кои пред суфиксот *-ва-* имаат глајдови *ў* и *й* докажуваат дека во белорускиот јазик врз првобитните имперфективно-итеративни суфикси *-ја-* и *-оја-* се напластил суфиксот - *va-*, со тоа што самогласката *а* (односно суфиксот *-а-*како дел од овие сложени форманти) отпаднала од фонолошки причини. Имено, во овој јазик двојни самогласки се јавуваат исклучиво на живи морфемски граници. Бидејќи глајдовите, кои фонетски се вокали, во морфонологијата и во фонологијата на словенските јазици имаат статус на консонанти, оваа структура на итеративните глаголи можела да биде пренесена на сонантите и на консонантите (*абломваць*, *абманваць*; *выпісваць*) и да стане типична за белорускиот јазик. Веројатно такво (иако можеби и постаро) било и настанувањето на бугарските имперфективи од типот *помилвам*, *заприказвам*. Во македонските говори веројатно овие морфофонолошки структури не биле толерирани, затоа имаме само траги од нив (спор. подолу).

Употребата на суфиксот *-ва-* по согласка во бугарскиот јазик не е системска, а и нејзината дистрибуција не е сосем јасна: „Изборът на наставката се определя от принадлежността към определено спрежение и разред. При някои разреди имперфективизацията се съпровожда от звукови промени в корена на глагола. [...] чрез наставки за имперфективизация

се образуват вторични несвршени форми. Изключение в това отношение правят свршените основи, в чийто състав има словообразователна или видообразуваща наставка, съдържаща звук *в*, особено ако той е след съгласна, на пр.: *продиктувам*, *подействувам*, *помилвам*, *заприказвам*, *извоювам*, *съгласувам*." (Граматика на българският език 1983: 264-265).

За се објасни појавувањето/настанувањето на ваквите форми може да ни помогне еден македонски глагол. Имено, во македонскиот јазик покрај несвршениот еднократен глагол *кладе* постои и итеративен глагол *клава*. Вториот го нема во бугарскиот: *клада* гл. нсв. Тя не умее да *кладе* огън. (Андрејчин 1976) и во српскот јазик: *класти*, *кладем* сврш. и несврш., заст. и покр. (Матица српска, Матица хрватска 1967 II). Тој не постои, исто така, ни во хрватскиот. Меѓутоа, во белорускиот јазик итеративната основа *-кладваць* се јавува во 30 деривати со прости и со сложени префикси, на пр. *накладваць* (Бартошевич, Коменданцка 1988-1989), додека во рускиот има 17 деривати, но со основата *-кладываць*, на пр. *накладываць* (Зализњак 1977); слично, во долнолужичко-српскиот (*nakładowaś* – Клос, Жимска, Шјатковска 1988), горнолужичко-српскиот (*nakładować* – Јакубаш 1954), но исто така и со простиот суфикс *-а-* во словенечкиот јазик (*nakládati*), како и во чешкиот (*nakládati* [совр. *nakládat*] – Славичкова 1975), во словачкиот (*nakladať* – Мистрик 1976) и во полскиот (*nakładać* – Гжегорчикова, Пузинина 1973), слично како во старословенскиот јазик: *накладати* (Старословенски речник 1966-1997).

Во тритомниот речник на македонскиот јазик наоѓаме и еден друг таков глагол, *извава*, со испраќање кон почестата форма (v. *изваду́ва*). Најверојатно, тој е настанат од формата **изваду́ва*, слично како *клава* од **кладва*.

* *
*

Многу е веројатно дека во почетокот на развојот на итеративната деривација можат да се изделат неколку фази:

1. Додавање на суфиксот *-а-* кај коренските основи кај групата I 1., II со консонантски корени, како и кај IV 1. со суфиксот *-i-* (*-i-a* > *-ja-* > '*-a-*);

2. Додавање на суфиксот *-а-* кај коренските основи кај групата III 1. – без суфикс – со коренитe кои во индоевропскиот јазик завршувале на глајдови или и-е. сонанти *u* и *i* – што довело до проширување на суфиксот *-а-* во *-ja-* и *-va-*;

3. Проширување на употребата на суфиксот *-uje-* / *-ova-*;

4. Проширување на суфиксот *-va-* во *-iva-* и *-ĕva-* по пат на апсорпција на конјугациските суфикси (од IV група) или коренски завршоци (*-iva-* и *-yva*);

5. Изедначување на суфиксите *-iva-* и *-yva-* во јужнословенските јазици во врска со фонетската промена *y* > *i*;

6. Ширење на суфиксот *-va-* по коренските консонантски основи по аналогија на *-ja-* (> *-a-*), што е останато во белорускиот и во бугарскиот јазик (посебен е случајот во македонскиот: има упростување на консонантската група во **клаꙗва* > *клава*, **изваꙗва* > *извава*);

7. Заемни влијанија на двете форми на суфиксот *-uje-* / *-ova-* во македонскиот и делумно во украинскиот јазик.

Литература:

Андрејчин 1976: Любен Андрейчин и др., *Български тълковен речник*, София.

Бартошевич, Коменданцка 1988-1989: Albert Bartoszewicz, Irena Komendancka, *Słownik a tergo współczesnego języka białoruskiego*, Warszawa.

Беднарчук 1986: Leszek Bednarczuk, *Wprowadzenie*, [во:] ред. Leszek Bednarczuk, Języki indoeuropejskie, т. I, Warszawa.

Бориш 2005: Wiesław Boryś, *Słownik etymologiczny języka polskiego*, Kraków.

Галтон 1983: Херберт Галтон, *Основното и хипотетичното значење на македонското минато несвршено определено време*, [во:] Македонски јазик 34, 135-142.

Граматика на български език 1983: ред. Стоян Стойков, *Граматика на съвременния български език*, т. II, София.

Гжегорчикова, Пузинина 1973: Renata Grzegorczykowa, Jadwiga Puzynina, *Indeks a tergo do Słownika języka polskiego pod redakcją Witolda Doroszewskiego*, Warszawa.

Добрев 1982: Иван Добрев, *Старобългарска граматика. Теория на основите*, София.

Зализњак 1977: А. А. Зализняк, *Грамматический словарь русского языка*, Москва.

Јакубаш 1954, Filip Jakubaš, *Hornjoserbsko-němski słownik*, Budyšin / Bautzen.

Клос, Жимска, Шјатковска 1988, Zdzisław Kłos, Dorota Rzymska, Ewa Siatkowska, *Indeks a tergo do dolnołużyckiego słownika Arnošta Muki*, Warszawa.

Конески 1967, Блаже Конески, *Граматика на македонскиот литературен јазик*, дел I и II, Скопје.

Матица српска, Матица хрватска 1967, *Речник српскохрватскога књижевног језика*, Нови Сад, Загреб.

Миличиќ 1967: Владимир Миличиќ, *Обратен речник на македонскиот јазик*, Скопје.

Мистрик 1976: Jozef Mistrík, *Retrográdny slovník slovenčiny*, Bratislava.

Мургоски 2005: Зозе Мургоски, *Речник на македонскиот јазик*, Скопје.

Пјанка 2000: Włodzimierz Pianka, *Gramatyka konfrontatywna języków słowiańskich z komentarzami historycznymi* (25-306) – како 1. том на трудот: Włodzimierz Pianka, Emil Tokarz, Gramatyka konfrontatywna języków słowiańskich, т. I., Katowice.

РМЈ 1961-1967, ред. Блаже Конески, *Речник на македонскиот јазик*, т. I-III, Скопје.

Славичкова 1975: Eleonora Slavíčková, *Retrográdní morfematický slovník češtiny*, Praha

Слоњски 1950: Stanisław Słoński, *Gramatyka języka starosłowiańskiego* (*starobułgarskiego*), Warszawa.

Старословенски речник 1966-1997: гл. ред. Josef Kurz, Zoe Hauptová, *Slovník jazyka staroslověnského*, т. I- IV, Praha.

Украински речник 1975: ред. Л.С. Паламарчук, Л.Г. Скрипник, *Українсько-російський словник*, Київ.

Наталија Прасолова

СЕМАНТИКА СВЯЗОЧНОГО ГЛАГОЛА „СУМ“ В БИНОМИНАТИВНЫХ ПРЕДЛОЖЕНИЯХ МАКЕДОНСКОГО ЯЗЫКА

В связи с понятием «связка» в мировом языкознании обсуждается значительный круг проблем, среди которых и вопрос о значении связочного глагола, и, соответственно, его возможная роль в формировании семантики предложения. Определение статуса связки, несомненно, зависит от понимания и оценки её роли в предложении. Традиционно связкой считается «незнаменательное или полузнаменательное служебное слово, служебный элемент, основной грамматической функцией которого является указание на предикативные категории». А собственно «связывающей» функции связочного глагола приписывается «сопутствующая» роль, которая, по наблюдениям Зои Новоженовой, может выдвигаться на первый план, в случае если связка оценивается вне категории предикативности [Новоженова 2001: 29].

В македонском языкознании собственно лингвистическое изучение связочного глагола осмысливается, в основном, вместе с понятием составного именного сказуемого. Как отмечают грамматики македонского языка, «связочный глагол *сум* вместе с предикативным определением образуют именное составное сказуемое, в котором глагол выступает в качестве связки, а предикативное определение – именной частью составного сказуемого. В этих случаях предикативное определение может быть выражено прилагательным, причастием, существительным, числительным, местоимением – обычно без членной морфемы, оно согласуется с подлежащим в роде и падеже», напр.: *Тој ми е комшија; Овие деца се мали* и др. [Усикова 2000: 179; Усикова 2003: 254].

В анализируемых биноминативных предложениях (далее БП) именная часть сказуемого представляет собой именную группу, выраженную существительным, словосочетанием с существительным в роли главного слова или местоимением без грамматических признаков подчинения. Для македонского языка, безусловно, термин «биноминативные предложения» применяется условно, поскольку в языке отсутствует система именных падежных окончаний. Данные

конструкции интересны тем, что являются изоморфными: имея одинаковую структуру, они выражают различные семантические отношения. Соответственно, и связочный глагол *сум* в биноминативных предложениях способен выполнять разные семантические задачи.

В монографии Л.Миновой-Ѓурковой отмечено, что, помимо связочного значения (*Тој е ѕобар; Тие беа ѿријатни луѓе* и др.), глаголу *сум* в македонском языке приписывают значение вспомогательного глагола в рамках сложных глагольных времен (*Јас сум ѕошол; Ти беше излеѓол* и др.), а также полнозначного глагола близкого по значению глаголам *изнесува, се наоѓа, ѿреспојува* и др., т.е. глаголам пребывания и перемещения (*Тој е во ѓраѕов; Куманово е на север оѕ Скоѿје* и др.) [Минова-Ѓуркова 1994: 66].

Несомненно, что формы глагола *сум* (и его эквивалентов в других языках) в синтаксическом отношении являются зависимыми от своего обязательного окружения по причине своей семантической неопределенности и абстрактности. Многие лингвисты высказывались об абстрактности глаголов группы *esse; некоторые и вовсе поднимали руки, говоря о невозможности определения их семантики. Так, Д.Лайонз [1978], на материале английского языка, называет глагол *to be* семантически пустым, «фиктивным», который порождается лишь грамматическими правилами языка. Н.Ю.Шведова, рассматривая глагол *быѿь,* именует его «таинственным», приписывает ему особое место в общей системе глаголов и предлагает рассматривать его не как полнозначное слово, а как «полифункциональный дейктический глагол, способный обозначать тот или иной тип сообщения» [Шведова 2001: 6]. В.А.Белошапкова же видит в этом компоненте сказуемого особый неглагольный формант – «служебное слово, имеющее грамматические формы наклонения и времени, подобно глаголу, но не являющееся глаголом, так как оно не обозначает никакого процессуального признака (действия)» [Белошапкова 1977: 89]. Согласно Я.И. Рословцу, «от глагольной семантики в связке *быть* сохранился лишь намек на значение бытия» [Рословец 1970: 304].

В современной русской лингвистике для трактовки семантической функции связок, их смысловой природы важную роль сыграли логико-семантические направления в языкознании, согласно которым, связка представляет собой «конститутивный компонент предложения, в логическом представлении которого она занимает вершинное значение» [Арутюнова 1990: 436]. Связка *сум* признается лингвистами «идеальной» связкой, её оценивают как центр системы связок.

На материале русского языка Ю.Д.Апресян создал «лексикографический портрет» глагола *быть,* классифицировав все его значения. Он выделил шесть крупных групп значений – связочные, локальные, посессивные, экзистенциальные, модально-экзистенциальные,

вспомогательные – и внутри этих групп описал по несколько значений глагола [Апресян 1995].

В связи с рассмотрением глаголов группы *esse часто в лингвистических исследованиях противопоставляются бытийный глагол и связка. Выделение бытийного значения глагола *быть* наряду со связочным имеет достаточно давние и прочные традиции в мировом языкознании. Так, К.В.Чвани предлагает разделить употребления глагола *быть* на два класса – употребление полнозначного глагола *быть* со значением близким к значению квантора существования в логике и употребление *быть* в качестве служебного слова, показателя числа и времени в конструкциях со связкой при именном сказуемом и при сказуемом в страдательном залоге. Определены лингвистические критерии разграничения этих двух значений; см. разбор исследования К.В.Чвани в [Падучева 1977; Арутюнова 1999: 452-461 и др.]. Лингвисты признают, что основным отличием этих значений является то, что в бытийных предложениях существование объекта входит в содержание утверждения (*Зӫесь есть врач*), а связочное *быть* предполагает презумпцию существования объекта (*Врач зӫесь*; *Врач молоӫ*).

Следует отметить, что в македонском языке, «в отличие от русского языка, глагол *сум* и в роли связки, и в роли полнозначного глагола, как правило, не опускается» [Усикова 2003: 244]. К тому же, по наблюдениям Л.Миновой-Ѓурковой [1994: 164] в современном македонском языке с экзистенциальным значением чаще употребляется глагол *има*, чем *сум*: *Има ӫобри луѓе; Немало праваӫа.* Предложения с *сум*-конструкцией выступают в языке в роли периферийной бытийной модели: *Имало еӫен цар / Си бил еӫен цар.*

Таким образом, в современном македонском языке основным является связочное значение, которое, однако, также наполнено разными смыслами, связанными с динамикой формирования мысли.

В македонской лингвистике Л.Минова-Ѓуркова выделяет разные семантические отношения, выражаемые связочным глаголом *сум,* анализируя предикативные ИГ, входящие в состав составного именного сказуемого. Она отмечает следующие семантические отношения с опорой на употребление или отсутствие определенного артикля или других показателей определенности:

–отношения предикации, если предикативная ИГ употребляется без определенного артикля или другого показателя определенности (*Тој е свеќец; Скопје е образовен центар на нашата ӫржава*);

–отношения идентификации, если предикативная ИГ употреблена в определенной форме (*Тој е свеќецот во нашата фамилија; Ти си Марко; Гевгелија е најјужниот ѓраӫ во нашата ӫржава*); глагол *сум* в таких употреблениях функционирует в качестве так называемой эквативной связки;

– отношения частичной идентификации, иллюстрирующие специфичную субъективную неопределенность (*Марко е еден мој другар*) [Минова-Ѓуркова 1994: 125-126; 179].

Разные смыслы связочного значения наиболее отчетливо выявляются при подходе с точки зрения семантического синтаксиса. Уже на данном этапе развития лингвистики есть достаточное количество исследований, классифицирующих разные значения связочного глагола. Чаще всего выделяются «атрибутивные (квалифицирующие), включающие (таксономические), идентифицирующие (отождествляющие) значения, базирующиеся на разных вариантах трактовок семантических отношений между смысловыми компонентами и референциальных особенностях последних» [Иванова 2003: 10].

В русской лингвистике подобная классификация была предложена Н.Д.Арутюновой [1976]. Она строит семантическую классификацию предложений на основе возможных соотношений между предметом, понятием и именем, то есть с учетом направления мысли в пределах «семантического треугольника». Именно замкнутость сторон «семантического треугольника» позволяет сохранить единый уровень абстракции, что, безусловно, играет важную роль при любой классификации. Выделенные Н.Д.Арутюновой логико-семантические структуры представляют собой наиболее общие модели, в которых «мысль формирует смысл». Свойства предложения, на которые опирается Н.Д.Арутюнова при вычленении логико-семантических типов – а именно природа терминов отношений и направление отношения – обусловливают связь логико-синтаксической структуры предложения с референцией входящих в нее имен и коммуникативной перспективой высказывания. Природа терминов отношений обнаруживает себя в референции имени, а направление отношения отражает коммуникативную перспективу предложения. Учет референции имен в составе основных смысловых компонентов предложения определяет то, что именуют «движением мысли».

Итак, Н.Д.Арутюнова считает основополагающими следующие четыре логико-грамматических «начала»:

1) **отношения экзистенции, или бытийности**. Отношения экзистенции соединяют понятие и предмет. Мысль в этом случае движется от понятия к объекту, воплощающему заданную совокупность черт.

2) **отношения идентификации, или тождества**. Отношения идентификации рефлексивны, то есть обращены на один объект. В наиболее ясном случае эти отношения устанавливают тождество объекта (денотата) самому себе (онтологическое тождество). Что касается абстрактных категорий, то проблема их отождествления

осложняется отсутствием у этих сущностей независимого от языкового обозначения бытия.

3) **отношения номинации, или именования**. Отношения номинации соединяют объект и его имя, то есть элемент предметного мира и элемент языкового кода.

4) **отношения характеризации, или предикации в узком смысле этого термина**. В данном случае мыслительный процесс направлен от объекта к его признакам, набору признаков, состоянию, свойствам, действию [Арутюнова 1976: 18-20].

Необходимо также учитывать, что, «хотя те сущности, которыми оперирует человеческое мышление (предмет, понятие, имя) способны быть терминами большего количества логических отношений (таких отношений могло бы быть девять), по словам Н.Д.Арутюновой, для формирования синтаксических структур русского языка (а возможно, и других языков) существенны лишь четыре названных вида отношений, каждое из которых соотносительно с особой логико-синтаксической структурой – экзистенциальными предложениями, предложениями тождества, предложениями именования и предложениями характеризации» [Арутюнова 1976: 19].

Как представляется, выделенные Н.Д.Арутюновой четыре логико-семантических типа предложений можно рассматривать как высший уровень обобщения в исследовании семантико-синтаксической структуры предложения. Достоинства данного подхода особенно очевидны при анализе внешне близких построений, способных осуществлять разные семантические задачи, какими и являются анализируемые БП. Для БП основными являются отношения идентификации, характеризации (в т.ч. и таксономии) и именования.

Н.Д.Арутюнова предлагает для обозначения семантической функции связки БП термин «релятор». В общих чертах «релятор» можно определить как отношение определенного типа между конститутивными компонентами семантической структуры высказывания. Интересно, что к тем же результатам приходит и Д.Вайс. В зависимости от семантики предложения, определяемой природой связываемых сущностей (предмет, понятие, имя) и их референциальными особенностями, глагольный компонент в БП, по Д.Вайсу, предстает как «знак равенства», «показатель включения» (в случаях предикации), а также как «стрелка, придающая некоторое имя его носителю» [Вайс 1985: 457].

Рассмотрим несколько примеров из художественной литературы[1].

Показателем включения выступает глагол *сум* в характеризующих предложениях, сообщающих о признаках, состояниях

[1]Примеры взяты из произведений: Петре М. Андреевски «Последните селани», Влада Урошевиќ «Последен расказ за Емилија», Јован Стрезовски «Вода».

предметов, событий, явлений, понятий (1): ***Цара Петревска беше една мила женичка со умно лице и весела уста*** *(ПА);* ***Гологазов е едно суниско, речиси нишожно човече со лице на излижан опинок и со очи на сколовранец*** *(ПА);* ***Работата е неговата слепа љубов и постојана радост*** *(ПА);* а также в предложениях таксономии, устанавливающих отношения включения предмета в более широкую группу таких же предметов (2): *Но и волкот, ако* ***е волк****, не може да живее само од љубовта на Солунка Зенговска. Може, на крајот, и неа да ја изеде (ПА:26).* Отметим, что в художественных текстах предложения таксономии встречаются редко, поскольку не имеют художественной значимости.

И в предложениях характеризации, и в предложениях таксономии мысль движется от объекта к понятию. Кстати говоря, если при анализе предложений мы будем исходить исключительно от движения мысли, то к предложениям характеризации близки по коммуникативной цели и предложения с предикативной ИГ, выраженной суперлативами, вычленяющих единичное или особенное в рамках общего, для которых характерно употребление определенного артикля (1'): *Животот бил вода што ти поминала низ прсти. Јас не знам зошто се раѓаме, вели, кога мора и да умреме?! А сите ќе умреме: како кој, и кога било. Некои порано, некои подоцна.* ***«Тоа е најголемата божја правда»*** *вели Теофил. «А може и единствената!» (ПА)* Таким образом, учет только формальных показателей при классификации предложений приводит к обнаружению разных смыслов в предложениях одной семантики, и напротив затушевывает общие черты в семантике разнооформленных предложений единой семантики.

Знаком равенства глагол *сум* предстает в предложениях идентификации, устанавливающих тождество объекта самому себе, при этом мысль характеризуется рефлексивностью (3): *– А* ***кој им е татко на децата?*** *– А што ти е тебе гајле, рече Солунка Зенговска.* ***Ти сигурно не си****, рече поткревајќи си ја коста над ушите (ПА); Од ауто излезе г.Кузе и уште еден облечен во некакви чудни алишта опшиени со златни ширити, преверски, висулки, колани, со сабја на колкот и шајка украсена на челото, со пискул кренат нагоре како опашка од стрчака. «Кралот, кралот иде!» се развикаа сите. <...> Велјаница го растрга народот, истрча напред и му се фрли околу гуша на кралот викајќи му: «О,* ***ти си ми Велјане!*** *А ние мислевме – кралот!» «О па* ***Велјан е тоа,*** *вика народот, станал сокол, гледај го ти него!» (ЈС); Командирот Гашо гледа кон женета: јадри гради палаво нададени; лице горешто.* ***«Вие ли сте жена му на Размета?»*** *«Да» (ЈС).*

И, наконец, в предложениях, сообщающих об имени объекта, глагол *сум* исполняет роль ***именующей стрелки***; мысль движется от предмета к имени (4): *Имаше мигови кога мојата роднина Емилија не можев да ја препознаам. Во доцните поподневја, кога зимскиот*

*самрак ги правеше познатите соби чудесно непрепознатливи, кога кадифените прекривки на креветите имаа притивнат сјај на мачешко крзно, кога цвеќињата извезени по малите перничиња гореа со трескавична топлина, таа се наведнуваше кон мене, оставајќи ја за миг книгата што додаваш ја читаше, и шепотеше: „**Јас не сум Емилија**“. Кога ќе го кренев погледот од мојата книга, таа ќе повтореше: „**Јас не сум Емилија**. Викај ме Изабела“ (ВУ).*

Отметим, что все эти значения выявляются не только в контексте, но также в отборе лексики, в грамматике. Как в самом биноминативном предложении, так и в более широком контексте имеются определенные маркеры, указывающие на выражаемые семантические отношения.

Итак, несмотря на то, что глаголу *сум* (и его эквивалентам в других языках) посвящено уже большое количество исследований, он не перестает привлекать внимание лингвистов. В связи с переоценкой ориентиров в современной науке, в центре внимания в последнее время оказываются вопросы, связанные с семантической структурой глагола, системой его значений и т.д. Как было отмечено, связочный глагол *сум* обладает наибольшей степенью абстрактности, именно это подталкивает исследователей либо признавать его семантическую пустоту, говоря о большей семантической значимости его контекста, либо наделять его всеми теми семантическими смыслами и значениями, в формировании которых он задействован, поскольку является конструктивным элементом различных по семантике предложений. Итак, в БП, связочному глаголу, опираясь на его контекст, можно приписать идентифицирующее, характеризующее, таксономическое и именующее значения, что непосредственно соотносится (не считая его употребления как бытийного) с основными логико-семантическими типами предложений, выделенными Н.Д.Арутюновой.

Литература:

Апресян Ю.Д. Избранные труды. Т.II: Интегральное описание языка и системная лексикография. М., 1995.

Арутюнова Н.Д. Предложение и его смысл. М., 1976.

Арутюнова Н.Д. Предикат // Лингвистический словарь. М., 1990.

Арутюнова Н.Д. Язык и мир человека. 2-е изд. М., 1999.

Белошапкова В.А. Современный русский язык. Синтаксис. М., 1977.

Вайс Д. Высказывания тождества в русском языке: опыт их отграничения от высказываний других типов // Новое в зарубежной лингвистике. Вып. XV: Современная зарубежная русистика. М., 1985. 434-463.

Иванова Е.Ю. Логико-семантические типы предложений: неполные речевые реализации. СПб, 2003.

Лайонз Д. Введение в теоретическую лингвистику. М., 1978.

Минова-Гуркова Л. Синтакса на македонскиот стандарден јазик. Скопје, 1994.

Новоженова З. Русское глагольное предложение: структура и семантика. Słupsk, 2001.

Падучева Е.В. Чвани К. О синтаксической структуре предложений с глаголом «быть» русском языке // Грамматика русского языка в свете генеративной лингвистики: Реферативный сборник. М., 1977.

Рословец Я.И. О соотношении именительного и творительного предикатного существительного при связке *быть* в современном русском языке // Ученые записки МГПИ им. В.И.Ленина. №332. 1970.

Усикова Р.П. Грамматика македонского литературного языка. М., 2003.

Усикова Р.П. Македонский язык. Грамматический очерк, тексты для чтения с комментариями и словарем. Скопје, 2000.

Шведова Н.Ю. Еще раз о глаголе *быть* // Вопросы языкознания. №2. 2001. 3-12.

Искра Пановска-Димкова

СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ МЕЃУ ХАБИТУАЛНАТА И МУЛТИПЛИКАТИВНАТА ВИДСКА КОНФИГУРАЦИЈА

0. Хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација претставуваат видски конфигурации со континуативна доминанта, и според семантичката теорија за глаголскиот вид спаѓаат во иста група со простиот континуативен вид и со теличната видска конфигурација (Спасов, 1997). И двете конфигурации покажуваат еден вид повторување на глаголското дејство, па оттука цел на овој труд е да се разграничат овие два вида повторување (итерација) на дејството, укажувајќи на допирните точки на двете конфигурации, но пред сè на нивните специфики.

1. Во аспектолошката литература овие две видски конфигурации најчесто ги наоѓаме разгледувани во рамките на лексичко-семантичките категории на видските ликови, Akzionsart, подведени под заедничкиот термин 'множественост' на дејството. Така, на пример, во руската школа се забележуваат две гледишта. Според едното, итеративноста и мултипликативноста заедно со дистрибутивноста претставуваат семантички поттипови на функционално-семантичкото поле 'кратност', односно 'множественост' (Бондарко, 1987; Храковски, 1989), а според другото, станува збор за специјални значења на несвршениот вид (узуално, многукратно, итеративно итн.) (Падучева, 1996).

Во македонската литература традиционално се зборува за несвршени, свршени и повторливи глаголи, на пример: несвршен: *седи* - од него изведен со суфиксација свршениот *седне*, и од него изведен со помош на суфиксот *-ува* повторливиот *седнува*. Третата форма од низата најчесто претставува хабитуална семантема, но може да претставува и мултипликативна. На пример: *Тој рано се разбудува* - хабитуално и *Ноќеска петпати се разбудував* - мултипликативно. Но глаголските семантеми што изразуваат повторување, а не го содржат суфиксот *-ува* не се издвојуваат во посебна група, туку се разгледуваат во рамките на несвршениот вид, како што се глаголите: *чука, тропа, пука* (мултипликативни) или: *наоѓа, краде* - глаголи најчесто хабитуални.

2. Според семантичката теорија за глаголскиот вид која разликува два прости вида: континуативен и моментен, со чие комбинирање се до-

биваат сложени видови, и хабитуалноста и мултипликативноста претставуваат сложени видови со континуативна доминанта.

Нивните логички дефиниции гласат:

Хабитуалност: *X е таков што (кога/ако S) (му) се случува P*

Мултипликативност: *Се случува P, P, P (од X)*

Од дефинициите произлегува дека со хабитуалната видска конфигурација се означува можност дејството да се случи, додека со мултипликативната се означува актуелно повторување на дејството во времето.

На пример:

Таа секое утро купуваше весник. = 'таа е таква што (кога/ако е утро) ѝ се случуваше да купи весник' - хабитуалност.

На секој полсаат го отвараше прозорецот за да проветри. = 'се случуваше да го отвори прозорецот, да го отвори прозорецот, да го отвори прозорецот...'

3. Она што ги поврзува двете конфигурации, а истовремено ги разликува од теличната конфигурација која исто така е со континуативна доминанта и од простиот континуативен вид е тоа што глаголското дејство означено од хабитуалната или од мултипликативната семантема не е она што трае во времето, туку напротив, го претставува подредениот моментен вид (настан) во овие две конфигурации. На пример: *Тој секогаш му црта животни на Максим* - хабитуалност. Во овој случај не е цртањето тоа што трае во времето, туку можноста тоа да се случи, додека чинот на цртање го претставува подредениот моментен вид (настан) на хабитуалноста. Слично кај мултипликацијата, на пример: *Вчера цел ден чукаше некој на вор*, со морфемата *чук-* е претставен подредениот моментен вид на мултипликацијата, а она што трае, односно надредениот континуативен вид е низата на повторените настани, или многукратноста на актот на чукање.

Ова се докажува и преку парафразите на нивните логички дефиниции каде што P е претставено преку свршен глагол, на пример: *Тој секогаш му црта животни на Максим* - хабитуалност: 'кога/ако S, се случува тој да му нацрта животно на Максим'. Или: *Вчера цел ден чукаше некој на вор* - мултипликативност: 'вчера цел ден се случуваше некој да чукне, да чукне, да чукне...' За разлика од хабитуалноста и мултипликацијата, кај теличноста (исто така вид со континуативна доминанта) и кај простиот континуативен вид, дејството означено со глаголската семантема го претставува континуумот и реално трае во времето, на пример: *Тој црта животно* - теличност, или: *Тој живее на Во но* - прост континуативен вид, дејствата на цртање и живеење го претставуваат континуумот и траат во актуелното време.

Настаните што се повторуваат кај хабитуалноста и мултипликативноста се секогаш идентични. Значи, во сите случаи станува збор за ист агенс и ист настан. На пример, во мултипликативното множество на настани изразено во реченицата: *Старецот неколку минути чукаше на прозорецот*, станува збор за еден ист старец кој чукнува на еден ист прозорец. Или: *Момчето секое лето оди кај баба му* - едно исто момче го врши истото дејство на одење кај една иста баба.

4. Но, и покрај овие сличности, хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација многу се разликуваат меѓусебно, а основната разлика се состои во тоа што го претставува надредениот континуативен вид, односно што е она што трае кај двете конфигурации, кога видовме дека дејството означено со глаголската семантема не е она што трае: кај хабитуалноста трае можноста, потенцијалноста дејството да се случи, додека кај мултипликативноста трае актуелната низа еднородни акти. Оттука, хабитуалната видска конфигурација секогаш избира атемпорален (неактуелен) контекст и не може да се врзе со актуелно времетраење, додека мултипликативноста секогаш се врзува со актуелен контекст.

Во таа смисла придружните показатели во текстот можат да претставуваат тест за тоа дали некоја семантема е хабитуална или мултипликативна. На пример, хабитуалноста може во секој случај да биде придружена од показатели за регуларноста на повторувањето: *Тој доаѓа кај нас - често, понекогаш, на секои две години, ретко* итн., кои укажуваат на политемпоралноста на хабитуалноста: настаните се случуваат во различни временски периоди, отсечки. За разлика од тоа, мултипликативноста не се врзува со овие показатели, туку напротив со показатели за означување на актуелно време од типот: *сега, вчера, во моментов* и сл., кои укажуваат на нејзината монотемпоралност - настаните се случуваат во еден непрекинат временски период.

Понатаму, потенцијалноста (надредениот континуативен вид) на хабитуалната видска конфигурација бара исполнување на одреден услов, кој може да биде и експлицитно изразен во реченицата, или да биде имплицитен, кој претставува тригер-фактор за случување на дејството, којшто кај мултипликативноста воопшто го нема. На пример: *Тој секое утро купува весник* - 'тој е таков што кога/ако е утро се случува да купи весник', додека во реченица од типот: *Сабајлево нешто чукаше надвор*, за низата настани што се повторувале нема услов кој ќе го предизвика нејзиното случување.

5. И на крајот, нешто во однос на нивната сложеност: во однос на коренските морфеми, за хабитуалноста е докажано дека видски еднозначни хабитуални корени не постојат, туку речиси сите корени со кон-

тинуативна доминанта, значи континуативни и телични[1], можат да бидат и хабитуални (овде не спаѓа само една група корени со прост континуативен вид, со кои се означуваат основните континуативни поими во својот најчист вид, од типот: *граничи, е, се наоѓа, се протега* и сл.), па соодветно се индексираат како хабитуални, мултипликативни, телични итн. Истото важи и за префиксните и за суфиксните образувања, што со еден збор значи дека:

а. Секоја мултипликативна семантема може да биде индексирана и како хабитуална, на пример *пука*$_{мл}$ и *пука*$_{хб}$:

пука$_{мл}$: *Некој пука наѕвор* вс *пука*$_{хб}$: *Секоја зима ни пука цевката оѕ парното.*

Но, обратната релација не е можна: хабитуалните семантеми не можат да се индексираат како мултипликативни, како што се на пример глаголите од типот *краѕе, наоѓа, убива* и сл., кои во ретки случаи можат да се индексираат евентуално како телични: *Види го оној, краѕе!*, но во никој случај не како мултипликативни. Уште повеќе, за разлика од мултипликативноста, кај хабитуалноста постојат видски еднозначни хабитуални семантеми, значи исклучиво хабитуални, кои не се индексираат никако поинаку освен како хабитуални. Такви се семантемите од типот: *нацртува, прочитува, изеѕува* и сл. за кои е докажано дека се специфично средство во македонскиот јазик за изразување на хабитуалноста: *Секое утро изеѕувам по еѕно јаболко. Весникот го прочитувам оѕ почеток ѕо крај.*

б. Врз секоја мултипликација може да се надгради хабитуалност. Во тие случаи, мултипликацијата се сфаќа како интервал (лимитирана мултипликација) врз која се надградува хабитуалноста. На пример: *Секоја вечер тој чука нешто во ѕворот* е реченица во која е изразена хабитуална видска конфигурација чиј подреден настан е мултипликативниот интервал на *чука*: 'тој е таков што (кога/ако е вечер) се случува да чука (извесно време)'. Со други зборови, хабитуалноста може да содржи мултипликација и парафразата во тој случај гласи: 'X е таков што (кога/ако S) се случува P, каде што P е составено од историдните P_1, P_2, P_3'. Обратната релација меѓу овие две конфигурации не е можна – мултипликацијата не може да се надгради врз хабитуалноста.

6. Да заклучиме:

- Допирна точка меѓу хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација е тоа што и двете означуваат повторување на момент/настан во рамките на континуумот, каде што континуативната видска

[1] Во своето излагање на тема *Дали постојат мултипликативни корени во македонскиот јазик?* изнесено на Научната конференција во Охрид (август, 2008 г. – во печат), проф. д-р Људмил Спасов докажа дека сепак не можеме да зборуваме за мултипликативни корени, што значи дека мултипликативните семантеми можат да бидат само сложени.

вредност е доминантна, а подредениот моментен вид е претставен преку дејството изразено со глаголската семантема кое не трае во времето.

- Основната разлика меѓу двете конфигурации е во тоа што кај мултипликативната видска конфигурација повторувањето е актуелно, додека кај хабитуалната видска конфигурација постои можност дејството да се случи, што значи повторувањето е поставено во атемпорален (неактуелен) контекст.

- Голем број семантеми можат да се индексираат и како хабитуални и како мултипликативни, како, на пример, семантемата *заспива*, која се индексира како *заспива*$_{хб}$ кога означува потенцијално повторување на настанот во времето (*Јас заспивам со читање*), или како *заспива*$_{мл}$ и тогаш означува актуелно повторување на настанот во времето: *Ноќеска петпати заспивав и се будев.*

- Поради означувањето на повторливост, честопати овие две конфигурации во аспектолошката литература се разгледувани заедно како семантика што го содржи признакот 'множественост', но притоа не се укажува на фактот дека хабитуалната видска конфигурација е посложена од мултипликативната – секоја мултипликативна семантема може да биде и хабитуална и хабитуалноста може да се надгради врз секоја мултипликација, но обратната релација не е можна.

Литература:

Бондарко, А.В. et al. 1987. *Теория функциональной грамматики. Введение, Аспектуальность, Временная локализованность, Таксис.* Ленинград, Наука: 347.

Karolak, S. 1998. Uwagi o morfologii aspektu macedońskiego. *Studia z filologii polskiej i słowiańskiej*, 35.

Каролак, С. 2005. *Семантика и структура на глаголскиот вид во македонскиот јазик.* Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје.

Падучева, Е.В. 1996. *Семантические исследования. Семантика времени и вида в русском языке. Семантика нарратива.* Москва: 464.

Пановска-Димкова, И. 2002. *Лимитативната видска конфигурација во македонскиот јазик.* Скопје, 3Д-Проект студио: 185.

Пановска-Димкова, И. 2003. *Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик.* Докторска дисертација. Фонд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Скопје.

Спасов, Љ. 1997. Дефиниции на видските (аспектните) конфигурации во македонскиот јазик. *Предавања на XXIX меѓународен СМИЛК*: 31-36.

Спасов, Љ. 1997. Од резултатите на истражувачкиот проект за глаголскиот вид во македонскиот јазик. *Прилози на МАНУ*, XXII, 1-2: 79-91.

Храковский, В.С. 1989. Семантические типы множества ситуаций и их естественная классификация. *Типология итеративных конструкций* (от. ред. В.С. Храковский). Ленинград, Наука: 5-53. *n*

Људмила Мирто

НАЧИНОТ НА ИЗНЕНАДЕНОСТ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК И ИЗРАЗНИТЕ ЈАЗИЧНИ СРЕДСТВА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Албанскиот јазик зафаќа посебно место во мапата на јазиците на светот. Тој е посебно стебло, додека македонскиот е дел на словенските јазици. Иако се јазици што припаѓаат на различни стебла, тие имаат многу сличности, како на пр.: и двата јазика имаат исти глаголски начини и времиња за изразување на мислењето.

На ова излагање јас ќе се задржам на тоа што е различно, како што е глаголскиот начин на изненаденост, бидејќи во текот на изучувањето на македонскиот јазик, на албанските студенти полесни за усовршување им изгледаат елементите што се слични со нивниот мајчин јазик, додека, пак, елементите што се различни им претставуваат тешкотија. Значи, за да имаме успех и позитивни резултати во наставата, потребно е да бараме, да најдеме и да забележиме што е заедничко за нашите јазици (сличностите и различностите). И ова се реализира со спротивставување, споредби и систематски контрастирања, одвреме-навреме, на сите типични елементи на двата јазика.

Доволно е да се споредат системите на двата јазика за да се најдат сличности и разлики, за да се разјаснат сите потенцијални појави на интерференција.

Во текот на изучувањето на еден јазик „индивидуите имаат склоност да ги префрлуваат формите и значењата, како и да ги употребуваат тие форми и значења од нивниот мајчин јазик и култура кон странскиот јазик и култура“, давајќи им погрешни значења, бидејќи тргнуваат или се базираат врз јазичниот систем на мајчиниот јазик. На овој начин, поголема тешкотија во изучувањето на еден странски јазик не би имале со внатрешните структурни тешкотии на самиот тој јазик, туку со интерференцијата на јазичните изрази застапени кај мајчиниот јазик, што ги пренесуваат кај странскиот јазик.

Кога структурата на мајчиниот јазик и таа на странскиот јазик се исти, тогаш не би имале никаков проблем, па во оваа смисла употребата на мајчиниот јазик може да се смета и како една предност. Но кога се структурите различни, студентите почесто прават меѓујазични грешки, па задача на наставникот е да ги поправи.

Еден јазик има разни формални средства за означување на граматичките значења. Бројот на граматичките средства со кои се реализира изразот на граматичкото значење, во разни јазици е ограничен. И употребата што ја имаат овие средства во одделни јазици може да биде исто така различна, и поточно, токму оваа разлика на средствата, донесува голем број тешкотии во усовршувањето на странскиот јазик, бидејќи и двата јазика може да користат разни средства за изразување на определени граматички значења. Меѓу поупотребливите средства што ги имаат разни јазици за обележување на граматичката структура, изучувачите ги набројуваат: флексијата, редот на зборовите, интонацијата, акцентот, паузата и др.

Споредувајќи го системот на изразувањето на начините на глаголот во албанскиот и во македонскиот јазик, ние констатиравме дека албанскиот јазик ги има начинот на изненаденост и соодветните времиња за изразување на модалноста, на вистината придружена со чувството на изненаденост, обожаваност или зачуденост за едно ненадејно дејство кое е извршено во минатото или во моментот на соопштувањето, сомневањето на говорителот, неговото несогласување во врска со некое дејство или потврдата на некој друг, понекогаш и со иронија. Во системот на македонскиот јазик, пак, за изразување на тоа што го наведовме погоре, не постојат посебни форми за начинот на изненаденост. Ова се реализира со други средства, кои ќе ги наведеме подолу.

Во албанскиот јазик начинот на изненаденост ги има овие општи карактеристики.

1. Начинот на изненаденост го има во 4 глаголски времиња: во сегашното, во минатото определено несвршено, во минатото неопределено и во предминатото.

2. Почесто се употребува во сегашното време и во перфектот, при што директно се поврзува со моментот на соопштувањето. Презентот и перфектот повеќе се јавуваат во независни, главни реченици, додека имперфектот и предминатото се позастапени во зависни реченици. Предминатото не е нешто друго освен една свршеност на минатото, додека имперфектот не е друго освен една сегашност на минатото.

3. Освен странските лингвисти и по некој Албанец (Р. Прнаска), се изјаснува за постоењето на формите на изненаденост кои вршат и некоја друга функција, како поткрепа на нечие туѓо тврдење, на некое друго таканаречено повторување, коментирање или констатирање, значи: за една репродуктивна функција на зборовите на некој друг.

4. Како временските форми на исказниот начин, така и тие на изненадеността, редовно го изразуваат модалното значење на вистинитоста, но вторите се разликуваат од првите, бидејќи според нив, говорителот го изразува и чувството на изненаденост, понекогаш тој изразува еден несогласувачки, ироничен став. Временските форми на изненаде-

ност се употребуваат не толку многу за потврдување на вршењето на некое дејство, туку за изразување на изненаденоста на говорителот, во моментот на неговото општење, за дела што се случуваат во тој момент или се случиле пред тој момент.

5. Употребата на начинот на изненаденост е секогаш факултативна, никогаш не е задолжителна. Нема синтаксички контексти или семантички, каде што според граматичките правила би требало да се очекува употреба на адмиративот.

Македонскиот јазик го нема овој начин во својот систем. Значењата што ги содржи начинот на изненадост, во македонскиот јазик се изразуваат на други начини или со други средства, главно со исказниот начин, кој е најосновниот начин за изразување на изненаденоста. За изразување на овој начин во македонскиот јазик значајна е и употребата на извиците според значењата што ги имаат и посебната интонација. Да ги анализираме поконкретно овие четири времиња на овој начин во албанскиот јазик и еквивалентните форми во македонскиот.

I Сегашното време е синтетичка форма, создадена од спојување на двата елементи на минатото неопределено со обратен редослед. На глаголската *л*-форма ѝ се додаваат суфиксите -кам , -ке , -ка, -кеми , -кени, -кан, кои се исти со личните форми на глаголот *имам* (кам) во сегашно време (punuaka, punuaka // работела, работел). Во пасивната конјугација на глаголските форми во сегашноста на овој начин ѝ се додава честицата у (u lakam, u laka, u lakan // сум се миел, се миел, се миел).

Сегашноста на начинот на изненаденост се употребува за едно дејство кое се врши во моментот на соопштувањето и кое донесува изненада кај соговорникот, на пр: Si të dashkam të keqen unë.

мак. Како сум ти мислел јас лошо!

Ky e pika rakinë. // Ја пиел овој ракијата.

Qenke duke lexuar, nuk po të bezdis. / Си читал, нема да ти здодевам.

Pasnesër hapka punimet parlamenti. / Утре започнувал парламентот со работа.

Споредувајќи ги горенаведените примери заклучуваме дека:

1. Албанскиот јазик има еден посебен начин за изразување на изненаденоста, едно дејство кое можеби е вообичаено, кое се повторува, едно истовремено дејство, едно дејство кое се случува во моментот на соопштувањето или во иднина. Во македонскиот не постои посебен начин внатре во глаголскиот систем за изразување на еден реален факт. За овој начин на сите примери им одговара само перфектот придружен со интонацијата на изненада.

2. Во зависност од обоеноста (изненада, недоверба, иронија и др.) интонацијата во реченицата излегува различна: понекогаш иста со исказните реченици, понекогаш со прашалните, извичните итн. Во македонскиот јазик интонацијата е слична со извичните реченици.

3. Во реченицата може да присуствуваат или не и реченици кои го зајакнуваат чувството што го придружува дејството. Во македонскиот тоа може да се истакне само со интонацијата.

4. Кога се соопштува за дејство кое се очекува да се случи во иднина, се придружува со временски показатели на идност како: *утре, по неколку дена*, а тоа го имаме и во македонскиот јазик.

5. Кога изразува едно дејство кое се потврдува во моментот на соопштувањето со елементот *по*, во македонскиот јазик ќе се додаде елементот *си*.

6. За да се покаже дејство кое продолжува да се врши во моментот на соопштувањето, може да се употребат перифрастични форми како изненадениот начин и глаголскиот прилог (qenke duke punuar), во македонскиот ќе се употреби перфектот (си работел).

II Имперфектот во албанскиот јазик е синтетичка форма, создадена од обратното срастување на скратената *л*-форма, наставките -kësha, -këshe, -kësh / kej , keshim, keshit, keshin (punuakeshe // работела).

Пасивното менување на овие глаголи се појавува како аналитичка форма создадена од честицата у и формата во изненадена сегашност на глаголот (u lakam // сум се миел). Имперфектот на начинот на изненаденост се употребува за покажување на дејство кое сè уште било во тек од еден определен момент на минатото, кое покажува изненада, сомнение, несогласување кај говорителот. пр.:

Ajo nuk qenka zanë, por ... // мак. Таа не била самовила, туку...

Teuta e fletkash mire maqedonishten // Теута добро си зборувала македонски.

E kuptoi se ai qenkësh njeri i sjellshëm. Сфати оти тој бил разумен човек.

Во албанскиот јазик имперфектот на начинот на изненаденост покажува едно дејство кое може да биде обично дејство, дејство или состојба, која се повторувала одвреме-навреме во минатото, или има неограничено времетраење. Тоа се употребува почесто во зависните реченици, но може да се сретне и во главните независни. Придружено со честицата *по*, се среќава поретко.

Како што се гледа и од примерите, во македонскиот јазик на изненаденият имперфект, повторно им одговара македонскиот перфект, се разбира, придружен со интонацијата на изненаденост.

III. Перфектот во албанскиот јазик е сложена аналитичка форма. Таа се образува со обратно редење на *л*-формата и личните форми на

глаголот kam / имам / во сегашно изненадено време (paskam punuar // сум си работела). Наставките се исти во сите промени. Пасивната конјугација се образува со помошниот глагол jam // сум во изненадено сегашно време (qenkam larë, qenke larë, qenka larë // сум се измил, си се измил, се измил). *Л*-формата останува непроменета. Ова време се употребува за покажување на завршени дејства, но кои не ги прекинале врските со моментот на соопштувањето и кои појавуваат изненада, сомнение, несогласување кај говорителот.

пр.: E paske marrë vesh, hëm. // Си разбрал, хм.
Qenka ngritur në këmbë // Станал на нозе.
Akoma si paska dalë gjumi // Сè уште не им излегол сонот.

Ова време во албанскиот јазик се употребува почесто во зависните реченици, но може да се сретне и во главните и во независните. Дејството или состојбата која се изразува со ова време може да е започнато во минатото и сè уште е во тек во моментот на соопштувањето. Како што се гледа и од преводот на примерите, во македонскиот за формите на изненадениот перфект во албанскиот им одговара повторно една форма на перфектот во исказниот начин, придружена со интонација на изненаденост.

IV Предминатото време на изненадениот начин е аналитичка сложена форма. Таа се образува со помош на редовно слевање на формата на помошниот глагол kam / имам во имперфектот на изненадениот начин со глаголската *л*-форма (paskësha punuar // сум си работел). Наставките се исти во сите конјугации. Пасивната конјугација на глаголите се образува со помошниот глагол jam / сум / во изненадениот имперфект (qenkëshe larë // си се измил), *л*-формата останува непроменета. Глаголот во изненаденото предминато време изразува изненада, сомнение, и др. за едно дејство кое е завршено пред определен момент во минатото.

пр.: Toka paskesh qenë e lagësht // Земјата беше била влажна.
Rakia paskesh bërë punën e saj // Ракијата беше ја направила својата работа.

Како што се гледа од преведените примери од албански на македонски, на изненаденото предминато албанско време во македонскиот им одговара едно предминато време на исказниот начин, придружено со изненадувачка интонација.

Во албанскиот јазик, освен четирите времиња, за кои зборувавме, се среќава и едно изненадено идно време (do të punuakam // ќе сум работел). Кај личните форми на глаголот оваа форма ја прима партикулата /у/, која се додава со знакот апостроф, формантот të / да / и продолжува

со глаголските форми на изненаденото сегашно време (do të lakam / ќе сум миел).

Изненадениот футур упатува на дејство или состојба кое се очекува да се случи по моментот на соопштувањето, искажувајќи изненада. Оваа форма повеќе се појавува во уметничката литература и во други книжевни стилови, како и во општествено-политичката книжевност.

пр.: Paskan për të ardhur edhe pedagogë të huaj. / Имало да дојдат и странски професори.

Do të ardhkan nesër për kontroll ata të ministrisë. // Ќе дојделе утре за контрола од министерството.

Во македонскиот јазик, како што се гледа од примериве, за формата на изненадениот албански футур во македонскиот им одговара предминатото време на исказниот начин или *да*-конструкциски форми.

Ограничени, како од местото, така и од начинот на употребата, постојат и неколку форми на изненадениот - сврзувачки начин или (*да*-конструкции). За разлика од сврзувачкиот начин изненадениот-сврзувачки начин има само три времиња: сегашно (të vajtkan / ти оделе), имперфект (të vajtkësha / ти одел) и предминато (të paskësha vajtur // ти беше отишол), Во македонскиот јазик за овие времиња им одговара минатото неопределено и предминатото време на исказниот начин.

Како заклучок, може да наведеме дека јазикот на секој народ е многу богат и наоѓа свои специфични начин за претставување определени значенски финеси за кои постои потреба во практиката; тоа се постигнува со употреба на специјализирани начини и средства.

Валентина Нестор

ОДНОСОТ НА ГЛАГОЛИТЕ *СУМ* И *ИМА* ВО АНАЛИТИЧКИТЕ ФОРМИ ВО МАКЕДОНСКИИОТ И ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК

Глаголите ***сум*** и ***има***, освен со полно лексичко значење и во двата јазика ги среќаваме и како граматички средства за образување на аналитички форми, го губат основното значење и се употребуваат како помошни.

Во македонскиот литературен јазик, главна улога при образувањето на сложените глаголски времиња има глаголот *сум*, за разлика од албанскиот јазик, каде што таа улога ја игра глаголот kam 'имам', кој се појавува во целосна парадигма според лицето, времето и начинот. Сложените форми со *има*, *нема* се многу продуктивни во западномакедонското наречје од каде што влегуваат и во литературниот јазик, но во говорот на Мала Преспа тие наоѓаат целосен израз. Овие конструкции претставуваат паралелна конјугација, еден вид конкурентни форми, синонимни се со други сложени глаголски временски форми и начини, на пр.:

алб. *Dje tërë ditën kam qënë në shtëpi.*
За оваа реченица во македонскиот јазик би одговарале:
Вчера цел ден сум бил дома.,
а во западните македонски говори би одговарала и формата:
Вчера цел ден имам бидено дома.

Во реченицата со глаголската конструкција *имам бидено*, многу поизразито се утврдува моментот на соопштувањето, каде што поконкретно нагласува извршеноста на дејството, а сигурноста за неговото извршување е поголема.

Глаголската придавка е носител на лексичкото значење, но изразувањето на ова лексичко значење не се врши само од глаголската форма, туку тоа се изразува со цела структурна конструкција. Имено, глаголската придавка од преодните глаголи, кои според самостојната употреба имаат активно значење, во изразувањето на значењето на минатите времиња има резултативна начинска вредност.

Сличноста и кај двата јазика во врска со улогата на глаголот *има* како помошен (во албанскиот kam), би донесла позитивен трансфер.

Оваа сличност е делумна во врска со употребата на непреодните глаголи, значи, некои глаголи што во македонскиот јазик го примаат глаголот *сум*, во албанскиот јазик го примаат глаголот *има*. Разликите во овој контекст би донесле негативна интерференција, но сепак македонскиот дозволува простор за употреба и на двата помошни глаголи како: *kam shkuar : сум отишол // имам одено, ka vdekur : умрел // има умрено, kam qënë: сум бил // имам бидено, kam qëndruar: сум престојувал // имам престојувано* итн.

Употребата на помошниот глагол *сум / jam* и во двата јазика се јавува за образување на сложени конструкции со значење, со лични и безлични глаголи, а не во активни; во македонскиот тие исто би се изразиле само со *сум* конструкции, но не и со *имам*.

Qenë falenderuar për guximin e tyre. / Биле поздравени за нивната смелост.

Është rruar, është krehur, është larë // (е избричен, е исчешлан, е измиен).

Иако во албанскиот јазик глаголската *л*-форма останува секогаш цврста, непроменета, без разлика од родот и бројот на подметот, во македонскиот, често и задолжително би било потребно и согласување според родот и бројот меѓу глаголската *л*-форма и подметот. Оваа разлика меѓу овие два јазика би донесла негативна интерференција која би предизвикала грешки во преводот од албански на македонски јазик, како на пр:

Marko e ka marrë provimin. Марко го положил испитот.

Ana e ka marrë provimin. Ана го положил испитот.

Ana dhe Marko e kanë marrë provimin. Ана и Марко го положил испитот.

Во албанскиот јазик глаголската *л*-форма останува непроменета, а согласувањето се врши само според помошниот глагол.

Негативна интерференција околу употребата или неупотребата на заменските форми би се јавиле и кај употребата на помошната форма *сум* со лични глаголски форми од типот:

Dje jam larë shpejt = (u lava) / Jam penduar shumë për atë që të thashë (u pendova).

Но, ако ние секогаш се трудиме да ги чуваме времето и формата што се употребени во еден јазик, тогаш навистина би излегле од контекстот, и би довеле до промена на значењето. Овие форми во македонскиот јазик би се превеле со:

Вчера сум се измил брзо. / Сум се покајал за тоа што ти го реков.

Првата реченица звучи како ние да не тврдиме со сигурност дека сме сведоци на тоа дејство, туку како да сме дознале од друг, па го прекажуваме тоа.

А пак, во втората, како да тврдиме со иронија или несигурност.

Затоа овие форми може да ги преведеме со *има* конструкции, каде што подобро се потврдува дејството извршено пред другите дејства што ги посочува, како на пр.:

Вчера се имам измиено брзо. Се имам покајано за тоа што ти го реков;

или, место нив може да се употреби и аористот, но јас како говорител и употребувач на *има* конструкциите, за подобро изразување и сведочење на тоа што го тврдам, би ги употребила последниве конструкции, зашто сигурноста и убедливоста се поголеми кога го кажуваме тоа.

Но често во преводот се наоѓаме во тешки и колебливи ситуации, при изборот на соодветната конструкција за да не го изгубиме или да не го ослабиме значењето што го содржи изворната форма.

Најголема употреба во разговорната форма овие конструкции наоѓаат во перфектот, каде што се среќаваат како добро кристализирана аналитичка форма, составена од помошните глаголи *има / нема* и глаголска придавка. Во оваа аналитичка конструкција е создадена една семантичка единица која ги обусловува граматичките обележја. Се работи за граматичко-аналитичка конструкција, строго фиксирана во редувањето на граматичките елементи, како и во синтетичките конструкции, редослед кој не се растура или не се разбива со други зборови.

Тоа што е заедничко и за двата јазика е фактот дека помеѓу деловите на аналитичката форма не влегуваат други зборови за изразување на нова синтаксичка врска, што покажува дека овие врски во процесот на соопштувањето не ги исполнуваат нивните посебни делови, туку самата аналитичка форма го изразува тоа.

Граматичкото значење на перфектот е во спротивност не само спрема сегашноста, туку и спрема другите минати времиња, како: предминатото и минатото-идно.

Формите на плусквамперфектот од материјален аспект се претставуваат како една врска помеѓу личната глаголска форма (*имам, имаш, има*) и безличната глаголска форма, *имам работено*.

Од синхрониски аспект и во двата јазика имаме една синтаксичка врска споена во една иста јазична единица и во оваа смисла не може да речеме дека помошните глаголи *има, сум* - го преземаат изразувањето

на граматичките односи, а глаголската придавка ги изразува лексичките вредности.

Морфемскиот карактер на помошниот глагол се поддржува на врската која ја поставува таа со глаголската придавка. Флексијата на помошниот глагол во плусквамперфектот (замислена како единствена) игра секундарна улога.

Во македонскиот јазик кај конструкциите *сум* + *л*-форма, првичното значење синтаксички е изразено исто како и кај конструкциите со *имам* + глаголска придавка. Само глаголската *л*-форма не може доволно да ги изрази сама односите на примарното значење. Од нејзината природа глаголот *сум* дозволува повеќе синтаксички конструкции. Тој дозволува синтаксички конструкции со преодни и со непреодни глаголи. Глаголските конструкции со *сум* изразувањето на дејствителот го имаат послободен, во зависност од видот на глаголот со кој се врзува (преоден или непреоден). Во конструкциите со преодни глаголи дејствителот е битен, бидејќи се обусловува од неактивната природа на подметот, веќе еднаш покажана:

Тука е машата, кошницата. Таму е нивата, изорана.
Слични појави наоѓаме и во албанскиот јазик, како:
Këtu është shoku ... vrarë nga armiqtë. / Овде е другарот... убиен од непријателите.

Додека, пак, во конструкциите со непреодни глаголи дејствителот не може да се изрази, бидејќи субјектот е ист, истиот подмет веќе е изразен еднаш и е определен со формата на глаголската придавка (како процес):

Тука е детето, седнато до мене. / Тука е седнато детето до мене.
или во албанскиот јазик:
Këtu është djali, ulur afër meje / Këtu është ulur djali afër meje.

Во албанскиот јазик начинот на создавањето на аналитичката форма на плусквамперфектот со *сум* + *л*-формата е олабавување на синтаксичката конструкција на реченицата каде што се наоѓа глаголската *л*-форма. Ослободувањето на *л*-формата од синтаксичката конструкција како посебна единица, постепено доведува до променување на правецот на врските и до парадигматизација на конструкцијата *сум* + глаголска придавка. Меѓутоа, во оваа граматикализација можеби сме имале конструкции со *сум* + глагол со медијално значење, кои повеќе се доближуваат до перфектот според значењето и начинот на создавање. Едноподметноста и отсуството на дејствителот биле предуслови за привлекување на двете глаголски форми на глаголот *сум* со соодветни-

те лични форми и на глаголската придавка, која е карактеристична и за македонскиот и за албанскиот јазик.

Перфектот на состојба, како што е познато, го потенцира дејството на глаголот врз субјектот. Точно тоа го доведува него поблиску до медијалноста, и ова следново, се знае дека е многу блиску до значењето на глаголот *сум*.

Во македонските говори во Малопреспанско таквите конструкции не се развиени од граматички аспект, за да се разликуваат посебно конструкцијата и функционалната вредност, како што се случува во други јазици, како во албанскиот, во италијанскиот и др. на пр.:

Вратата е отворена... / Dera është hapur.
Вратата е отворена од ветрот. / Dera është hapur nga era.

Околу формалната граматичка реализација, примарната граматичка улога ја имаат конструкциите со глаголска придавка во албанскиот јазик, кои дозволуваат едначење на глаголската група (*сум* + глаголска придавка). Потешката задача околу граматикализацијата на оваа синтагма не е во семантичката реализација, туку во временската, минувањето од временското значење на состојбата, од сегашноста во минатото.

Промените помеѓу глаголите *сум* и *има* може подобро да се видат во некои посебни конструкции во албанскиот јазик. Во западномакедонските говори, поточно во Малопреспанскиот, каде што за разлика од литературниот јазик имаме некои непреодни глаголи што искажуваат движење: *иде, излегува, бара, влегува*, како и *умира, паѓа* го образуваат плусквамперфектот со глаголот *има*: *имев дојдено, имев излезено, имев барано, имев влезено, имев умрено, имев родено.*

Конструкциските промени се почести како што се доближуваме до времето на граматикализацијата на слободните синтагми. Тоа е целосна аналитичка конструкција и дел во конструкциите од типот: *имам барано, имам работено.*

Употребата на овие конструкции со *имам,* место *сум*, не ја менуваат временската вредност. Од нив почеста употреба имаат *имам*, *имав* + формите за среден род од глаголската придавка.

Основна разлика меѓу *има*-конструкциите и другите сложени форми е во тоа што кај првите повеќе доаѓа до израз резултатот од вршењето на дејството, а кај сложените со *сум* повеќе се истакнува самото дејство.

Иако во албанскиот јазик почеста употреба наоѓа глаголот *kam* /имам, во гегиските говори, особено во североисточните гегиски говори често ги среќаваме формите со *jam* / сум, (место *имам* во тоскиските и во денешниот литературен јазик).

Jam ardhun место *// kam ardhur'* сум дошол*' , klenë ardhun // qenë ardhur (kishin ardhur),* 'биле дојдени', *//asht dalë (ka dalë)* ' излегол'.

Ваквите аналитички конструкции во северните гегиски говори сè уште имаат голема употреба, без разлика на ситуацијата во литературниот албански јазик. Според И. Ајети, за тие конструкции се мисли дека се резултат од влијанието на словенските балкански јазици.

Иста е состојбата и кај *имам* конструкциите во западните македонски говори. Тие се мошне карактеристична особеност само на македонскиот јазик.

Во овој поглед овие два јазика имаат огромна сличност, во начинот на образувањето на аналитичките конструкции. Секако, останува уште простор за разгледување на можните интерференции меѓу овие два јазика и во оваа област.

Лидија Аризанковска

СИСТЕМОТ НА ГЛАГОЛСКИТЕ ВРЕМИЊА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НАСПРЕМА СЛОВЕНЕЧКИОТ И ДРУГИТЕ ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ

0. Рефератот има цел да го претстави системот на глаголските времиња во македонскиот јазик наспрема другите јужнословенски јазици како јазична можност за пренесување одредени информации врзани со дејството кое ја содржи временската компонента.

0.1. Поаѓаме од целта временски да го лоцираме дадениот настан и притоа ги користиме можностите што ни ги нуди дадениот јазик. Во случајов, станува збор за системот на глаголските времиња што како свој јазичен потенцијал ги нуди македонскиот стандарден јазик во споредба со словенечкиот и со другите јужнословенски стандардни јазици, сакајќи притоа да ги нагласиме, пред сè, разликите што се јавуваат меѓу нив. Сепак, самото вакво претставување произлегува и од преведувачката практика, што значи дека и самите заклучоци главно се базираат на можните преводни еквиваленти кои би требало најблиску да ја приближат семантиката на временската детерминираност на настанот кој треба да му се соопшти на примачот на пораката.

0.2. Ситуацијата е особено интересна кога станува збор за изразување на минатоста, при што јазичниот систем кој е ограничен во поглед на системот на глаголските времиња што му се на располагање како негова јазична можност, е притоа принуден да се служи со дополнителни јазични средства (прилошки определби, дел-реченици, партикули). Тука како дополнителен елемент ќе се јави и определеноста, односно неопределеноста која, всушност, се однесува само на временската компонента, односно на точното лоцирање на моментот на вршењето на дејството, потоа доживеаноста на дејството која, како што истакнува Спасов (1989/1990: 535-544) игра важна улога кај аористот и имперфектот, но не кај перфектот и од друга страна, пак, се појавува категоријата директно кажување наспрема прекажување за која со право можеме да констатираме дека се јавува како белег на целиот македонски систем, бидејќи минатото неопределено време во македонскиот јазик се јавува не само како паралела на минатите времиња, туку и на сегашното и на идното време.

Пр.: мак. Тој вели, не доаѓал сега.
Односно: Тој вели, не доаѓа сега. / не сака да дојде сега. / нема да дојде сега.
слов. Pravi, da ne pride zdaj. / da noče zdaj priti. / da ne bo zdaj prišel.

мак. Тебе ќе те слуша, бидејќи си бил постар.
слов. Tebe bo poslušal, ker si (*baje)* starejši.

мак. Дури да дојдам да си го зготвила ручекот! (Конески Бл. 1982: 474)
слов. *Do takrat, ko pridem*, skuhaj/pripravi kosilo. / naj bo kosilo skuhano / pripravljeno.

1. Кусо потсетување: македонскиот јазик ги познава следниве времиња: сегашно, минато определено свршено (аорист), минато определено несвршено време (имперфект), минато неопределено свршено и несвршено време (перфект), предминато време, идно, минато-идно, идно-прекажано време; словенечкиот јазик, пак: сегашно, минато (перфект), предминато и идно време, па токму затоа, како еквивалент особено за минатите времиња во македонскиот јазик, во словенечкиот јазик ќе се појави перфектот, и зависно од функцијата, евентуално сегашното време. Сите горенаведени придружни карактеристики како особеност на македонскиот глаголски систем ќе биде можно во другите јужнословенски јазици најприближно да се остварат со дополнителни средства (како во примерите погоре и оние што следуваат).

Пр.: Марко **дојде**. ('го видов дека дојде, точно знам кога')
Марко **дошол**. ('не видов кога, ми соопштија дека е дојден')

слов. Marko **je včeraj prišel**.;
Opazila si, da je Marko **prišel**.;
Nisem opazila, da/ko je Marko **prišel**.;
Povedali so mi, da je Marko **prišel**.;

Слична е ситуацијата и кај другите јужнословенски јазици, иако со дел од времињата располагаат и тие, за што сведочат и дел од изнесените примери.

Пр.: хрв. и срп. Marko **je juče došao**.;
Primjetila si, da je Marko **došao**.;
Nisam primjetila, da /kada je Marko **došao**.;
Rekli su mi, da je Marko **došao**.

1.1. Кај другите јужнословенски јазици: хрватскиот и српскиот ги задржале аористот и имперфектот, исто така и бугарскиот, а што се однесува за перфектот, Бугарите го нарекуваат „резултативно време", односно како што истакнува Пашов (1994:124) „Основно резултативно време е минало неопределено„ (на пр. Иван *е седнал* и мълчи.).

Токму тука и е една од разликите во употребата на перфектот во македонскиот јазик и перфектот во бугарскиот јазик. Изразувањето на резултативноста во македонскиот јазик денес се врзува главно за *има*-системот како балканска иновација, што би значело функционално-семантичко осиромашување на т.н. *сум*-перфект на македонска страна, односно словенски архаизам на бугарска страна (в. Тополињска 1996:62).

1.1.1. Категоријата прекажаност, како основен признак на македонското минато неопределено време и дополнителна функција на т.н. *сум*-перфект (в. Тополињска 1996:40) е својствена за македонскиот јазик. „Општиот услов за да се развие категоријата на прекажаност", како што забележува Блаже Конески, „бил даден со тоа што се зачувале аористот и имперфектот наспрема перфектот. Тие две времиња во словенскиот отсекогаш предавале засведочено дејство, додека перфектот во тој поглед бил необележан (тој и денеска, како и порано, служи за прекажување, но исто така и за директно соопштување)" (Тополињска 1996:41). За развојот на категоријата воедно придонел и турскиот јазик, а „во средини во кои влијанието на аромaнскиот и грчкиот било посилно, установувањето на категоријата прекажаност се намерило на пречки..." (Тополињска 1996:41).

1.1.2. Покрај потребата за нагласување на 'незасведоченоста' и избегнувањето на временската лоцираност, употребата на ова време во македонскиот јазик се врзува и за постигнувањето живост на исказот, врзувајќи се на тој начин за употребата во одделни стилови.

1.1.2.1. Пример кога минатото неопределено време е употребено за директно кажување, со употребата на 1 лице:

мак. **Сум ти кажувал** стопати, нели ти здодеало да слушаш? (Конески Бл. 1982:465).

Значењето не ќе се промени ако формата за минато неопределено време ја замениме со минато определено време, а во словенечкиот јазик и во двата случаја ќе се појави перфектот, не остварувајќи го, во случајов ефектот што го постигнува самото минато неопределено време.

слов. **Rekel sem** ti stokrat, mar ti ni presedlo poslušati.

1.2. При тоа е важно да се истакне дека соопштувањето на дадено дејство и неговата соодветна временска лоцираност преку употребата на дадено глаголско време се заснова и на „пристапот на говорителот од различни временски гледни точки кон соопштуваното дејство, независно од моментот на соопштувањето" (Конески Бл. 1982: 380), па затоа на

пример сегашното време во македонскиот јазик може да се употреби и за соопштување на минати и идни настани.

Пр.: По цели дни **работиш**, на стари години се мачиш и пак ништо нема. (Конески Бл.: 1982:413)

Не плаши се, Ленче, **не земам** многу пари. (Конески Бл. 1982:414)

Утре ми **идат** пријатели на гости.

И во словенечкиот јазик сегашното време може да се употреби со значење на минато и на идно време.

Пр. Včeraj **sedim** pred hišo, ko naenkrat **pride** on, Jure.

(Вчера седам пред куќи, кога наеднаш доаѓа тој, Јуре.)

Pravijo, da najhujše šele **pride**.

(Велаат, најлошото дојрва доаѓа.)

1.2.1. Специфично во однос на македонскиот, како и во однос на другите јужнословенски јазици е тоа што во словенечкиот јазик со идно значење се употребува и сегашно време од свршени глаголи, на пример:

мак. **Доаѓаш** (ли) со мене?
слов. (A) **Prideš** k meni?
срп. и хрв. **Долазиш** (ли) код мене?
буг. **Идваш** (ли) при мен?

1.3. Што се однесува на идните времиња,

1.3.1. Словенечкиот јазик познава едно идно време (слов. „prihodnjik„): **bom/boš/bo delal,-la,-lo**...;

1.3.2. Српскиот и хрватскиот јазик познаваат две:

футур 1 (идно време): ја **ћу певати** и

футур 2 (егзактен футур): /кад/ **будем радио** (в. Станојчић и Поповић 2002:120; Barić i dr. 2007:233);

1.3.3. Бугарскиот јазик две: идно време: **ще нося**

и т.н. идно време во минатото (буг. бъдеще време в миналото): **щях да излизам** (в. Пашов 1994:120-124).

1.3.4. Минатото идно **(ќе работев)** и идното прекажано време **(ќе сум работел)**, покрај основното идно време **(ќе работам)**, се специфика на македонскиот јазик.

1.3.4.1. Минатото-идно време, како што забележуваат Нина и Роланд Шмигер (STUF 2009:105) „како балканизам покажува разлики со бугарскиот и со сличности со албанскиот и новогрчкиот јазик".

Земајќи ја предвид темпоралната компонента и во овој случај станува збор за временски неопределено дејство, односно временската компонента не е определена во однос на моментот на зборувањето. Притоа не треба да го заборавиме и присуството на модалната компонента или

„со други зборови: се работи за дејство (настан) обусловено од некое друго дејство и неостварено поради (не)остварувањето на тоа друго дејство“, која на некој начин доминира над темпоралната компонента (Тополињска 1996:66).

Токму затоа и најчести преводни еквиваленти за ова време во јазиците што не ја поседуваат оваа форма во глаголскиот систем е условниот, односно можниот начин.

Таков е случајот и со словенечкиот јазик:

Пр.: мак. Да ме прашаше, **ќе** ти **кажев**.
слов. Če bi me vprašal, **bi** ti **povedal**.
мак. **Ќе паднев**, да не дојдеше ти.
слов. **Padel bi**, če ne bi ti prišel.

хрв.и срп. **Pao bi**, da nisi ti došao.
буг. **Щях да падна**, ...

Инаку, специфика на минатото-идно време, разликувачка во однос на другите јужнословенски јазици, како и во однос на бугарскиот јазик е итеративно-хабитуалната употреба на ова време, и тоа најчесто присутна во раскажувачкиот стил, на пр: **Ќе играше** карти, **ќе скиташе** по местата и дома **ќе се враќаше** ноќе многу доцна. (М. Фотев), (Тополињска 1996:69).

1.3.4.2. Што се однесува на функцијата на идното-прекажано време, пак, како особеност на македонскиот глаголски систем, акцентот се става токму на категоријата прекажаност, која се јавува како основен признак на македонското минато неопределено време, при што во конкретниов случај се однесува на идните дејства за кои веќе стана збор погоре и кај кои веќе беше нагласена модалната компонента. Предавањето на идното-прекажано време во другите јужнословенски јазици се остварува со дополнителни јазични средства, онака како што беше претставено кај минатото-неопределено време (в. погоре).

Во врска со идните времиња, Блаже Конески (1982:499) забележува: „се гледа дека тие претставуваат во нашиот јазик еден развиен систем од форми со кои се опфаќаат односите на временската последователност на дејствата како во идноста така и во минатото и освен тоа се изразува сето тоа како со директно кажување, така и со прекажување.“

1.5. Сите претставени глаголски времиња се активни во македонскиот стандарден јазик, изразувајќи го притоа разгранатиот систем на семантички функции што се изразуваат преку нивните форми и разликувајќи се во тој поглед повеќе или помалку во однос на другите јужнословенски јазици.

2. И за самиот крај да ги споменеме *има-* и *сум*-конструкциите во македонскиот јазик како специфика на македонскиот јазичен систем во рамките на јужнословенските јазици, инаку развиен под влијание на соседните несловенски јазици и кои се јавуваат сè почесто како средство на изразување на глаголските времиња, особено во современиот јазичен стандард. Нивната функција, како што веќе беше споменато погоре, е изразување на резултативното значење. За илустрација, ќе претставиме неколку примери со нивните можни еквиваленти во другите јужнословенски јазици:

Пр.: мак. Ја **имам читано** книгата, ама филмот го **немам гледано**.
слов. **Prebral sem** knjigo, ampak filma **nisem gledal**.
хрв. и срп. Knjigu **sam pročitao**, ali filma **nisam gledao**.
буг. **Чел/-ла съм** книгата, обаче (но) филмът **не съм** го **гледал/-ла**.

Пр.: мак. Марко **е иден** ваму повеќепати.
слов. Marko **je prihajal** sem večkrat.
хрв. и срп. Marko **je dolazio** ovde više puta.
буг. Марко **е идвал** тук повече пъти.

мак. Јади ти, јас **сум јадена**.
слов. Ti jej, jaz **sem** že **jedla**.
хрв. и срп. Ti jedi, ja sam već **jela**.
буг. Яж ти, аз **съм ял/-ла**.

мак. Петре **е станат**.
слов. Peter **je** (že) **vstal**.
хрв. и срп. Petar **je ustao**.
буг. Петре **е станъл**.

3. Сето ова зборува за богата семантика на македонскиот систем на глаголски времиња изразен преку бројните функции што тој ги остварува и ги реализира преку постојните временски глаголски форми како јазична можност на овој систем, на тој начин диференцирајќи се во однос на другите јужнословенски јазици, мотивирајќи ги притоа одделните функции да ги надоместат преку паралелни или други јазични средства што ги има во даденият систем. Покрај семантиката, нивната употреба ја подобрува и живоста на исказот и стилскиот ефект што на тој начин се постигнува со нив.

Притоа неминовно е да се истакне фактот дека ваквата слика е воедно и резултат на разликите во синтетизмот и аналитизмот кои придонесле за упростување на синтетичкиот и за усложнување на системот на глаголските времиња кај аналитичкиот тип јазици, во што македонскиот јазик е на прво место.

Литература:

Barić i dr., 2007. Gramatika hrvatskog književnog jezika, Zagreb.

Grčič Mateja, Žagar Igor, 2004. *Čas in dejanje v jeziku*, Oranžna zbirka, Ljubljana.

Dimitrova-Schmieger Nina & Schmieger Roland, 2008. *Some peculiarities of the Macedonian verbal system in a Slavonic and Balkan context*, Macedonian in typological perspective, Language Typology and Universals, Academie Verlag, Munich, STUF.61, 2, 105-119.

Конески Блаже, 1982. *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Култура, Скопје.

Пашов Петър , 1994. *Граматика на българския книжовен език*, София.

Спасов Људмил, 1989/90. *Проба за семантичка интерпретација на опозицијата аналитички vs синтетички претерит во македонскиот и во српскохрватскиот современ стандарден јазик*, Зборник на Институтот за македонски јазик, Скопје, 535-544.

Станојчић Живојин и Поповић Љубомир, 2002. *Граматика српскога језика* (уџбеник за I, II, III и IV разред средње школе), Београд.

Тополињска Зузана, 1996. *Студии од македонско-бугарската јазична конфронтација*, МАНУ, Скопје.

Toporišič Jože, 2000. *Slovenska slovnica*, Založba Obzorja, Maribor.

Гоце Цветановски

ТИПОВИ PLUSQUAMPERFECTUM ВО СКОПСКОБЛАТСКИОТ И ВО ЗАПАДНОПРЕСПАНСКИОТ ГОВОР (ФОРМАЛЕН И ФУНКЦИОНАЛЕН ОПИС)

Во периодот од 1998 до 2006 година активно се посветив на собирање дијалектен материјал за изработка на магистерската, а подоцна и на докторската дисертација. Запишувајќи ги веќе снимените материјали и разгледувајќи ги одделните појави на фонетски и на морфолошки план, се отвори можност за маркирање на одделни проблеми сврзани со семантичката синтакса.

Во овој реферат ќе се обидам да ги опфатам глаголските конструкции во скопскоблатскиот и во западнопреспанскиот говор, пред сè, поради фактот што од географски аспект, се покрива една широка зона во западното наречје. Од рефератот може да се проследи географската дистрибуција на глаголските конструкции за изразување plusquaperfectum, како и нивната функционална оптовареност во конкретниве говорни зони. На крајниот север (скопскоблатскиот говор) во западномакедонското наречје се среќава перифрастична конструкција составена од имперфектот на помошниот глагол *сум* + *л-форма* од основниот глагол, а на крајниот запад од западномакедонското наречје (западнопреспанскиот говор) доминира конструкција со помошниот глагол *има*.

Станува збор за временски редослед на настаните, односно за категоријата taxis во два дијалектни система - крајниот север и крајниот запад - на западномакедонското наречје. Всушност, овде ќе ги разгледаме глаголските конструкции познати како plusquaperfectum за изразување временски однос во кој еден минат настан му претходи на друг минат настан.

Се поставува прашањето: Зошто токму plusquamperfectum?

За да се одговори на ова прашање неопходно е едно пошироко објаснување во две насоки: 1) местото што го имал плусквамперфектот во темпоралниот систем на старословенскиот, неговото престројување во рамките на македонскиот темпорален систем, па и пошироко во развојот на словенските јазици, и 2) употребата на плусквамперфектот во конкретниве говори, неговиот однос со перфектот, како и значењата во кои го среќаваме плусквамперфектот.

Темпоралниот систем на старословенскиот јазик во перспектива на нарацијата го согледуваме преку противставувањето на формите по два диференцијални признака: 1) поврзаност на глаголското дејство со дејствата од основната сижетна линија на исказот (негови носители се: имперфектот[1], перфектот, плусквамперфектот и егзактниот футур). Таа поврзаност на дејството се пројавува во неговата двојна темпорална ориентација - кон моментот на дејството од основната сижетна линија и, преку него, кон моментот на зборувањето. Немаркирани членови на опозицијата се апсолутните времиња: аористот, футурот и презентот, чијашто специфична функција е да ги означуваат дејствата од основната сижетна линија директно ориентирани кон моментот на зборување; 2) односот на дејството кон граматички определен момент (период) од време спрема моментот на појдовниот (почетниот) настан (претходен или последователен). Само формите на презентот и имперфектот се немаркирани во тој однос. Во рамките на тој систем плусквамперфектот спаѓа во групата на релативни времиња за претходност изразувајќи поврзаност со дејствата од минатиот период.

Како што е познато, за македонскиот глаголски систем основна карактеристика е постоењето на четири минати времиња во индикатив - две прости (аорист и имперфект) и две сложени (перфект и плусквамперфект). Аористот и имперфектот се морфолошки (синтетски) кон-

---

[1] Во врска со имперфектот и неговото значење како во старословенскиот така и во современите словенски јазици кај кои е присутен (тука, пред сè, се мисли на македонскиот и на бугарскиот јазик), постојат различни пристапи. Некои ги означуваат глаголските времиња како носители на нарацијата, а некои пак, ги утврдуваат инваријантните граматикализирани признаци на времињата и нивните системски опозиции.
Според едните (И.К. Бунина, М. Дејанова, Љ. Андрејчин, Д. Попов, С. Стојанов и др.), имперфектот е релативно време со сложена (двојна) темпорална ориентација на дејството. Според другите (на пример, приврзаниците на „видската теорија", Ј. Маслов, Е. Демина и др.), имперфектот е време со проста темпорална ориентација, кое се разликува од аористот не во темпоралниот, туку во видскиот однос во „поширока смисла". Во врска со старословенскиот имперфект ја прифаќаме концепцијата за системот на времиња во старословенскиот јазик на И.К. Бунина (1959). Во таа насока, имперфектот изразува поврзаност со независните дејства означени со аорист, и е немаркиран член во корелација со плусквамперфектот и кондиционалот (минато-идно време). Негово основно значење е „сегашност во минатото". Ќе го илустрираме ова со еден пример од Мариинското евангелие:

...вьꙁиде же иосифъ отъ галилеѥꙗ. иꙁ града наꙁаретъска. вь июдеѫ въ градъ дв҃ъ...ꙁанѣ бѣашѣ отъ домоу и отьчьствиѣ давд҃ва (Мар. ев. Лук.II, 4-5) ·

Во овој пример аористот означува дејства од основната линија на исказот, а имперфектот современи и сврзани со нив дејства (фон, мотивација, второстепени епизоди и др.).

струкции, а перфектот и плусквамперфектот се перифрастични (аналитички) конструкции. Плусквамперфектот од своја страна ги опфаќа конструкциите од типот *беше пишувал / беше напишал* (т.н. плусквамперфект I) и конструкциите од типот *имаше пишувано / имаше напишано* (т.н. плусквамперфект II).

Во скопскоблатскиот говор предмет на интересирање се конструкциите од типот *беше пишувал / беше напишал,* односно плусквамперфектот I (како што го нарекуваат некои, на пример: З. Голомб, Р. Усикова и др.), бидејќи тој е далеку пофреквентен во однос на плусквамперфектот II. Во прилог на ова сведочат материјалите што ги собравме, како и индексите по односниве прашања составени според *Прашалникот* за Македонскиот дијалектен атлас изработен од академик Божидар Видоески. Имено, во картотеката на Одделението за македонска дијалектологија се вели дека конструкциите со *има* се познати, но многу ретко се употребуваат. Ова се должи на фактот што скопската јазична територија претставува периферија во однос на појавата на перфектот II, односно *има*-перфектот како што го нарекува В. Фридман (The Grammatical Categories of the Macedonian Indicative, Columbus, Ohio, 1977), а со тоа и на *има*-конструкциите, бидејќи врз моделот на перфектот II се образувал и плусквамперфектот II.

Перфектот е експанзивна форма која постојано ја проширува својата функционална зона *на* сметка на аористот, имперфектот и плусквамперфектот. Сметаме дека најшироко прифатено е мислењето дека ст.сл. конструкција -лъ ѥсмь изразува резултативност на едно минато дејство, т.е. дејството се извршило во минатото, а неговите последици се поврзуваат со моментот на зборувањето. И.К. Бунина (Бунина; 1959, 75) ст.сл. перфект го третира како релативно време кое ја изразува поврзаноста на минатото дејство со ситуацијата на дадениот сегашен момент (период) или со неговите одделни дејства и како таков тој (перфектот) стапува во привативна опозиција со аористот, кој е неутрален во однос на поврзаноста на дејството. Перфектот I се образува од помошниот глагол *сум* и глаголската *л*-форма и се јавува како директен наследник на стариот перфект (кој во старословенскиот се образувал од глаголот ѥсмь и минатиот активен партицип II што завршувал на -лъ, -лѧ, -ло). Перфектот I презел врз себе некои нови функции, како на пример, неопределеноста што не се сврзува со некој конкретен момент или временски период во минатото, или пак, прекажаноста.

Уште еден услов, кој можеби повлијаел да се задржи стариот перфект, па оттаму и плусквамперфектот I. Имено, во албанските гегиски говори кои граничат со оваа македонска говорна зона перфектот и

плусквамперфектот исто така се образуваат со помошниот глагол *сум* (jam) - ситуација сосема различна од онаа во литературниот албански јазик и во јужните албански говори, каде што перфектот и плусквамперфектот се градат со помошниот глагол *има* (kam).

Во западнопреспанскиот говор доминираат токму глаголските конструкции со *има*.

Конструкциите од имперфектните форми на глаголот *има* и глаголската *-н-/-ш-*придавка во литературата често се среќаваат под името плусквамперфект II. Овде ги додаваме и конструкциите од имперфектните форми на глаголот *сум* и глаголската-*н-/-ш-*придавка под терминот *беф*-плусквамперфект.

Во западнопреспанскиот говор овие конструкции се со голема функционална оптовареност, пред сè, поради тоа што отсуствуваат формите на плусквамперфектот I.

	Форми од свршен вид	Форми од несвршен вид
	Еднина	
1 л.	*имаф ѿојдено*	*имаф одено*
2 л.	*имаше ѿојдено*	*имаше одено*
3 л.	*имаше ѿојдено*	*имаше одено*
	Множина	
1 л.	*имаме ѿојдено*	*имаме одено*
2 л.	*имаѿе ѿојдено*	*имаме одено*
3 л.	*имаа/имее ѿојдено*	*имаа/имее одено*

Голема функционална натовареност во западнопреспанскиот говор имаат и конструкциите образувани со имперфектните форми на глаголот 'сум' и глаголската *-н-/-ш-*придавка (во соодветен род) од свршен вид на непреоден глагол:

	Еднина	Множина
1 л.	*беф дојден, -а, -о*	*бе(ф)ме дојдени*
2 л.	*беше дојден, -а, -о*	*бе(ф)ѿе дојдени*
3 л.	*беше дојден, -а, -о*	*бе(ј)а дојдени*

Овие конструкции во западнопреспанскиот говор се многу фреквентни, пред сè, поради слабата функционална натовареност на *л*-перфектот, како и отсуството на плусквамперфектот I.

Во следниов дел ќе се обидеме да го претставиме системот на плусквамперфектни форми како и нивната семантичка интерпретација, а тоа значи ќе го разгледаме плусквамперфектот I и II од функционален

аспект. Тоа, пак, нѐ обврзува да зборуваме и за категоријата начин како надредена категорија во однос на времето, и за категоријата таксис, бидејќи формите на плусквамперфектот се одликуваат со тоа што се маркирани по таксис, т.е. по чиста претходност на дејството, без оглед на резултатите (резултативност) или состојбата (статичност) или лична потврда на зборувачот (статус).

Проблемите поврзани со промените во односот на перфектот кон плусквамперфектот не се доволно разгледани, а тие две форми се поврзани со потеклото, со морфолошкиот состав и со функциите уште во прасловенскиот и во текот на историскиот развој на јужнословенските јазици и сѐ повеќе се доближуваат. Според мислењето на М. Дејанова (Деянова; 1970, 10) постојат неколку комбинаторни варијанти на поврзаноста на плусквамперфектот со минатиот момент:

1. СТАТАЛНОСТ (статичност). На преден план е состојбата создадена од претходно дејство, паралелна/истовремена со дејствата од даденият минат период. Тоа е своевидна статична карактеристика на субјектот. Статалноста е поврзана со свршени глаголи (главно непреодни), кои речиси секогаш се однесуваат како резултативен начин на дејство. Ова значење, кое според мислењето на А. Потебња (Потебня; 1958, 260), е општо значење на перфектот во најстарата фаза на словенските јазици, М. Дејанова (Деянова 1970, 11) му го припишува и на плусквамперфектот, но според неа тоа не е ниту единствено, ниту преовладувачко во старословенскиот јазик.

2. АКЦИОНАЛНОСТ (акционално значење). На преден план е мислата за самото претходно дејство и тука разликуваме неколку случаи:

а) дејство, кое оставило во подоцнежниот темпорален период материјални траги (резултати), коишто претставуваат елемент од ситуацијата во која се развива основната линија на исказот, подвлечена од апсолутниот аорист. Се среќава и кај преодни и кај непреодни глаголи од свршен вид и резултативен начин на дејство.

б) дејство, поврзано со подоцнежниот минат период или со одделно негово дејство преку некаква нематеријална логичка или причинска врска. Се среќава и кај преодните и кај непреодните глаголи од двата вида и со различни начини на дејство. Во блискиот контекст преовладуваат формите на аористот над формите на имперфектот.

в) дејство, чијашто реализација / нереализација се протега до самиот минат ориентациски момент. И овде се нагласува некаква причинска врска со подоцнежната ситуација. Се среќава кај негирани глаголи од свршен вид.

г) анулираност (отсуство) на врската во дадениот момент со подоцнежната темпорална ситуација - која во случајов се појавува како материјален или нематеријален резултат. Ова значење најчесто се среќава во текст со непрекажани форми.

Во граматиката на Конески (Конески; 1987, 481) за плусквамперфектот се вели дека се образува од формите за минато несвршено време на помошниот глагол *сум* и *л*-формата, обично, од свршен глагол:

1. бев дошол,	бевме дошле;
2. беше дошол,	бевте дошле;
3. беше дошол,	беа дошле.

Тоа е време со кое се означува дејство кое е извршено или, пак, вршено пред некое друго минато дејство. Ова, пак, значи дека со плусквамперфектот се воспоставува однос помеѓу две или повеќе минати дејства, при што со посебни форми се нагласува нивната антериорност (претходност) односно постериорност (последователност). Времето во кое се извршува глаголското дејство двојно се определува на временската оска: 1) според моментот на зборувањето и 2) спрема некој момент во минатото.

Во скопскоблатскиот говор плусквамперфектот (најчесто) се јавува со имперфектна форма за 3 л. еднина од помошниот глагол *сум* и глаголската *л*-форма од свршен глагол:

беше дошол, дошла, дошло, дошле
беше ранил, ранила, ранило, раниле
беше седнал, седнала, седнало, седнале
беше завртел, завртела, завртело, завртеле
беше смачкал, смачкала, смачкало, смачкале
беше истерал, истерала, истерало, истерале
беше избегал, избегала, избегало, избегале
беше пуштил, пуштила, пуштило, пуштиле
беше бил, била, било, биле (последниве форми се несвршени, но имаат двојна улога).

Бл. Конески вели дека „формите за предминато време можат да се употребат за прекажаност тогаш кога во нив формата од помошниот глагол се сведува само до службата на еден стилски елемент. А пак најизразито таков случај е кога во сите лица се јавува *беше*.“ Дел од скопскоблатскиот говор (регионот на Каршијака) ги познава само плусквамперфектните форми со *беше*, а ваквата употреба е честа во дијалошки

форми кога говорителите ја потенцираат прекажаноста на дејството или настанот. Тоа значи дека кога на говорителите ќе им се побара објаснување за употребата на плусквамперфектните форми, тие веднаш ја заменуваат плусквамперфектната форма со перфект и додаваат дека некој им соопштил за тоа, односно посредно добиваат информација за дејството или настанот. Но кога е така, тогаш се поставува прашањето зошто е потребно „усложнување" на перфектот со еден стилски елемент *беше* ако може истата информација да се предаде само со глаголската *л*-форма, при тоа да нема никакви промени во значењето? - Ни се чини дека одговорот треба да го бараме во семантичката интерпретација и во комуникативната улога на овој навидум само стилски елемент. За да го разгледаме ова прашање, ќе дадеме една говорна ситуација во која учествуваат А и В (при што В може да биде едно лице, но и повеќе). Во еден момент А се обраќа кон В со плусквамперфектна форма за некое трето лице С и соопштува нова информација, во врска со некоја нова релација меѓу С и некое лице D, кое не мора да им биде познато на другите:

Го сретнаф Стојана фчера кај Огради. ***Беше влегол*** *во нивата Кипраноа и со конѕеркатa вадеше вода од бунарот. „О, Стојан" - му рекоф - „доста е за денеска, остај работата, ела да попраиме муабет." И запраифне муабет за офците. Ја му викам: „Абре Стојане, кој е на ред с'офци да оди?-Еве, два дена како лежат офцине."- А, тој ми вика: „Кој, никој! Л'убе требаше да оди, ама ја опраифне со Л'убета. "-* ***Беше се скачкале*** *нешто за меѓата, овој рекол вака, оној рекол онака и овој* ***беше го удрил Л'убета.*** *И сега Л'убе не оди с'офци.*





Јасно е дека во примерот „**Беше влегол** во нивата..." плусквамперфектот е употребен во своето основно значење, бидејќи лицето С (во случајов, Стојан) влегол во нивата пред да го сретне лицето А (во случајов, авторот на текстов). Во примерот „**Беше се скачкале**..." покрај основното значење на предминатост имаме и значење на прекажаност, бидејќи лицето А не присуствувало на тој настан, туку разбрало од зборовите на лицето С. Во примерот: „**беше го удрил**..." плусквамперфектната форма е во онаа функција за која зборувавме погоре.

Што се однесува на плусквамперфектните форми употребени во текстот што го разгледуваме, можеме да забележиме неколку значења меѓу кои го среќаваме и основното значење на плусквамперфектот (дејство извршено пред некое друго дејство), но, се разбира, потребен ни е поширок контекст за да го утврдиме тоа. Анализата ја вршиме врз текст во директно кажување, па според тоа би требало да очекуваме почесто нарушување на природниот редослед на настаните, а со тоа и почеста употреба на плусквамперфектот. Сметаме дека е подобро да го дадеме текстот во целост, а примерите ќе ги означиме со редни броеви и на тој начин ќе ги користиме во понатамошната анализа.

ТЕКСТ

Е, ама-четир'иес-п^{ă}рва г'одина, на-ш'ести 'април п'укна т'опот. Н'ови-Сад б'ефне, М'ацарска т'ука, се-сл'ушаше п'укна т'опот. На-п'оложај б'ефне поз'ади Б'елград. Од-Н'ови-Сад се-повл'екофне. Д'ојдофне Б'елград. Т'ука Герм'анците л'упа: со-ави'оните. Се-к'а-чифне Млад'еновац за-кај-В'алево едно-ц'аде 'имаше. Се-к'ачиф-не г'оре в-'една ш'умичка. Р'азбрафне кр'ал'от 'избегал. Сф'ите (1) **б'еше изб'егале** и 'остана н'игдека...С'ега се-с'учат. К^{ă}рв'атите - К^{ă}рвацка п'адна в'ише, з'ароби Герм'анецот, вл'езе. И-Н'ови-Сад (2) **беше-д'ошле**. И кај-ќ-'ојме, што-ќ-'ојме, б'амбе-б'умбе! т'ука д'а-доа една-б'орба т'ија н'ашите. Се-сф^{ă}ртоа, беше го мин'ирале не-кое-ц'аде т'аму, испрев^{ă}ртоа на-Герм'анците тенк'оі те – отст'у-пија. К'ога д'ојдоа некоі-пет-ави'она, к'ога ни-в'икна: 'озгора, н'е-ма кај-ќе-с'е-криеш! И-не-б'иваше, т'уку кумандʼирот, Л'азо Том'ашевиќ се-в'икаше, (3) беше-го-р'аниле 'овдека, (4) **беше-с'еднал** в-'ед-на к'ола: „В'ојско, каже, слушајте момци, каже, Југосл'авија пр'о-падна, кој-како-зн'ате 'одите." (5) **Беше-ја-з'ав^{ă}ртел** к'апата н-'опаку како-да-се-пр'едава. И от'иде за-Б'елград в-б'олница. Н'ие ост'а-нафне т'ука.

- 'Имаше еден-Цв'етко од-Бр'езница,(6) **беше-го-см'ачкале** и-него.
- Еден-потп'оручник, Зл'атко Глиг'ороф,(7) **беше-б'ил** Макид'онец, еден-п'оручник, С'аво 'учител, (8) **беше-б'ил** Макид'онец! И-тој с'ега Зл'атко Глиг'ороф: „Ј'ане, ти што д'ојдеш с'о-нас, што не испр'атиш нас до Стр'акин, па што си се в^{ă}рнеш н'азад", а тој С'аво: „н'емој м'омче, н'емој, в-к'ăшта да-си-'одиш, не-ти-тр'еба в'ака." И не п'уштија. Д'ојдофне д'ома. Штом д'ојдофне д'ома(9) **беше-го-ист'ерале** ч'ичко-ми и некој-Б'орче, Б'орче од Д^{ă}рж'илово.

- (10) **Беше-се-сѓемнило** кога се-сѓобра ѝарот. Сѓо-души се-сѓобраа. И ја ќеш-да-влѓезеф тѓука. Тија (11) **беше-бѓиле** све от-Пореч'ијата, од Мак'едонски Брод што-го-в'икаат. 'Отаде (12) **беше-бѓиле** св'ите тѓија.

- -Дѓојдофне на гр'аница м'ацарска и на југослов'енска. 'Ама, (13) 'Осјек **беше-бѓил** - 'имаше едно-м'офче, не-д'опреа тѓука. 'Имаше еднаф'абрика. Ж'ени сѓобрани, М'ацарки, шѓо-беа, каќо-беа, па пиш'уеја в'ака на-прозѓорите. Слѓегофне како-слѓегофне, 'ама едни дваѝаесе дѓуши (14) **беше-избѓегале**. Ја-сум Макидѓонец, ж'иveам у Баѝата, 'ова, 'она, (15) **беше-избѓегале.** Дѓојдофне 'отѓука не-м'ачија, ни шѓо-беше, ни каќо-беше ѝ'авечер отѓидофне тѓаму. Дрѓугите, пѫрвите пѓати (16) **беше-ги-пѓуштиле**. Нѓие остѓанафне тѓука. Отѓидофне ѝ'ајпосле и-ние ј'адофне леп.

- - (17)Ако не дојдеше, **беше му била** маф работата!
- - (18) Да **беше дошол**, убаво ќе му се изназбореф.

Се разбира дека и во тие случаи, какви што се примерите (3),(4),(5),(6),(9), (10) и (16) кога имаме значење на предминатост можеме да откриеме и некое друго, како што е случајот со примерот (3) каде што е очигледна резултативноста. Освен тоа, како што забележува Ј. Миндак кога зборува за плусквамперфектот кај Цепенков, во текстот се појавува „и една цела низа на форми на предминато време, во ситуација кога се работи за целата низа на настани суштествени од гледна точка на дејството во расказот“ (Миндак; 1988, 132).

Во примерите што следуваат можеме да забележиме еден вид семантичка перфективност. Семантичката перфективност, според Миндак, ѝ одговара на информацијата за една измена (разгледувана од временска гледна точка), па така, како резултат дадениот исечок (дел) од вонјазичната реалност (многупати - конкретен, посочен објект) престанува да се наоѓа во една состојба (или: престанува да врши една акција) и преоѓа во друга (различна) состојба. Ова се потврдува со примерите (1), (2), (7), (8), (11) и (12). Од примериве јасно е дека плусквамперфектните форми се употребуваат за изразување на перфективност со што се внесува некоја нова или дополнителна информација, но во следниот фрагмент на текстот се продолжува старата тема каде што била употребена плусквамперфектна форма. „Дури ако се појавува една нова 'слика', неповрзана со поранешната, има некој сигнал, па макар и сосема формален, на поврзаноста на сликите.“

Во примерите (7), (8), (11) и (12) можно е да се работи за адмиративна функција на плусквамперфектот, бидејќи таквата употреба, според мислењето на Фридман, е предизвикана од нешто што го дознал говорникот во сегашноста и таа вистински ја посочува состојбата што веќе постоела во минатото. „Таквата употреба може да укаже само на една состојба што продолжила да постои од некое минато време до моментот на зборувањето, па и изненадата или чудењето на говорникот исто така ја посочува минатата состојба на неверување или знаење на говорникот, кога немаше да ја потврди таа констатација"(Фридман; 1980, 128).

Примерите (14) и (15) можеме да ги разгледуваме и од аспект на актуелноста на последиците во моментот на зборувањето, но и како дејство што следува по некое друго дејство.

Во примерите што ги разгледавме зборувавме за употребата и функцијата на плусквамперфектот во независни реченици, а сега ни останува да ги разгледаме примерите во кои плусквамперфектот се јавува во зависносложени реченици:

- (17) Ако не дојдеше, **беше му била** маф работата!
- (18) Да **беше дошол**, убаво ќе му се изназбореф.

Во двата примера имаме употреба на плусквамперфект во функција на иреален кондиционал, со таа разлика што во примерот (17) плусквамперфектната форма се наоѓа во аподозата и го заменува вообичаениот кондиционал претерити, а во примерот (18) плусквамперфектната форма заедно со **да**-формантот го образува субјунктивот претерити.

Со формите на *има*-перфектот II се изразуваат настани што се случиле во минатото без точно да се определи моментот на извршувањето, а поради блискозначноста со формите на перфектот I (*л*-перфектот употребен во своето основно значење) честопати се заменуваат со нив без да се промени значењето. *Има*-перфектот II секогаш подразбира резултативна интерпретација:

А л'еле, от-т'огај 'имам пл'акано, с'етне како 'имам пл'акано, како-а-р'екоф т'ака, си-в'ел'а;

М'ајка со-кр'ошната 'има н'осено ф-пл'анина;

Ч'упата а-'имам м'ажено во-Ф'ирне;

'Ената с'еа 'има ст'игнато д'ете...;

...ч'упата с'ега т'аа си-ја-'има св'аршено во-П'устец...;

Ј'аска 'имам с'едено и без-леп...;

...'имаш д'аено в'ерба...

Во западнопреспанскиот говор многу често се среќаваат и конструкциите од типот 'сум дојден', а овде дури има и конструкции од ти-

пот 'сум биден'. Тоа се должи на влијанието на балканската јазична средина.

Освен изразување на неопределноста на минат настан, во врска со значењето на *сум*-перфектот II во западнопреспанскиот говор се забележува и резултативниот карактер:

...пр'ај 'есап, петн'ајсе д'ена са-с'едена без-л'еп, петн'ајсе д'ена 'ако мă-зн'ајш, 'ако р'азберваш, без-л'еп са-с'едена...;

Сеа са-д'ојден, му-в'ели, да-та-'убија т'ебе и да-ти-з'емам еден н'ишан...

Тој а-имаше запалено куќата;

...ја-имаф покосено ливадата...;

Изразување на дејство во минатото што се случило пред некое друго минато дејство во западнопреспанскиот говор најчесто се изразува со формите на плусквамперфектот II.

С'еѓа ц'аро, на-ц'аро му-б'еше ф'атено ќ'ерка-му една кр'аста воѓл'а:та, му-б'еше п'адната к'осата. Ц'аро в'икаше, пр'аеше м'ол'ба.

Примеров покажува дека во наративниот текст, кога нараторот испуштил некој настан, или се сомнева дека му е познат на соговорникот, се вметнува плусквамперфектната форма за да се поврзе со она што сака да се соопшти.

На крајот, можеме да заклучиме дека во скопскоблатскиот говор плусквамперфектот се доближува до перфектот и тоа, во оние случаи кога не се врши сопоставување со некое друго дејство, туку се изразува минатоста само во однос на моментот на зборувањето. Исто така, со формите на плусквамперфектот се изразува дејство за кое отпосле стануваме свесни, т.е. дејството се реализирало, а субјектот поради некоја причина не го забележал, но во моментот на зборувањето станал свесен за неговите последици.

Предминатоста како основна карактеристика на плусквамперфектот останува и понатаму присутна во скопскоблатскиот говор, но има случаи кога плусквамперфектот отстапува пред перфектот токму во таквото значење. Освен тоа, на плусквамперфектот се накалемила и една категорија карактеристична за перфектот - прекажаноста - а, тоа оди во прилог на изречената констатација за разнишаноста на плусквамперфектот во скопскоблатскиот говор и негово доближување до перфектот.

Во западнопреспанскиот говор предност имаат конструкциите на плусквамперфект II. Речиси целосно се истиснати од употреба конструкциите со *л*-перфектот, а на негово место се јавуваат конструкции од имперфективните форми на глаголите *има* и *сум* и глаголска придавка.

Литература:

П. Асенова, „Основни проблеми на балканския езиков съюз“, *Балканско езикознание*, София 1989.

Ст. Бојковска, *Радовишкиот говор*, Скопје 2003.

Ст. Бојковска, *Мегленскиот говор*, Скопје 2006.

А. В. Бондарко, *Функциональная грамматика*, Ленинград 1984.

И. К. Бунина, *Система времен старославянского глагола,* 1959, Москва.

Сн. Велковска, *Изразување на резултативноста во македонскиот стандарден јазик*, Скопје 1998.

Б. Видоески, *Поречкиот говор*, Скопје 1950.

Б. Видоески, „Кичевскиот говор“, *Македонски јазик*, VIII, кн. 1, Скопје 1957.

Б. Видоески, „Кон разграничувањето на говорите во Скопско“, *Прилози на* ОЛЛ *при МАНУ*, X/1, Скопје 1985.

Б. Видоески, *Дијалектите на македонскиот јазик*, том 1, Скопје 1998.

М. Деянова, *История на сложните минали времена в български, сърбохърватски и словенски език,* 1970, София.

Бл. Конески, *Граматика на македонскиот литературен јазик,* 1987, Скопје.

Ј. Миндак, *Прекажаност и перфективност за формите на plusquamperfectum кај Марко Цепенков,* Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото, 1988, Скопје.

А. А. Потебня, *Из записок по русской грамматике,* 1958, Москва.

В. Фридман, *Адмиративност во балканските јазици: категорија против употреба,* М. Ј. XXXI, 1980, Скопје.

V. Friedman, The Grammatical Categories of the Macedonian Indicative, Columbus, Ohio, 1977.

Лидија Тантуровска

ЗА ГЛАГОЛСКИТЕ ФОРМИ ВО ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНИОТ ПОТСТИЛ

Денес зборуваме за Република Македонија како за правна држава, во која, од прогласувањето на независноста во 1991 година, донесувањето законски акти стана честа појава во парламентот. За разлика од претходниот период (од 1945 до 1991) кога беа доминатни законските акти на републичко ниво и оние што беа за усогласување со законските акти на сојузно ниво, во новиов период Република Македонија донесува законски акти, кои се конститутивни за една правна држава, а и законски акти, кои се насочени кон надворешната политика на нашата земја, во меѓудржавната комуникација, се разбира, преку трансферот на преводот.

По овој повод, ексцерпираниот материјал ќе биде ограничен само на јазикот во делот од законите (објавени во „Службениот весник на Република Македонија"), односно правните акти што ги регулираат односите меѓу државните органи и граѓаните, поточно истојазичните „соговорници".

Најпрвин ќе кажеме неколку збора за законодавно-правниот потстил, како дел од административниот функционален стил, во чии рамки се вклучени текстовите од законската регулатива. Како што е познато, законодавно-правниот, заедно со општествено-политичкиот, со дипломатскиот, со деловниот и со персоналниот потстил, е вклучен во административниот (официјално-деловниот) фунционален стил. Овој функционален стил, познат уште како јазикот на администрацијата и на политиката, го претставува јазикот што се употребува во рамките на дејноста на државните институции, внатре во државата и во однос со другите држави, потоа во рамките на односите меѓу државата и различните организации и на крајот, го опфаќа општењето меѓу државата и граѓанинот и обратно (ЛМЃ, 2003:305). Заедничките особености на наведените потстилови, кои му се припишуваат на административниот функционален стил, се: информативност, објективност, стандардизираност, клишираност, а во актите што ја пропишуваат дејноста на институциите и на граѓаните, уште и императивност, отсуство на емотивни јазични средства. Основната форма на овој стил е пишуваната, иако се јавува и во говорена форма (на седниците на Собранието; на собири и сл.). Кога станува збор за авторството, ако има потпис, тој е на раковод-

ното лице. Административниот функционален стил се одликува со затврдени форми и изрази (преку формулари), со клиширани форми, со преовладување на именките над глаголите, со едноличност на речениците, со набројување, со присуство на терминологија од областа на: правото, дипломатијата, војската и администрацијата. Секој од потстиловите покажува свои црти. Кај законодавно-правниот потстил најмногу доаѓа до израз авторитетот на власта. Државата е таа што ги регулира односите меѓу државните органи и граѓаните, со правни акти. Преку правните акти граѓаните се обврзуваат на нешто, им се наредува нешто, им се забранува некаква дејност итн.

За нас претставуваше предизвик анализата на текстовите од законодавно-правниот потстил во поглед на употребата на глаголските форми, особено ако се има предвид дека македонскиот јазик е еден од словенските јазици со најразвиен глаголски систем.

Со оглед на фактот што глаголите како полнозначни зборови со кои се означува дејство или состојба се поврзани секогаш со некој вршител или носител и со определено време, во македонскиот јазик се јавуваат многу форми. Како што е познато, со нив се изразуваат повеќе граматички значења или категории: *времето, начинот, лицето, видот, преодноста, залогот, родот, бројот.*

Со анализата на текстовите на законодавно-правниот потстил ќе се обидеме да направиме морфолошки и морфосинтаксички преглед на формите на глаголите што се среќаваат во нив.

Познато е дека од словенските јазици, македонскиот јазик, покрај бугарскиот, има најмногу глаголски времиња (сегашно, минато определено свршено, минато определено несвршено, минато неопределено свршено и несвршено, предминато, идно, минато-идно и идно прекажано време). При анализата на текстовите од законодавно-правниот постил се забележува ограничен број на глаголските времиња. Преовладува употребата на сегашното време, потоа на идно време и на минато свршено. Со формите на сегашното време се изразува констатација или препорака: *Културата ја остваруваат уметници, самостојни уметници, јавни и приватни установи, други правни и други физички лица.* (Закон за културата, Чл. 12 „Сл. весник на Р. Македонија“ бр. 9/03); *Уметник, во смисла на овој закон, е секое физичко лице кое создава авторско дело од областа на уметничкото творештво или изведува авторско дело, односно дело од народното творештво, независно од образованието, правниот статус, регистрацијата, државјанството, друг вид припадност итн.* (Закон за културата, Чл. 13 „Сл. весник на Р. Македонија“ бр. 9/03).

Уште на почетокот треба да се истакне дека се забележува повторување на исти или на слични конструкции, реченици, пасуси, кои се употребуваат при пишувањето и оформувањето на ваквите текстови, што не е случај во текстовите од другите функционални стилови. Така,

се случува во ист член да бидат повторувани исти глаголски форми: *Советот на јавната установа: - донесува статут; - донесува акти за внатрешна организација; - донесува програма за работа и развој; - донесува финансов план; - донесува годишна сметка;* ... (Сл. в. бр. 13/96, 216, Чл. 26). Со оглед на фактот што станува збор за сегашно време, се повторуваат несвршени глаголски форми.

Треба да се забележи дека во последните членови од законските текстови формите на сегашното време означуваат идност: *Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“* ... (Закон за заштита на децата, Чл.91); *Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.* (Одлука за пренесување на основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца – детски градинки, на општините и на општините во градот Скопје и пренесување на сопственост на објектите, Чл.9).

Повторливоста на формите е застапена и при употребата на свршени глаголи, кои главно ги сретнавме со сврзници и со честички (ако, да, да/не, ќе). Во законските текстови честопати се среќаваат свршени глаголски форми со сврзникот *ако* (во условните реченици), што секако му се припишува на овој потстил како карактеристика: *Ако*[1] *знамето на Република се истакнува заедно со две други знамиња, знамето на Република Македонија се наоѓа во средина. / Ако знамето на Република Македонија се истакнува покрај друго знаме, тоа секогаш се наоѓа на левата страна, гледано однапред... / Ако знамето на Република Македонија се истакнува заедно со повеќе знамиња на други држави, знамињата на другите ќе бидат истакнати по абецеден ред.../ Ако знамето на Република Македонија се истакнува со знамето на единиците на локалната самоуправа и други знамиња, знамето на Република Македонија се истакнува на прво место од левата страна одделечено два метри, а повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамињата на единицата на локалната самоуправа и од другите знамиња...; Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници; Судијата се разрешува: - ако тоа сам го побара;/ - ако трајно ја загуби сопственоста за вршење на судската функција, што го утврдува Републичкиот судски совет; / - ако ги исполнува условите за старосна пензија.!*

Се повторуваат и глаголските форми во идно време со честичката ќе: *Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот. / Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програ-*

[1]Во голем број од примерите паѓа в очи редот на зборовите во рамките на зависната условна и на зависната временска дел-реченица, што е спротивно на нормата, ако е познато дека врската меѓу сврзникот и глаголот во лична форма е сосема тесна. (Л. Минова-Ѓуркова 1994: 266).

ма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или со закон (Устав на РМ, Чл. 112)... итн.

Па така, покрај споменативе примери, идното време се среќава најмногу во „Казнените одредби" од законите: *Одговорното, односно раководното лице на општината ќе се казни за прекршок со парична казна од 30.000 денари до 50.000 денари, ако: 1) општината се задолжи во странство без претходна согласност на Владата на Република Македонија (член 18 став (2)); 2) општината даде под хипотека имот на општината* ... (Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Сл. в. бр. 61/04 од 13.09.2004, Чл. 47).

Видот, како многу карактеристична категорија во словенските јазици, е во тесна врска со глаголското време. Покрај оние примери со кои се изразува идно време, свршени глаголски форми сретнавме и во минато определно свршено време: *Врз основа на член 133-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 98/0, 17/03 и 65/04), а во врска со член 22 став (1) точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 22.06.2005 година, донесе ОДЛУКА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ НАД ПОСТОЈНИТЕ ЈАВНИ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ...; Народното собрание на Народна Република Македонија, на своето второ вонредно заседание одржано на 27 јули 1946 година го донесе следниот ЗАКОН за грбот на Народна Република Македонија* ...

Во рамките на законските текстови значајно место заземаат модалните глаголи со *да*-конструкциите. Тие го означуваат различниот степен на директивност, една од препознатливите црти на законодавноправниот стил. Се среќаваат примери со модалниот глагол *може*: *Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите...; Границата на Македонија може да се менува само во согласност со Уставот, а врз принципот на доверливост и во согласност со општоприфатените меѓународни норми; Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон; Припадниците на народностите и етничките групи и на другите народи на СФРЈ, при празнување на државните празници и при прослави и свечености, покрај знамињата на СРМ и СФРЈ можат да го истакнуваат и знамето на народноста односно на етничката група односно социјалистичка република* (Сл. в. бр. 40/73, Чл. 7), потоа со модалниот глагол *треба*: *Кога знамето се вади од јарболот и се става на чување, треба да се свитка уредно и на церемонијален начин; Химната секогаш треба да се свири со достоинство* (Сл. в. бр. 32/97 Чл. 27); со модалниот глагол *(не) смее*: *Малолетните лица не смеат да бидат вработувани на работни места што се штетни за нивното*

здравје и моралот (Чл.42); и највисок степен на директивност се примерите со модалниот глагол *мора*: *Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.* (Член 51); *Претседател на Републиката мора да биде државјанин на Република Македонија; ...*

Во конкретниве текстови (во законите), ставот на пишувачот кон дејствата (кој е „анонимен"), е искажан во вид на исказ, што значи дека во овие текстови е застапен главно исказниот начин.

Категоријата лице е претставена преку личните и неличните глаголски форми. Од личните, главно доминираат глаголските форми за трето лице еднина: *Собранието на Република Македонија: - го донесува и изменува Уставот; - донесува закони и дава автентично толкување на законите; - ги утврдува јавните давачки; - ... - расишува референдум; - одлучува за резервите на Републиката; - основа совети; - избира Влада на Република Македонија...; како и за трето лице множина:... претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИЗВОРНИТЕ ПРИХОДИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ЗА 1999 ГОДИНА* (Сл. в. бр. 23 од 22 април 1999); *Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗНАМИЊАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.* Иако е реткост, најдовме и примери со формата за прво лице еднина: *Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАМИЊАТА.*

Од неличните глаголски форми, особено место зазема глаголската именка на *–ње* (и во насловите и во самите текстови): *УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ПЕЧАТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА* (Сл. в. бр. 9/56); *ОДЛУКА ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ* (Сл. в. бр. 1/92; 91/01); *Закон за изменување и дополнување на Законот на научно-истражувачката дејност* (Службен весник на СРМ, бр. 12, 13. април, 1990); *Со статутот на научната установа поблиску се определуваат задачите и внатрешната организација, составот и делокругот и одговорноста на органите за управувањето, положбата на работните единици и правата и должностите на работните луѓе во управувањето, прашањата за кои непосредно одлучува работната заедница и начинот на одлучувањето, начинот на утврдувањето на програмата на научната работа, начелата за формирањето и распределбата на средствата, одредби за научните и стручни работници и нивниот избор односно преизбор и разре-*

шување, работните и други прашања од значење на самоуправувањето и работењето на научната установа. (Сл. в. бр. 9/67:131); *Темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија се: - основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право утврдени со Уставот; слободно изразување на националната припадност; - владеењето на правото; - поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска; - политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори; - правната заштита на сопственоста; слободата на пазарот и претприемаштвото; - хуманизмот, социјалната правда и солидарноста; локалната самоуправа; - уредувањето и хуманизација на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и – почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право* (Устав; Чл. 6). Поретко се среќава глаголската именка на *–ние*: *решение, заседание, собрание* и сл.: РЕШЕНИЕ ЗА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОГЛАСУЕНИЕТО НА УСТАВОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Сл. в. бр. 1/47).

Во прегледот на анализираните текстови може да се проследи промената на суфиксот *-уе* во *-ува*, соодветно со правописните промени на нормата на македонскиот јазик, во петтата деценија од дваесеттиот век: *Овој Закон влегуе во сила со денот на неговото објавување на „Службен весник, на Н. Р. Македонија“.* (Сл. в. бр. 24/46); *Грбот на Република Македонија претставуе поле ...* (Сл. в. бр. 24/46, Чл.1); *Среде во полето се оцртуе планина, ...* (Сл. в. бр. 24/46); *... досегашното име на нашата федерална единица „Демократска Федерална Македонија„ се изменуе и гласи „Народна Република Македонија“*[2](Сл. в. бр. 7/46); *Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, ..., го прогласуе Законот за државниот печат на Народна Република Македонија...* (Сл. в. бр. 2/48); за разлика од подоцнежните примери: *Грбот на Република Македонија се истакнува на граничните премини...* (Сл. в. бр. 19/98, Чл. 2).

Со глаголскиот суфикс *–ува* се прави обид за формирање двојки од интернационализмите (*квалифицира – квалификува*). Познато е дека во последно време често пати се среќаваат глаголски форми со суфиксот *–(из)ира*, кои најчесто се двовидски и припаѓаат на интернационалната лексика: *Реклама е порака со цел да се информира и поттикне јавноста на купување на определен производ, односно користење на определена услуга* (Закон за радиодифузија, Чл. 3); *Сопственикот на кабловската*[3] *радиодифузиска мрежа не смее да дистрибуира сопствена програма ниту сопствени реклами ...* (Закон за радиодифузија, Чл. 65). Сепак, во многу од овие глаголски форми тешко се изведуваат корелатив-

[2] Печатна грешка.
[3] Лекторска грешка.

ни форми и со замената на *–(из)ира* со *–ува* не се решава проблемот во поглед на видот на овие глаголи, па се препорачува нивно префиксирање. (Л.Минова-Ѓуркова, 2002:65).

Во лингвистичката литература се смета дека граматичките категории преодност, залог и повратност имаат тесна врска (Л. Тениер, 1966).

Преодноста, како граматичка категорија на глаголот може да се разгледува во врска со директнозависната и индиректнозависната именска група. Во овие текстови ќе се задржиме на примерите со директнозависната именска група, кои се во поголем број: *Статутот го донесува органот на управување на установата за деца* (Закон за заштита на децата, чл.12); *Владата ја утврдува мрежата на јавните детски градинки...* (Закон за заштита на децата, чл.14); *Советот ги врши следниве работи:...; Управниот одбор на Фондот: -донесува статут; / - дава мислења и предлози за Програмата за научно-истражувачката дејност; / - дава мислења и предлози по годишните програми за реализација на Програмата за научно-истражувачката дејност; ... – донесува финансов план; / донесува годишна сметка; донесува деловник за работа и – врши и други работи предвидени со законот и статутот.* (Сл. в. бр. 13/96, 216: чл. 42).

Во овие примери се препознава аналитичкиот, односно перифрастичниот прирок со глаголите: *врши/изврши избор, именување, разрешување, контрола, грижа, дава предлози, мислење, донесува одлука; уредба ...* итн.

Во рамките на редот на зборовите, може да се забележи честата иницијална позиција на објектот: *Судската власт ја вршат судовите* (Член 98); *Комисијата ја именува директорот* (Закон за заштита на децата, чл.45).

Ќе наведеме и некои глаголски форми со индиректнозависна именска група: *Советот еднаш годишно ѝ поднесува на Владата на Република Македонија извештај за својата работа* (Билтен 1, 2/2000; 9); *На секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита.* (Член 39). И за овие примери може да се каже дека честопати именската група може да се сретне во иницијална позиција, кога станува збор за линеаризацијата на реченицата.

Што се однесува за категоријата залог, треба особено да се истакне прилично честата употреба на пасивноста во овој потстил. Пасивните конструкции претставуваат особена карактеристика на законодавноправниот потстил: *Со наставниот план се утврдуваат наставните предмети (задолжителни, факултативни и изборни) што се изучуваат по одделенија, како и неделниот и годишниот број часови. / Со наставните програми се уредуваат целите, наставните подрачја, теми и содржини, образовните стандарди и профилот на наставникот кој ја реализира наставната програма. / Наставните програми се изработуваат според модел за програми кој го донесува министерот на предлог*

од Биро̀то. Во мо̀делот се утврдува и флексибилноста во реализацијата на наста̀вните по̀драчја и тѐми. / Со пла̀новите и програ̀мите се утврдуваат и дру̀ги форми на воспѝтно-образовна дѐјност. (Закон за основното образование, Чл.24)

Од направената анализа се потврдува дека основната карактеристика на законодавно-правниот потстил е информативноста и клишираноста.

Иако е докажано дека ваквите текстови главно имаат именски карактер, што е во тесна врска со застапеноста на глаголските и одглаголските именки како средства за кондензација на изразот, во нив се застапени и глаголски форми, меѓу кои се карактеристични модалните глаголи за изразување директивно значење: *Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или по̀нижувачко однѐсување.*

Тешко е да се разгледуваат глаголските форми од морфолошки аспект без да се засегне синтаксичкиот аспект. Така, глаголите од типот: *врши, да̀ва, донѐсува* го насочуваат вниманието кон синтаксата на глаголот, односно кон декомпонираниот прирок: *донѐсува решѐние; да̀ва нарѐдба; врши задолжу̀вање; по̀несе прѐдлог* и сл.

Глаголските форми со *се*, најчесто ги претставуваат пасивните конструкции, повторно, истакнувајќи уште едно обележје на законодавно-правниот потстил: *Се гара̀нтира слобо̀дата на го̀ворот, јавниот наста̀п, јавното информирање и слобо̀дното основање на институции за јавно информирање. / Се гара̀нтира пра̀вото на о̀дговор во срѐдствата за јавно информирање. / Се гара̀нтира пра̀вото на испра̀вка во срѐдствата за јавно информирање. / Се гара̀нтира пра̀вото на заштита на изво̀рот на информација во срѐдствата за јавно информирање.*

Од приведената анализа може да се заклучи дека низ текстовите од законодавно-правниот потстил се среќаваат ограничен број глаголски форми во однос на постојните во македонскиот јазик. Едноличноста на глаголските форми и нивното често повторување во определен текст, во определена реченица, ѝ се припишува на клишираноста, главната карактеристика на законодавно-правниот потстил.

Литература:

Бојчев Д. 1998, *Дипломатски речник*, Скопје.

Димитровски Т. (редактор) 1998, *Правопис на македонскиот литературен јазик,* Скопје.

Кепески Кр. 1945, *Македонска граматика*, Скопје.

Кожина М. Н. 1999: 5-36 *Стиль и жанр: их вариативность, историческая изменчивость и соотношение* Stylistika VIII, Opole.

Конески Бл., Тошев, Кр. 1950, *Македонски правопис со правописен речник*, Скопје.

Конески К. 1995, *Зборообразувањето во современиот македонски јазик,* Скопје.

Конески К. 1999, *Правописен речник на македонскиот литературен јазик*, Скопје.

Билтен на Советот за македонски јазик, Скопје.

Минова-Ѓуркова Л., 1994 (I издание) / 2000 (II издание), *Синтакса на македонскиот стандарден јазик,* Скопје.

Минова-Ѓуркова Л., 2003, *Стилистика на современиот македонски јазик,* Скопје.

Тантуровска Л. 2005, *Директниот и индиректниот објект во македонскиот стандарден јазик,* Посебни изданија, ИМЈ „Крсте Мисирков", Скопје.

Тантуровска Л., 2005, Законодавно-правниот функционален потстил низ примери од македонскиот јазик, Stylistika XIV, 403-418, Opole.

Tošović, Br. 1988 *Funkcionalni stilovi,* Svjetlost, Sarajevo.

Цветковски, Ж., 1988, *Именскиот прирок во македонскиот јазик* (докторска дисертација), Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје.

Убавка Гајдова

Ќе-КОНСТРУКЦИИТЕ И ИТЕРАТИВНОСТА

Итеративноста подразбира серија од еквивалентни настани што периодично се повторуваат. Во македонскиот јазик повторувањето на настаните се искажува со употреба на темпорални адвербијални определби како *секогаш, постојано, често, понекогаш* и сл., или се определува во рамките на контекстот: *Кога доаѓа ни носи подароци; Ќе дојде дома, ќе се најаде и ќе си легне, ништо не помага* и сл.

Итеративноста се манифестира во две серии: сегашна со отворена перспектива – настаните се повторуваат во широко сфатената „сегашност", која зафаќа и во минатото и во иднината, сп. *Секое утро стануам во шест часот*, и минатата, која во однос на моментот на зборување се гледа како завршена, затворена серија настани, сп. *Секое утро станував во шест часот*.

Во зависност од тоа дали итеративниот настан е сместен на планот на сегашноста или на планот на минатоста, основни глаголски конструкции со кои се искажуваат итеративните настани се формите на презентот, односно на имперфектот. Се работи за форми со кои се искажуваат фактивни настани и кои истовремено укажуваат на незавршеноста на серијата во сегашноста, односно во минатото. Непосредно, категоријата вид нема посебна улога, бидејќи во стандардниот македонски јазик презентот и имперфектот се образуваат исклучиво од несвршени глаголи. Врската меѓу итеративноста и презентот од перфективни глаголи може да се види во источните македонски дијалекти, вклучувајќи ги североистокот и југоистокот. Таму е сочувана самостојната употреба на перфективниот презент за искажување на итеративни настани, наследена од старословенскиот (сп.: *Ако н'ајдев м'ушко д'ете уб'ијев га; Ако 'имаш к'оња д'оброга, узнев ти га* (БВК, 226). Во стандардниот јазик, пак, како што е случај и со западните македонски говори, може да се увиди врската меѓу итеративноста и *ќе*-конструкциите оформени, главно, од перфективни глаголи. Видот на глаголот кај *ќе*-конструкциите нема пресудна улога, бидејќи, без оглед од какви глаголи се образуваат, основна дефиниција на *ќе*-конструкциите е искажување на настан усло-

вен од некој друг настан; темпоралната локација е во сферата на т.н. иднина.

Основна синтаксичка позиција на *ќе*-конструкциите е аподозата на условниот период. Искажувањето на итеративни настани е една од нивните секундарни функции, сп. *Се движи бавно и само одвреме-навреме ќе застане пред некој излог; Ако му го подадам прстот, ќе ми ја грабне и ракава;* или: *Се движеше бавно и само одвреме-навреме ќе застанеше пред некој излог. Ако му го подадев прстот, ќе ми ја грабнеше и ракава.*

Имајќи предвид дека итеративните настани спаѓаат во сферата на фактивноста, а *ќе*-конструкциите се основни носители на нефактивноста на македонскиот јазик, секако дека се поставува прашањето за врската меѓу *ќе*-конструкциите и итеративноста. Во понатамошниот текст ќе се обидеме да сублимираме дел од сознанијата за посочената проблематика до кои дојдовме, истражувајќи го условниот период во дијалектите на македонскиот јазик.

Релацијата 'услов' подразбира релација меѓу нефактивни настани, па, така, анализата на условниот период подразбира анализа само на итеративните настани од отворената серија, за која е јасно дека има отворена перспектива (со еден свој дел може да навлезе и во сферата на нефактивното). Итеративните настани од затворената серија беа исклучени од анализата бидејќи тие, искажувајќи минати реализирани настани, наполно ѝ припаѓаат на сферата на фактивноста.

Ексцерпцијата на дијалектниот материјал од македонската јазична територија покажува дека искажувањето на два меѓусебно зависни настана, кои во рамките на контекстот или според содржината се толкуваат како итеративни, често се искажуваат со формули на условниот период, од кои како основни се наметнуваат оние од типот: *Ако/Да p* (п. импф./пф.) > *ќе q* (п. импф./пф.), при што *p* и *q* означуваат пропозиции, односно формализирани настани. Се работи за настани од типот:

1) *Ете ти, синко, тој прстен што ми го остави татко ти. Тој има марифет: ако го туриш на десната рака на големиот прс и ако удриш по десното колено, ќе излезе војска колку да сакаш, па можеш и со царои да се бијеш, а не само со арамии* (СИ, 23);

2) *Што марифет имаат тије шејои да се каратe толку на ними? – им рече тој. – Ако го клаиш на глаа ќулафов, одај кај сакаш и прај што сакаш, никој не можеш да те видит, а пак ако седниш на сецадево и ако фрсниш со камшиков, на кој крај земјава ќа помислиш за една декика ќа се наиш* (СИ, 73).

3) *Тој е таков: ако удриш со десната рака на него, ќа ислезе еден арап од него и саде речи му, кај сакаш да те однесе, дур да мигнеш со око, и што сакаш и кого сакаш да ти го донесе* (СИ, 72).

Со оглед на фактот дека условниот период е сложена реченична конструкција во која исполнувањето на настанот–последица е непосредно зависно од исполнувањето на настанот–услов, јасно е дека најмалку пар итеративни настани можат да се искажат со модели на условниот период. Со други зборови, во таков случај се работи не за една, туку за најмалку две итеративни серии, од кои исполнувањето на втората секогаш е зависно од исполнувањето на првата серија; во спротивно не станува збор за итеративен циклус. Треба да се има предвид дека *ќе*-конструкциите со итеративна интерпретација, без оглед дали се употребени во конструкција на условниот период или надвор од неа, се среќаваат во ситуации кога се зборува за најмалку две итеративни серии, што повторно оди во прилог на тоа дека се работи за меѓусебно зависни настани со точно определен редослед во времето, сп. *Ќе дојде дома, ќе се најаде и ќе си легне, ништо не помага.*

Слични условни периоди, со оглед на содржината, и без да се укажува непосредно во контекстот дека се работи за веќе докажани својства на предметите за кои се очекува и во иднина да се исполнуваат, исто така упатуваат на итеративна интерпретација, сп.

4) *Тоа магаре да му речеш „дурдупче" ќе ти сере пари. Ко ќе му речеш „дурдупче", тој ќе прекрати* (НР, 248);

5) *Синијата да ја чукнеш со лајцата, сè што сакаш ќе ти изнесе да јадеш* (ДТ, 55).

На овие примери се надоврзуваат и такви условни периоди кои искажуваат сосем конкретен услов и последица и имаат несомнена идна темпорална проекција на настаните, а сепак предизвикуваат впечаток дека говорителот не претпоставува, туку однапред знае што ќе се случи ако се исполни условот, сп.:

6) *Требаше да му кажеме, алиштата да не ѝ ги дава нејзни, самовилскиве, да ги облече. Ако ги облече, ќе си дојде кај нас* (НР, 238).

7) *Ако ме п'ушчи на к'апинатa – си велел тој со умо – ќе-с-'издраскам. Баре нека ме п'ушчи на см'окон, ќе-с-'откинам* (ДТ, 59).

Серија примери од горниот тип го наметнуваат заклучокот дека појдовна точка во предвидувањето на идните настани е искуството; врз база на искуството говорителот ги гради сознанијата дека различните последици се резултат на различните услови во кои се одвиваат настаните. Така, говорителот може да претпостави што ќе се случи во иднина ако претпостави дека ќе биде задоволен определен услов. Тоа е непосредно искажано во наредниот пример:

8) *Н'е-м'ожам да-д'оам, т̄'и 'имаш с'о-т̄'ебе мн'ог̄у с'илен ч'увар, ако-ме-в'идит̄ ќе-ми-је-п̄р'есечет̄ г̄л'а:ва ка:-на-м'ојт̄е др'уг̄ари* (ДТ, 96).

Последниот пример укажува дека настанот искажан со *ќе*-конструкцијата е само предвиден; не е сигурно дали тој ќе се изврши во иднина или не, па, дури и да се исполни предвидениот услов, но секако е реално остварлив со оглед на фактот дека настани слични на оние што се предвидуваат веќе се случиле во минатото.

Претходно реченото ја илустрира способноста на *ќе*-конструкциите не само да претпоставуваат иден настан зависен од исполнувањето на некој предвиден услов, туку и да претпоставуваат и фактивност на еквивалентни настани на оние што ги искажуваат.

Имајќи на располагање голем корпус примери, забележуваме дека претходната констатација појасно се пројавува кај т.н. неактуализирани реални условни периоди.

Под неактуализиран условен период подразбираме таков условен период во кој условот не се очекува да се оствари непосредно по искажувањето, па со оглед на тоа не се очекува непосредно да се оствари и последицата, но секако искажуваат услов, кој, кога би бил исполнет, сигурно или со голема веројатност ќе го предизвика и остварувањето токму на посочената последица.

9) *Л'азӑрца-ј уф ст̄р'ет̄ сп̄'или, уф п̄'ол'т̄о. Там дӑ сӑ к'ачиш не т̄ӑ иск'аруве ни арӑп̄лан, н'е ц̣'анам* (КПК, 310).

10) *Е, ко: н'емат̄ кој д'а слушат̄. Да ск'ршит̄ од д'рвово над в'одава, да ск'рст̄ит̄ на т̄р'и мест̄а, да г̄о п̄оп̄рскат̄ со в'одава. Тука ќе п̄'укниш и ќе се сп̄'асат̄ мајст̄'орит̄е; Е, ко: н'емат̄ кој д'а слушат̄. Да н'ајлеит̄ од в'одава и да е брзнит̄ в 'очи и да е-г̄-'извајт̄ крас̄т̄'илот̄о ко: н'еко: к'озја к'ожа, п̄а с'ол̣нце да е 'ог̄рејт̄ л'ицет̄о. Е, ко: н'емат̄ кој д'а е з'емит̄ ц̣'рп̄ката и да е 'удрит̄ 'одземи, т̄'ува да п̄'укниш на м'ест̄от̄о. ... И ж'енава т̄'о: г̄о сл'ушат̄ и г̄о забел'ежила* (ДТ, 76).

11) *Ако ве срет̄ит̄, само речет̄е дека све ц̣ванец и п̄уст̄ина ќе ват̄ат̄* (РЦ, 122).

12) *Ако му г̄о п̄одајш п̄рст̄от̄, ќе т̄и ја г̄рабнит̄ и рака т̄а* (ФК, 12);

13) *Да г̄о дуниш, ќе п̄аднит̄* (ФК, 31);

14) *Да зинит̄, ќе т̄е измамит̄* (ФК, 32).

Се забележува дека колку што е понеопределена темпоралната интерпретација на условот, толку се зголемува сигурноста на говорителот во врска со исполнувањето на последицата, односно се добива впечаток дека на која било временска точка да се лоцира условот, ќе следува истата последица. Така, настаните искажани во условниот период може да се сфатат и како веќе исполнети во моментот на зборување, одно-

сно исполнети било кога во минатото, па со оглед на тоа се очекува последицата да се исполни и во иднина ако биде исполнет определениот услов.

Во прилог на ова зборуваат и наредните примери:

15) *'Она д'-ej т̄'ука к'и т̄и расп̄р'аве сѐ, ама ф-Буг̃'арја ej* (КПК, 218);

16) *Ч'ера 'една к'ошула, Сп̄'асе н'е зн'ај, ке нѐ 'отпе̄а, 'ако знај, 'една к'ошула* ... (БГ, 225);

17) *Е, што̄ дека имам, п̄ак си велеф, ког̃а не ќе можам да и напечат̄ам; да имам п̄ари можи да напечат̄ам еден сборник како Д.М., ... ами коа немам како да п̄раам и јас не знам* (МЦ, 134).

18) *Живи бог̃а, нешто̄ ќе ве п̄рашам, зашто̄ сит̄е зборит̄е, п̄рајт̄е муабет̄, а онња, стп̄арион, само т̄рает̄? – Еден збор нег̃оф чинит̄ една асп̄ра! – рекле домашнит̄е. ... Три асп̄ри имам стечалено, Требет̄ една асп̄ра да дам, да видам што̄ ќе речет̄ чоекоф. ... Је изваил и п̄оследнат̄а асп̄ра и му је дал на стп̄ариот̄. ... Да имам ена асп̄ра да му дам ушт̄е мног̃у ќе ми кажует̄. Така п̄атникоф си т̄рг̃нал да си ојт̄* (АПГ, 140).

Од примерите може да се види дека неактуализиран условен период во рамките на контекстот може да се определи и како нереализиран услов во сегашноста, па со оглед на тоа не се очекува непосредно да се исполни и предвидената последица. Сепак, целиот условен период има отворена перспектива. Нереализираноста на условот во моментот на зборување (определена во рамките на контекстот со адверсативната релација) не ја определува последицата како ирелална, напротив, таа се сфаќа како вистинита во кој било момент од широкосфатената сегашност освен во актуелниот.

Врската меѓу итеративноста и кондиционалот сосем јасно се согледува и кај ирелалниот условен период. Ирелалниот условен период искажува нереализирани услов и последица, темпорално неопределени, но, главно лоцирани на планот на минатоста. Со оглед на тоа дека се работи за минати настани јасно ни е што се случило, односно јасно е дека минатиот ѝастан–последица не се реализирал, бидејќи не се реализирал условот. Претпоставките за тоа што можело некогаш да се случи ако бил исполнет определен услов првенствено се должат на познатите факти од минатото. Тоа не значи дека и нереализираните последици сигурно ќе се исполнеле ако се исполнел условот, но ирелалните условни периоди уверливо зборуваат дека нереализираните условно-последични настани во минатото се градат врз импликација дека спротивното од она што е искажано во конкретниот ирелален условен период има своја потврда во реалноста, сп. ги примерите:

19) *И 'он си ја з'еде да си ж'ивејт, 'ама да не ја ч'уеше кл'етвата и д'ен д'енеска 'убава ж'ена н'е ќеш да 'имаше* (ДТ, 51). 'Ако знаеш дека нешто лошо ќе се случи, можеш да влијаеш да ја избегнеш несреќата'.

20) *И т'оѓај ѝ р'ече на ж'ената: Ко ти в'елеф т'ака да нап'рајме, им је 'изедов тат'ијата; ако не беше т'ака, т'ие не нѐ в'ика:* (ДТ, 63); 'Скржави се и никогаш не нѐ викаат кога имаат нешто вкусно за јадење'.

21) *Тешко тебе ќе бидит. Што убо ќе си поминиш. Ќе видиш како се прајт мајтап. Да знајше ич не ме чепкаше, ама си го бараше и ќе си го најш* (РЦ, 9-10); 'Имам незгоден карактер и ако некој ми прави проблеми дупло му враќам'.

22) *Море, ако беше си мавнау на мене, немаше да станам. Само од трескањето си помислив дека и мене ме вати со остеништето* (РЦ, 263). 'Ако удриш некого силно со таков стап, ќе го убиеш'. / 'Со таков удар се убива човек'.

23) *Не само тие работи моѓоф да пишам, ами уште многу други ми се јавија и ако да не ми пишеше син ми Ордан да дојдам брѓо во Софиа, уште многу ќе собереф* (МЦ, 142). 'Со интензивно темпо на работа може многу да се сработи'.

24) *„Не е за кажување, туку ќе ти кажам. Ќе видиш коуку лесна работа е“ – „Како лесна бре? Да беше лесна не ќе најв само два–три досја* (РЦ, 200). 'Ако е лесна работата, за кратко време можам многу да сработам' / 'Лесната работа овозможува за кратко време многу да се сработи'.

25) *Ако било за знаење, ќе се научело. Сигурно тол'ку му фаќат памет, толку му дал госпот и за то“ не се научило* (АПГ, 150). 'Учеше и не научи, значи дека толкави му се способностите' / 'Ако е некој интелигентен и ако учи, сигурно ќе научи'.

26) *Да не р'аботаф и н'е чуваф од млад'о-време, сега нек'а-имаф н'ишчо* (АБ, 225) 'Работев и штедев, затоа имам' / 'Ако работиш и ако штедиш на младост ќе имаш на старост'.

Имајќи го предвид сето она што е погоре речено, сосема е коректен заклучокот на Е. Петроска (2001: 122) во врска со употребата на *ќе*-конструкциите за искажување на итеративни настани: „Нефактивноста на *ќе*-конструкциите доаѓа од реченото, а не од пресупонираното. Тоа значи дека она што се сака да се претстави како нефактивно во пропозицијата е сепак фактивно: низата настани ќе се реализираат во иднина (иднина и од перспектива на минато), а се пресупонира дека таквата низа настани веќе многупати во минатото се реализирала“.

Можноста за вакво толкување очигледно е заложена во семантиката на *ќе*-конструкциите. Настаните за кои говорителот предвидува дека ќе се случат во иднина, во основа претставуваат проекција на сега-

шноста на планот на иднината; степенот на веројатност на предвидените настани говорителот во голема мера го определува врз база на искуството со кое располага во моментот на зборувањето, а тоа е она што е фактивно, но не секогаш и непосредно изречено. Ако контекстот јасно го определува временскиот редослед на настаните искажани со *ќе*-конструкциите, а при тоа не ја определува ниту ја ограничува нивната и без тоа лабава темпорална интерпретација, се создава впечаток на цикличност на настаните и тоа не само во сферата на нефактивното туку и во сферата на фактивното.

Скратеници:

п. = презент
импф. = имперфективен вид
пф. = перфективен вид

Литература:

Белић, А. *Галички дијалекат,* Српски дијалектолошки зборник, књ. VIII, Београд 1935 **(АБ)**.

Видоески, Б. *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик,* Скопје 2000 **(ДТ)**.

Видоески, Б. *Кумановскиот говор*, Скопје 1962 **(БВК)**.

Гајдова, У. *Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски говори*, Скопје 2002.

Гајдова, У. *Кондиционал – адверсативна релација (според анализа на македонските југоисточни говори),* Wyraz i zdanie w językach słowiańskich, IV (Opis, konfrontacja, przekład), Wrocław 2004, 65–72.

Гајдова, У. *Условниот период во дијалектите на македонскиот јазик*, Скопје 2008.

Иванов, С. *Приказни од село Црско*, Скопје 2001 **(СИ)**.

Каваев, Ф. *Народни пословици и гатанки од Струга и Струшко*, Скопје, 1961 **(ФК)**.

Конески, Б. *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1981.

Конески, Б. *Историја на македонскиот јазик*, Скопје 1967.

Конески, К. *Глаголските конструкции со ќе во македонскиот јазик*, Скопје 1990.

Крамер, К. *Начинот, времето и видот во зависно-сложените темпорални реченици во македонскиот јазик*, Македонски јазик, XL–XLI, Скопје 1995, 283–290.

Пеев, К. *Кукушкиот говор* кн. 1, Скопје 1987; кн. 2, Скопје 1988 **(КПК)**.

Пенушлиски, К. *Автобиографија на Марко К. Цепенков*, Македонски јазик IX, кн. 1–2, Скопје 1958, 109–145 **(МЦ)**.

Петроска, Е. *За „итеративноста" во македонскиот јазик*, Македонски јазик LI–LII, Скопје 2001, 111–122.

Поповски, А. *Македонскиот говор во гостиварскиот крај*, Гостивар 1970 **(АПГ)**.

Тополињска, З. *За реченото и пресупонираното*, Прилози на МАНУ XVI/2, Скопје 1991.

Тополињска, З. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија* кн. I, Синтакса I, II, МАНУ, Скопје 1995, 1997.

Тополињска, З. *Полски–Македонски, Граматичка конфронтација, 3, Студии од морфосинтаксата*, Скопје 2000.

Фридман, В. А. *Типологијата на употребата на* **да** *во балканските јазици*, Прилози на МАНУ XVII/1, 109-119, Скопје 1987.

Фридман, В. А. *Употребата на глаголските времиња во македонските и во другите балкански пословични изрази*, Македонски јазик XL–XLI, Скопје 1995, 661–670.

Цветковски, Р. *Сказанија демирхисарски*, Битола 1996 **(РЦ)**.

Gołąb, Z.*Conditionalis typu Bałkańskiego w językach południowosłowiańskich*, Wrocław–Kraków–Warszawa 1964.

Groen, B. M. *A Structural Description of the Macedonian Dialect of Dihovo*, Lisse, 1977 **(БГ)**.

Hacking, J. *Coding the Hypothetical,* Johan Benjamins Publishing Company / Philadelphia 1997.

Hausmann, K. *Der Potential in Mazedonischen*, (докторска дисертација 1957, необјавена).

Kramer, Ch. E. *Analitic Modality in Macedonian*, München 1986.

Lunt, H. *A Grammar of the Macedonian Literary Language*, Skopje 1952.

Reiter, N. *Der dialekt von Titov Veles*, Berlin 1964 **(НР)**.

Topolińska, Z. *O pewnuch granicznych formalizacjach predykatu „warunek"*, Studia linguistika Polono–Meridianoslavica, Toruń 1998.

КОНГРУЕНЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Емилија Бојковска

НЕКОИ СЛУЧАИ НА СОГЛАСУВАЊЕ МЕЃУ ПОДМЕТОТ И ПРИРОКОТ ПРИ КУМУЛАЦИЈА

Во овој труд се разгледува согласувањето во реченицата од аспект на кумулацијата. Значи, се поставува прашањето во кој број стои прирокот кога се јавува подмет со кумулирани елементи во еднина и во кое лице стои прирокот при кумулација на лични заменки употребени во различни членови на категоријата лице. (За согласувањето во именската синтагма в. Бојковска 2005.)

Кога во функција на подмет се јавуваат кумулирани именски синтагми во еднина поврзани со сврзникот *и*, прирокот стои во множина.

(1) Увозот и извозот [...] се реализираат согласно со одредбите на одобрените договори. (ЗНТР 723/1)

Како посебен случај во овој контекст може да се смета кумулацијата на именски синтагми со идентична именска глава атрибуирана со различни рестриктивни атрибути (сп. Бојковска 2006). И во овој случај прирокот стои во множина (Минова-Ѓуркова 2000: 198):

(2) ***Нашата и вашата*** *екипа се пласираа во финалето.*

Меѓутоа, од кумулацијата на именски синтагми во горенаведениот случај треба да се разликува појавата на една именска синтагма со кумулирани атрибути, кај која прирокот стои во еднина (Минова-Ѓуркова 2000: 198):

(3) ***Нашата и ваша*** *екипа постигна успех.*

Како што се гледа од примерите, критериумот според кој меѓусебно се разграничуваат овие два случаи во рамките на именската синтагма е еднократната, одн. повторената употреба на детерминаторот. Секоја именска синтагма содржи по еден детерминатор, кој ја утврдува референцијалната функција на именската синтагма. Според тоа, кумулираните именски синтагми во примерот *(2)* означуваат две множества, а именската синтагма со кумулирани атрибути во примерот *(3)* се однесува на едно множество.

Наспроти хетерореферентните кумулирани именски синтагми со идентична глава, можен е и обратниот случај: кумулирани именски синтагми со различна глава кои се кореферентни. Во овој случај прирокот, се разбира, стои во еднина (сп. Бојковска 2006):

(4) Професорот и раководителот на катедрата го отвори состанокот.

И во овој случај индикативна е употребата на детерминаторот. Тој се употребува само кај првата именска синтагма. Ова значи дека при кумулацијата на кореферентни именски синтагами со различни глави, еднократната употреба на детерминаторот укажува на тоа дека кумулираните именски синтагми означуваат едно множество.[1]

Меѓутоа, постојат примери кога прирокот се јавува во еднинска форма, што може да се смета за согласување по блискост, кое почесто се јавува кај блискозначни кумулирани именки со нематеријално значење:[2]

(5) Нападот и убиството сите ги изненади.

Посебен случај претставува согласувањето при кумулирани именски синтагми со сврзникот *или*. Тука разликуваме два случаи, кои ги наведува Минова-Ѓуркова (2000: 199 и следн.):

(9) Во кајиновите грмушки ***шушкаше еребица или еж.***

(10) ***Јас или тој ќе дојдеме.***

Разликата треба да се бара во двојното значење на сврзникот *или*: тој означува ексклузивна (пример *(9)*) или инклузивна алтернативна врска (пример *(10)*). Во првонаведениот пример се исклучува ситуацијата кога двете животни шушкаат, а во второнаведениот пример е можна и ситуацијата кога ќе дојдат двете лица, од кои едното е говорителот. Минова-Ѓуркова говори за логичка дисјункција и за логичка сума (2000: 250 и след.). Според тоа, значењето на овој сврзник кај кумулирани елементи во еднинска форма во функција на подмет се прецизира според категоријата број на прирокот. Потврда за двете значења на *или* можат да се најдат во други контексти:

(11) Играчот е повреден или се преврава (ексклузивно значење);

(12) Смеете да возите тротинет или велосипед (инклузивно значење).

Во примерот *(12)* е дозволено возењето и на тротинет и на велосипед, поради што веројатно е почеста кумулацијата со сврзникот *и*: *Смеете да возите тротинет и велосипед).*

Ако во примерот *(10)* се употреби прирок во еднина, тогаш ќе се искаже ексклузивното значење на сврзникот *или*. Извесен проблем во овој случај претставува категоријата лице кај прирокот. Можно е, на пример, повторување на прирокот:

(15) Ќе дојдам јас или тој ќе дојде.

---

[1] Во контекст на согласувањето меѓу субјектот и предикатот посебно внимание заслужуваат случаите на именски синтагми колективна именка.

[2] Во примерот (5) се воспоставува врска со случаите на согласување по блискост меѓу именската синтагма и кратката личнозаменска форма во функција на објект при неговото удвојување, што може да се следи во рамките на именската синтагма (сп. Бојковска 2005); на пр. *Со природниот процес на растење, таа ќе ја изгуби еластичноста и брзината* (Дневник).

Наспроти тоа, со оглед на ексклузивното значење на повторениот сврзник *или-или*, прирокот мора да стои во еднина при појава на кумулирани елементи во еднина:

(13) Во капиновите ѓрмушки шушкаше или еребица или еж.

Вниманието го привлекува и категоријата број на прирокот при појава на кумулирани елементи во еднина како подмет, сврзани со сврзникот *односно*. Во *Толковниот речник* (2006) значењето на овој збор, кој се наведува како модален збор, гласи: „Со други зборови, поинаку кажано; то ест.“ Меѓутоа, раширена е неговата употреба со ексклузивно алтернативно значење (кое, впрочем, одговара на значењето на сврзникот *респективно*), илустрирано со следниов пример:

(16) Раководителот, одн. неговиот заменик ќе се ѓрижи за посетителите на саемот.

Употребата на прирокот во еднина укажува дека *односно* значенски алтернира со *или-или*, како и со *или* во неговото ексклузивно значење.

Во натамошниот текст се разгледуваат случаите на согласување меѓу кумулирани лични заменки во функција на подмет и прирокот во однос на категоријата лице. Согласувањето според бројот е множинско, а во однос на лицето се разликуваат следниве случаи:

- лични заменски за 1. и 2. лице со прирок во 1. лице

(6) Ти и јас добро се сложуваме.

- лични заменки за 1. и 3. лице со прирок во 1. лице

(7) Тој и јас имавме ѓолеми проблеми.

- лични заменки за 2. и 3. лице со прирок во 2. лице

(8) Вие и тој сте срдечно поканети.

Може да се констатира дека кај кумулираните лични заменки првото лице доминира над второто и третото лице и дека второто лице е доминантно во однос на третото лице.

Од разгледувањето на согласувањето на прирокот со кумулирани елементи во еднина во функција на подмет произлегува дека категоријата број кај прирокот може да дава информација за референцијалното значење на кумулираните елементи и дека го прецизира значењето на сврзникот *или* во однос на изразувањето ексклузивна и инклузивна спротивност. Категоријата лице кај прирокот при кумулирани лични заменки, пак, ја покажува меѓусебната доминација на различните членови на категоријата лице кај оваа подгрупа заменки.

Литература:

Бојковска, Емилија (2005): „Согласување во именската синтагма во македонскиот и во германскиот јазик". Во: *XXXI научна конференција на XXXVII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Охрид 16-18 август 2004*, 343-359.

Бојковска, Емилија (2006): „Кумулација во именската област во македонскиот јазик", во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, Унив. „Св. Кирил и Методиј" Скопје, кн. 31 (2006), 55-61.

Минова-Ѓуркова, Лилјана (2000): *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Магор.

Толковен речник на македонскиот јазик (2006), Том III, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Извори:

Дневник 23.08.2008

ЗНТР Закон за надворешнотрговското работење. *Службен весник на Република Македонија* бр. 31 од 20.05.1993, 720-732.

Елена Петроска

КОНГРУЕНЦИСКАТА ХИЕРАРХИЈА И КОЛЕКТИВНИТЕ ИМЕНКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Множинското усогласување на предикатот со т.н. збирни именки не е според нормата во македонскиот јазик, но примери со множинско усогласување постојат, особено во зборувањето. Изборот на еднинско или множинско усогласување е можно и е поткрепено од лингвистички фактори. Со изборот помеѓу еднинско и множинско усогласување се претставуваат колективното и дистрибутивното значење. Множинското усогласување на предикатот е често кога колективната именка го има квантификаторот *цел/цела/цело* во еднина (усогласувањето помеѓу кој и да е модификатор и збирната именка е секогаш еднинско) со што се нагласува колективноста, а тоа значи целосноста (целината) на множественоста. Збирната именка сама по себе има значење на целина (целосност) на множественоста и квантификаторот *цел/цела/цело* е редундантен за таа информација, но дозволува множинска конгруенција и има значење на *сиѿе*[1] - кое во македонскиот има дистрибутивно значење. Истото значење го има формата *цели* (множина од *цел*) во некои јужни македонски говори (*цели луѓе (сиѿе луѓе)*)[2].

Како што е споменато во многу прескриптивни работи за македонскиот, развојот на јазикот покажува формално усогласување (модификатор/квантификатор во еднина, збирна именка во еднина и еднинско усогласување).

Јасното разликување помеѓу дистрибутивниот и колективниот квантификатор во македонскиот, го поддржува формалното усогласување. Колективно значење имаат примерите (1б) - (5б), а дистрибутивно (1) – (5) и (1а) – (5а).

(1) *Цела екиѿа бевме* со пропусници.

(1а) *Сиѿе од екиѿаѿа бевме* со пропусници.

---

[1] *Сиѿе* е квантификатор што исклучува именки во еднина и ги нагласува елементите од дискретното множество како број за тоталност, а истовремено е и квантификатор што ја маркира дистрибутивноста (како *секој*).

[2] Таквото толкување го има и *цели* (*цели луѓе*) во некои јужни македонски говори што само го потврдуваат ваквото објаснување (сп. Тополињска 1997: 211-212)

(1б) *Цела екипа беше* со пропусници.

(2) *Цело друштво отидоа* на излет.

(2а) *Сите од друштво отидоа* на излет.

(2б) *Цело друштво отиде* на излет.

(3) Замисли, *цел клас* му *беа* на роденден!

(3а) Замисли, *сите од класот* му *беа* на роденден!

(3б) Замисли, *цел клас* му *беше* на роденден!

(4) Замисли, *цела Катедра гласаа* против.

(4а) Замисли, *сите од Катедрата гласаа* против.

(4б) Замисли, *цела Катедра гласаше* против.

Во овие примери колективните именски синтагми што имаат множинско предикатско усогласување и еднинско предикатско усогласување се во конфликт со формалното согласување и со дистрибутивното или колективното значење.

Има и примери на поврзување на делови од текстот со анафоризација на колективните именки (експлицитна или имплицитна) во множина. Во ваквите контексти, колективната множина го дистрибутивизира колективното значење. Меѓутоа, анафоризацијата тука е двојна: 1. Збирната именка се однесува како анафорска заменка и 2. Збирната именка е анафоризирана (прономинализирана) (сп. Тополињска 1976: 57 и Feleszko 1980 : 58). Тоа значи дека анафорската синтагма е лингвистичка формализација на предикативната содржина определена од аргументот и имплицирана од иницијалната синтагма. Тоа е ист процес како прономинализацијата, но лингвистичките орудија што ја конституираат анафорската синагма не им припаѓаат на заменките (тие се збирни / колективни именки).

Примерите претставуваат директна поврзаност на сегментите од текстот што ја имаат првата (на пр. *група; тим*) и третата номинална форма (на пр. *тие*), без да го покажуваат на површината посредниот израз (*членовите на групата: луѓето, кошаркарите* итн.). Помеѓу анафоризираниот израз (*групата; тимот*) и анафорскиот израз (експлицитен или имплицитен) (*тие* или *-ат*) постои колизија кај показателите на категоријата број. Тоа е во контрадикторност со принципите на согласува-

ње на сите категории со иницијалната синтагма, задолжителна за анафоризација. На пр:

(5) И се втрча по патот во пресрет на *групата, што наближуваше.* Бргу се здружи со *нив*. (СД, 215)

1. групата = групата луѓе
2. луѓето од групата= нив

(6) Тасула нагло го сврти коњот зад калинките и удри право на неговата *тајфа*, без да *ги предупреди.* Повеќето изрипаа настрана, но коњот се подлизна од калливиот насип и Харалампие, кој беше тука, рипна врз коњот и ја истурка Тасула. (КМР, 67)

1. тајфата= тајфата другари
2. другарите од тајфата= тие

(7) Следниот ден *една помала група замина* накај дебарска Малесија да врбува истомисленици и да ги доведе над селото Подгорци. Османефендија му советуваше на предводникот *тие да не останууваат* во селото Велешта, туку само во Корошишта... (БП, 150)

1. група= група луѓе
2. луѓето од групата= тие

(8) Сепак *женскиот тим* на Гевгелија *ќе добие* помош од Кометал. *Тие* едвај живуркаат. (Дн-99)

1. тимот=тимот ракометарки
2. ракометарките од тимот=тие

(9) По извонредните игри на *норвешката репрезентација* во подготвителниот период, на самото СП сепак *тие* прикажаа две слаби игри, постигнувајќи две нерешени игри (НМ-98)

1. репрезентацијата=репрезентацијата ракометари
2. ракометарите од репрезентацијата=тие

(10) *Британската екипа* е целосно опремена. *Доаѓаат* во Македонија со најсовремена опрема.

1. екипата=екипата стручњаци
2. стручњаците од екипата=тие

(11) Мука Мака, *трио* од Сардинија кое има склучено договор со Чиневокс рекорд/Биксио, една од најголемите независни компании во Италија, е типичен пример. *Нивниот* прв албум добро се продава во Германија и во Јапонија. (МД-99)

1. трио=трио музичари
2. музичарите од триото = тие

Примери со релативизирана збирна именка претставена на површината со релативна заменка во множина не се прифатливи (14а). Меѓутоа, постојат изолирани примери, како (14) кога релативната синтагма е релативната заменка *што*, која е селективна по род и по број и затоа може да ги поврзе *група* и *чита*.

(12) Двајца од неговото село, од *онаа група што чита* најпрвин политички книги, постојано раскажуваат дека ги следат луѓе во црно. (МФ, 188)

(12а) *Двајца од неговото село, од *онаа група кои чита* најпрвин политички книги, постојано раскажуваат дека ги следат луѓе во црно.

Во овој пример *онаа група* функционира да ја означи дистрибутивната множественост. Се нагласува одделноста на индивидуате, а не нивната целина (целосност). Во овој пример *група* претставува кондензиран израз од *група луѓе*.

Некои лични имиња можат да имаат колективна множественост кога се називи на спортски тимови. Еднинските именки имаат еднинско предикатско усогласување и анафоризација со анафорски израз во еднина. Меѓутоа, има и примери со анафорски израз во множина. На пр.:

(13) *Лос Анџелес Лејкерс е најатрактивниот и најдобриот офанзивен тим* во НБА, бидејќи речиси на секој меч *постигнуваат* повеќе од 100 поени. (Дн-99)

1. Лос Анџелес Лејкерс=тимот кошаркари
2. кошаркарите од тимот =тие

(14) Имено, по првиот меч во Болоња, *Фиорентина имаше* предност од 2:0. Со головите на Биното во 18 и во 64 минута *водеа* со 2:0. (НМ-99)

1. Фиорентина=тимот фудбалери
2. фудбалерите од тимот=тие

Во зборуваниот јазик (разговорниот) има примери на именки со збирно значење кои можат да бидат интерпретирани како колективни и можат да имаат множинска форма на анафорскиот израз (17) и (18).

(15) *Министерството ќе* ги *даде* потребните средства, само *тие* секогаш *одлучуваат* во последен момент.

1. Министерството=одговорните во Министерството
2. одговорните =тие

(16) *Катедрата* вчера *имала* состанок. Го *прифатиле* предлогот.

1. Катедрата=членовите на катедрата
2. членовите=тие

Наведените примери со можен избор на колективно или дистрибутивно претставување покажуваат дека оној што го создава исказот има две можности: или 1. Да ги приспособи изразите на исказите кон формата на супериорниот (надредениот) член, или 2. Да го приспособи / координира изразот со значењето на исказот. Постои формално (граматичко) и семантичко усогласување (в. Feleszko 1980: 64). Усогласувањето во македонскиот е граматичко, при што еднинската форма има еднинско усогласување, а збирните именки имаат колективно значење (целосност на множественоста). Кога усогласувањето е формално, еднинските форми на збирните именки дозволуваат анафоризација со анафорски израз во множина и ја нагласуваат множественоста. Семантичкото усогласување е карактеристично на нивото на текстот (дискурсот) со анафоризација. Примерите претставуваат една специфична прагматичка функција. Примерите со семантичко усогласување на ниво на реченицата се маркирани како разговорни, или архаични (*Поради парите народот го копале бунишшето*[3]).

По претставувањето на семантичките причини за можностите на согласување во македонскиот јазик ќе заклучам со синтаксичките, кои се инспирирани од семантичките.

Оваа појава не е специфична за македонскиот јазик. Синтаксички претставува една интересна ситуација во која постои избор во согласувањето. И сите овие различни можности поврзани со изборот на согласувањето се многу важни за теоријата на согласување (според Corbett 2000). Изборот произлегува од разликите на семантичките и на формалните карактеристики на т.н. контролор (и во овој случај тоа е еднинската форма на именката со колективно значење). Кога согласувањето е

[3] Овој пример е од Конески 1956 ([1996]: 221).

определено со формата се работи за синтаксичко усогласување, а кога е определено од значењето се работи за семантичко усогласување. Постојат одделни лексички единици кои индуцираат избор на согласување (како лексичката единица *деца* на српски / хрватски, која денотира множественост, ама има форма на еднинска именка: може да се усогласува како именка од женски род, од среден род множина или од машки род множина (Corbett 1983:76-93)). Меѓутоа, постојат и голем број лексички единици кои дозволуваат избор при усогласувањето, а тоа се збирните именки (македонските примери, или англиските именки како *committee*)[4].

Најинтересни се именките што се морфолошки еднински и имаат множинска форма, но сепак, кога се во еднина можат да имаат множинско усогласување, како збирните именки во македонскиот или во англискиот (committee). Изборот за усогласување произлегува од семантиката на именката. Има примери во македонскиот со членска форма во еднина и предикатско усогласување во множина. Меѓутоа, прифатливоста на примерите зависи од говорителите, но тука друг извор на варијација е мета на согласување (конгруенција). Честотата на множинското усогласување е различна од една до друга мета на согласување како што е личната заменка. Во атрибутивната позиција нема избор, само еднинското согласување е можно, но во предикатот, како што беше претставено, двата броја се можни. Релативната заменка *што*, која не е маркирана по број или по род, но го контролира усогласувањето во дел-реченицата и бројот може да се навести (*Целото друштво што отиде/отидоа...; Групата што свиреше/свиреа.* итн). Двата броја се можни со личните заменки (пр. 5 - 11).

За македонскиот јазик формалното (синтаксичко) или семантичко усогласување е можно за сите мети на согласување (конгруенција), освен за атрибутивните модификатори, каде што е можно само формално усогласување. Македонскиот јазик може да ја претстави и поддржи конгруенциската хиерархија (претставена од Corbett 1979), која ја сочинуваат четири типа мети, ама јас ќе ја испуштам релативната заменка за македонскиот јазик, затоа што е ограничена на само една релативна заменка покажана во следнава шема:

Атрибут < предикат < (релативна заменка) < лична заменка

Ова значи дека типот на контрола дозволува две можности: за атрибутивниот модификатор еднината е задолжителна, додека за другите мети постои опција. И во рамките на метите има опција: множината е

[4] Постојат и конструкции кои имаат лексичка рестрикција, како случаите со квантификувани изрази кои вклучуваат определени броеви; и конструкции како асоцијативите, каде што центарот на именската синтагма може да биде која и да е форма од едно поголемо подмножество на елементи што денотираат човечки суштества, затоа имаат и лексички рестрикции, но тие се доста лабави.

поверојатна со личните заменки отколку со предикатите. Овие можни модели на усогласување во македонскиот се: за секој што дозволува алтернативни форми на согласување, како што се движиме надесно по конгруенцискатa хиерархија, толку е поверојатно дека ќе се зголеми можноста за семантичко усогласување. Усогласувањата со збирните именки го потврдуваат ова типолошко тврдење. Усогласувањата со збирните именки со карактеристика *+човек* се познати во многу јазици (англиски, шпански итн.). Причината за потенцијалната можност на согласување во овие случаи е јасна. Можностите може да бидат влијание на варијантноста во јазикот, но се содржани / поддржани од наведените лингвистички фактори (наведени со конгруенцискатa хиерархија) и јасно се мотивирани од семантиката на збирните именки, нагласувајќи ја колективноста, или не, на множественоста што ја претставуваат.

Литература:

Конески, Б. 1956 [1996]. *Граматика на македонскиот јазик.* Скопје: Детска радост.

Минова-Ѓуркова Л. 1993. „Особеностите на конгруенцијата во македонскиот јазик". *Folia Philologica Macedono-Polonica,* 2, 96-106.

Минова-Ѓуркова, Лилјана 1994. *Синтакса на македонскиот стандарден јазик.* Скопје: Радинг.

Минова-Ѓуркова Л. 1985/86. „Збирноста во македонскиот јазик (од синтаксичка гледна точка)". *Македонски јазик*, XXXVI–XXXVII, 47-58.

Петроска, Е. 2001. „Количествени категории во македонскиот јазик",
Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, XXV 1-2,
Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 213-225.

Петроска, Елена 2008. *Количествените категории во македонскиот: од семантика кон форма.* Скопје: Македонска реч.

Тополињска, З. 1974. *Граматика на именската фраза во македонскиот литературен јазик: род, број, посоченост.* Скопје: МАНУ.

Тополињска, З. 1997. *Македонските дијалекти во Егејска Македонија. Синтакса,* II. Скопје: МАНУ.

Feleszko, K. 1980. *Funkcje form kategorii liczby w polskiej grupie imiennej.* Warszawa: Wydawnictwa Uniwersytetu Warszawskiego.

Corbett, Greville G. 1979. The agreement hierarchy. *Journal of Linguistics* 15. 203-24.

Corbett, Greville G. 1983. *Hierarchies, Targets and Controllers: Agreement Patterns in Slavic.* London: Croom Helm.

Corbett, Greville G. 2000. *Number.* Cambridge University Press, Cambridge Textbooks in Linguistics.

Цветковски, Ж. 1993. „За некои проблеми на (а)конгруентност кај простата двономинална реченица во македонскиот јазик". *Folia Philologica Macedono-Polonica,* 2, 214-222.

Симон Саздов

ЗА СОГЛАСУВАЊЕТО ПО РОД И ПО БРОЈ МЕЃУ ПОДМЕТОТ И ПРИРОКОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Поттик за овој реферат претставува желбата за нормативно регулирање на состојбата во врска со случаите на согласување по род и по број на релација подмет – прирок во македонскиот јазик. Имено, и покрај тоа што општите правила за согласување по род и по број се многу едноставни – прирокот се јавува во оној род и во оној број во кој се јавува подметот – не е мал бројот на правилата за кои македонската норма не зазела став. Притоа веднаш сакаме да нагласиме дека ставот што сметаме дека е неопходен не го замислуваме како обид да се ограничи нечија творечка можност, туку како неопходност во врска со јазичните постапки од типот на лекторирањето на текстовите и сл. Овде ќе се задржиме на неколку случаи кои како дискутабилни се разгледуваат во *Синтаксата на македонскиот стандарден јазик* од проф. д-р Лилјана Минова - Ѓуркова, но и на случаи кои не се разгледани во споменатото дело. За оние случаи што се разгледани во *Синтаксата*, авторката дава препораки, но веројатно не би било лошо едно идна граматика, односно синтакса на македонскиот јазик да содржи упатства, а не препораки за случаите на согласување меѓу подметот и прирокот по род и по број.

Во врска со согласувањето по род може да се констатира дека феминативите стекнале статус на широко прифатени именки, и за означување лица од женски пол најчесто се употребуваат токму тие: *Инструкции добила од најобрата и најуспешна хрватска автомобилистка Тијана Корен; Така, на пример, германската кајакарка Биргит Фишер, која е носителка на дури осум златни олимписки медали...; Кира Најтли сака да биде сударка - Кира Најтли одлучи да си пронајде резервна занимација доколку пропадне како актерка. Таа го избра сударството.* Следува дека дилемата дали да се употреби феминатив или именка од машки род за означување лице од женски пол, карактеристична за еден, веќе минат, период од развојот на македонскиот јазик – е надмината. Ова сепак не значи дека во македонскиот јазик во секој случај именката формално го сигнализира полот на лицето на коешто се однесува. Таква сигнализација отсуствува во некои случаи кога се употребени епицени – именки од конкретен граматички род (машки, женски, но и среден), кои се употребуваат за означување лица од двата пола: *убиец,*

индивидуа, лице итн. При нивната употреба во реченицата согласувањето со прирокот е формално, а полот може да се искаже описно: *Оваа жена-убиец е осудена на доживотен затвор. Забранет влез за машки лица.*

Двородовите именки, чиј број во македонскиот јазик не надминува 20, се главно именки што не означуваат лица (*мов, пепел, прав*), но, по исклучок, именката *роднина* означува лица: *мојот роднина* и *мојата роднина.* Во споредба со епиценумите, двородовоста овозможува сигнализирање на полот на лицето: *Нејзиниот роднина не успеал да добие виза за САД; Моја роднина од Велес родила тројка.*

Извесен проблем при согласувањето на подметот и прирокот по род претставуваат оние именски групи во чии рамки нема согласување помеѓу именката во функција на атрибут и именката-центар: *реката Вардар, фудбалскиот клуб Победа* и др. Имено, во овие случаи без исклучок доаѓа до согласување по род меѓу именскиот атрибут и прирокот, а не меѓу именката-центар и прирокот: *Фудбалскиот клуб Победа го совладал првакот на Бугарија*; *Реката Вардар отсекогаш го делела Скопје на два дела.* На овој начин се отстапува од вообичаениот начин на согласување по род, но и се нарушува вообичаената состојба центарот на именската група да го определува родот на именската група. Како оваа состојба и самата да не е доволно проблематична, неодамна во дневниот весник *Вест* се појави наслов: *Прага поскап и од Рим.* Вакви примери, според правилото за формално согласување, треба да гласат и најчесто гласат: *Прага поскапа и од Рим.* Можно решение за надминување на необичниот начин на согласување е да се третира првата именка како центар, а втората како атрибут, односно именската група значенски да се толкува како „(онаа) река со име Вардар", а не како„ (оној) Вардар што е река".

Со претходниве примери на некој начин се поврзуваме со примерите кои ќе ги разгледаме во врска со согласувањето по број. Како што, со право, констатира проф. д-р Л. Минова-Ѓуркова, „во практиката постои двојство во согласувањето во случаите кога имаме количествени определби претставени со именки што имаат парадигма по број, а даваат информација за количеството (и понекогаш за огранизираноста) на единиците што се именуваат со основната именка: *група ученици, чета војници, јато гуски*„. За овие случаи професорката Минова-Ѓуркова препорачува согласување со основната именка, на пр. *Група ученици пристигнаа на концертот.* Елена Петроска укажува на тоа дека едниската конгруенција е условена од маркираноста на партитивот по определеност: *Та кога дојде таа поголема група гости... До ова откритие дојде интернационалната група стручњаци...* Основен услов за множинска конгруенција, вели Петроска, е отсуството на маркираност по определеност на партитивот: *Една група војници се стурија... Сценариото ќе го пишуваат група помлади луѓе.* Се покажува, меѓутоа, дека

примерите како последниов не наидуваат на одобрување кај голем број македонски родени говорители. Имено, се забележува дека збороредот игра улога во врска со согласувањето во конкретни случаи, па последниот пример според голем[1] број македонски родени говорители треба да гласи: *Сценариото ќе го пишува група помлади луѓе.* И погореразгледаниот пример *Група ученици пристигнаа на концертот* со различен збороред би гласел *На концертот пристигнаа група студенти*, што според македонските родени говорители е помалку веројатно да функционира во практика отколку *На концертот пристигна група студенти.* Други примери кои го илустрираат ова би биле: *Добро би ми дошла порција кебапчиња*, а не *Добро би ми дошле порција кебапчиња*, односно *Добро би ми дошла чаша виски*, а не *Добро би ми дошло чаша виски.* Каков заклучок може да се извлече од реакцијата на македонските родени говорители? Се чини дека близината на членовите на именската група што функционира како подмет во реченицата со прирокот игра значајна улога, па можеби не е лошо ова да се земе предвид при заземањето став за начинот на согласување по број меѓу подметот и прирокот. Би сакале да укажеме на фактот дека и во овој случај овде станува збор и за формално граматичко согласување, а не само за согласување по блискост, само што различни членови на именската група ја претставуваат неа во однос на родот, што – како што видовме претходно – не е случај без преседан во македонскиот јазик. Оттаму и забелешката дека претходно разгледаните примери се надоврзуваат на овие примери.

Инаку, Елена Петроска ги разгледува споменативе случаи од семантички аспект, па во врска со тоа констатира дека еднинското согласување покажува колективно значење на синтагмата, а множинското согласување изразува дистрибутивно значење. Имајќи предвид дека спомената маркираност по определеност е условена од збороредот (членската наставка се врзува за првиот член на синтагмата што може да се членува), се наметнува заклучокот дека видот на согласувањето не може да биде значенски условен, иако може значенски да се толкува.

Она што меѓу сето ова најмногу загрижува е неможноста еднозначно да се определи центарот на именската група, т.е. синтагма составена од партитив и именка. Едно можно решение за надминување на оваа состојба е трансформацијата на именската група во две, од кои едната е именска група зависна од име: *група од стручњаци, јато од диви патки, толпа од селани* итн. *Та која големаа голема група од гости... До ова откритие големе интернационалната група од стручња-*

[1] Македонските родени говорители кои се споменуваат во овој реферат се главно студентите на групите за Англиски јазик и книжевност и Германски јазик и книжевност, но и многу други студенти на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Филозофскиот факултет, Факултетот за физичка култура, Природно-математичкиот факултет, со кои сум имал можност изминативе години да поразговарам на оваа тема, па оттаму нивниот број го оценувам како голем.

*ци... Но, наместо тоа го зрогледав јатото од диви пајки...*На овој начин не само што нема дилеми во врска со центарот на именската група туку и определеноста нема да е фактор кој ќе наметнува конкретен вид значенско толкување.

Како заклучок, сметаме дека еднозначноста и во поглед на согласувањето и во поглед на центарот на именската група се обезбедува ако погореразгледаните случаи ги сведеме на две формални разновидности: една именска група составена од партитив и именка-центар, при што согласувањето ќе биде множинско: *Група помлади луѓе ќе го пишуваат сценариото*, и две именски групи од кои едната ќе зависи од другата, а тоа формално ќе го покажува предлогот, при што согласувањето ќе биде еднинско: *Група (составена) од помлади луѓе ќе го пишува сценариото.*

Факторот близина, воопшто, е фактор кој има свое значење во врска со согласувањето по род и по број меѓу подметот и прирокот во македонскиот јазик. Така, еден од случаите за кои не станува збор во *Синтаксата* е случајот кој можеме да го претставиме со следниов пример: *Но **Бог**, или, што е исто, **религијата** е толку различна колку што е различна определеноста на човекот за својата суштина...* Значи, станува збор за алтернативни именски групи кои претставуваат еден поим, но се јавуваат во различен род. Се поставува прашањето во кој род ќе се јави прирокот. Дали и овде близината не е пресуден фактор за начинот на согласување и, навистина, какво поинакво решение доаѓа предвид?

Покрај со различен род, именските групи што алтернативно го претставуваат подметот можат да бидат и со различен број: *...бидејќи квалитетите или определеноста на Бог не е/се ништо друго освен суштински квалитет/и на самиот човек.* Овде, исто така, се можни две решенија: еднинско согласување предизвикано од поголемата блискост на прирокот со именката во еднина или множинско согласување според првонаведената именка, но и според фактот дека двете именки значенски можат да претставуваат и логичка сума, а не само логичка дисјункција.

Не помалку интересно би било разгледувањето на некои примери, инаку застапени во *Синтаксата*, но во врска со поинаков вид согласување. Така, на пример, реченицата *„Психо“ покажаа голем напредок*, со право, се оценува како неграматичка во поглед на согласувањето по број, па се укажува на правилното *„Психо“ покажа голем напредок*, односно *Членовите на групата „Психо“ покажаа голем напредок.* Сепак, се чини, поинтересно е да се одговори на прашањето како да се усогласи подметот со прирокот по род, секако под услов прирокот да се јави во форма што разликува род: дали да се определиме за *„Психо“ покажал голем напредок* или, пак, *„Психо“ покажало голем напредок*? Секако, најелегантно решение претставува верзијата *Групата „Психо“ покажала голем напредок*, но овој пример го наведовме главно за да укажеме

на евентуално можни причини за појавата на примери од типот *„Психо“ покажаа голем напредок*. Имено, проблемот со родот не се јавува во множина: *„Психо“ покажале голем напредок*. Ова, секако, не го оправдува неграматичкото согласување во разгледаниов пример со групата „Психо“. Овој пример веројатно упатува на потребата од преоценување на статусот на називите и насловите, но и на имињата во рамките на именската група. На тоа, впрочем, како што веќе видовме, упатува и погоре наведениот пример со фудбалскиот клуб Победа и реката Вардар. Имено, се чини дека именките кои ги придружуваат имињата во рамките на една именска група се вистинските центри на таа именска група, на што упатува и фактот дека тие се оние членови на именската група со кои се согласува прирокот. Оттаму нивниот статус на именски атрибути треба да се преоцени. Основа за ова може да се пронајде и во можноста за нивно двојно толкување. За илустрација на ова ќе искористиме еден пример од *Синтаксата*: *актерот Јачев* може да се протолкува како 'тој актер што се вика Јачев' и како 'тој Јачев што е актер'. Според начинот на кој ги согласуваме подметот и прирокот се покажува дека значенски главно мислиме на реката со име Вардар, односно фудбалскиот клуб со име Победа, а не за оној Вардар што е река (а не, да речеме, фудбалски клуб) или онаа Победа што е фудбалски клуб (а не, да речеме, ресторан).

Патем, ќе споменеме дека во весник можат да се сретнат случаи во кои се јавува несоодветно согласување и тогаш кога проблеми не би се очекувале. На пример, *„Форд мотор“ изјавија дека нивниот редизајниран модел...* односно *„Форд“ потпишаа договор за три филма* (Вест, бр. 2451 од 17.8.2008). Ако во погоре наведениот пример со *Прага* може да се подразбере определбата *градот*, што сепак само ја објаснува постапката на авторот, но не ја оправдува, во примерот со *Форд* останува нејасно што е причината за множинската форма на прирокот. Станува збор, како што е познато, за компанија за производство на автомобили. Претпоставката дека се мисли на претставници на компанијата, не само што не е никаков одговор, туку по логика на вообичаената практика, ако претставници потпишуваат договори, тогаш обично изјава дава претставник. Настрана што претпоставки по правило и нема зошто да се прават, односно не се релевантен фактор на кој можеме да се повикаме.

Се наметнува впечатокот дека повеќето дилеми за тоа како да се усогласат подметот и прирокот по род и по број произлегуваат од преголемото економизирање на исказот. Дали само по себе не се подразбира дека таквата тенденција, што сè повеќе зема замав, мора да се ограничи, ако не во усната комуникација, тогаш барем при пишувањето. Во врска со ова, ќе го разгледаме следниов случај, кој и не е најтесно врзан со согласувањето меѓу подметот и прирокот, но се разгледува во негови рамки. Како што е познато, членската морфема овозможува економи-

зирање на исказот на тој начин што во случаи со две придавски определби и една именка-центар членувањето на едната придавка значи дека станува збор за една именска група (на пример, *нашата и ваша пријателка не присуствуваше на средбата*) наспроти двојното членување кое покажува дека во реченицата има две именски групи со една синтаксичка функција, на пример подмет во реченицата (*нашата и вашата пријателка се скараа*). Се поставува прашањето како да се сфатат случаите во кои нема членувани придавки, а кои се јавуваат по примерот на претходно разгледаните реченици: *Наш спортист и театарска група настрадаа во сообраќајна несреќа.* Дали е само спортистот наш или е наша и театарската група? Овде, заради јасност на исказот, се наметнуваат како можни следниве решенија:

1. Различен збороред, односно употреба на определба само со втората именска група, што ќе упати на тоа дека е наш само спортистот: *Театарска група и наш спортист настрадаа во сообраќајна несреќа.*

2. Множинска форма на определбата за да стане јасно дека се наши и спортистот и театарската група: *Наши спортист и театарска група настрадаа во сообраќајна несреќа.* Инаку, овој начин на согласување не е во согласност со нашата актуелна норма.

3. Веројатно најнепопуларно решение би било најнеекономичното, но можеби токму тоа во моментов (со оглед на актуелната норма) е најприфатливо: *Наш спортист и наша театарска група настрадаа во сообраќајна несреќа*, односно *Наш спортист и театарска група настрадаа во сообраќајна несреќа* да подразбира само дека спортистот е наш, но не и театарската група.

Последниве примери укажуваат на потребата од системско, а не парцијално решение на одредени случаи, како во врска со согласувањето меѓу подметот и прирокот, така и во врска со согласувањето во рамките на именската група.

Со примерите разгледани овде сигурно не се исцрпени случаите на согласување по род и по број меѓу подметот и прирокот кои предизвикуваат дилеми кај говорителите на македонскиот јазик. Но добро би било на овој начин да се поттикнеме не само за нивно идентификување туку и за разрешување на дилемите, изнесувајќи аргументи во прилог на конкретни предлози. За да можеме да дискутираме кога и каде можеме да излеземе од рамките што ги диктира нормата, најнапред мораме да утврдиме кои рамки ги поставува таа.

Литература:

Лилјана Минова-Ѓуркова, *Синтакса на македонскиот стандарден јазик,* Радинг, Скопје 1994.

Елена Петроска, *Количествените категории колективност и дистрибутивност во македонскиот јазик,* во Предавања на 39. меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 2007.

Волф Ошлис

МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И КУЛТУРА ПОД БУГАРСКАТА ОКУПАЦИЈА 1941-1944 ГОДИНА

Вардарската бановина (Македонија) во времето на Втората светска војна беше под бугарска окупација[1], речиси една германска „награда„ за бугарската поддршка во војната против Југославија.[2] Со повторно присвојување на Добруџа и Македонија беа исполнети главните ревизионистички постулати на Бугарите и целиот бугарски „етнички“ простор пак беше во рацете на софиската власт. Бугарите имаа свој излез кон Егејското Море и располагаа со природните, стопанските, сообраќајни-

[1] Werner Piesold: Bulgarien am Weißen Meer (Бугарија на Егејското Море), во: Nationalzeitung (Essen) 13.4.1944.

[2] Otto Mossdorf: Der Frühjahrsfeldzug 1941 in Mazedonien und Thrazien (Воената операција пролет 1941 во Македонија и Тракија), во: Bulgaria Jahrbuch 1942, Leipzig , 318-328.

те и другите богатства и можности на новите, наводно „старобугарски“ подрачја.[3]

Меѓутоа, Македонија притоа играше една особена улога. Таа беше сфатена и претставена како изворната Бугарија, како подрачје во кое лежат најдобрите корени на бугарштината, каде што биле седиштата на бугарските владетели и светци, со еден збор: Македонија како речиси Нај-Бугарија и израз на најдобрите својства на Бугарите.[4]

„Огледалото“ на овие теории и убедувања беше регионалниот весник „Цѣлокупна България“, кој излегувал во Скопје и имал релативно високо ниво што се однесува на квантитетот на вестите и квалитетот на прилозите и коментарите. Сето тоа беше сигурно можно благодарение на бројните придонеси од врвни автори, како етнографот Христо Томов Вакарелски (1896-1979), филологот Ѓорѓи Киселинов (1888-1961), историографот на книжевноста Михаил Петров Арнаудов (1878-1978) и други. За среќа, во скопската народна и универзитетска библиотека се сочувани годишниците на весникот „Цѣлокупна България“, од 1942 кој вистина беше органот на окупаторската моќ, ама покрај тоа и една своевидна енциклопедија на Македонија во претпоследната фаза на нејзината народна и културна афирмација.

Официјално Македонија беше една „ослободена бугарска земја“, еден дел од „обединета Бугарија“, едно подрачје во кое живеат само Бугари - заедно со Турци, Грци, Арнаути и други. За да се добијат точни податоци беше планиран попис на населението во времето од 1 до 10 мај 1943 г.[5] За жал, ништо не е познато за неговите резултати. Истото важи и за природните богатства на Македонија: се знаеше дека во Македонија

[3] Bulgarien in neuen Grenzen (Бугарија во новите граници), во: Berliner Boersen-Zeitung 21.6.1941.

4 Le rôle de la Macédoine dans l'histoire de l'ancienne Bulgarie (Улогата на Македонија во историјата на стара Бугарија), во: La Parole Bulgare 11.4.1942.

[5] Преброяване на населението въ Македония, во: Целокупна България (ЦБ) 30.4.1943.

има огромни резерви од полезни минерали, руди, јаглен итн., но ништо за количината на овие ризници.[6]

Но, тоа беа ситници – во споредба со основните тешкотии на бугарската окупаторска политика. Цело време тука постоеше една огромна терминолошка нејасност, па дури и збрка. Дали е „Македонија" само географски термин или нешто повеќе? Дали во Македонија живеат „Македонци" или „македонски Бугари" или дури „наши браќа од Македонија"? Дали луѓето во Македонија зборуваат „говор", „јазик" или „реч"? Дали народните песни од Македонија се „македонски песни" или не? И така натаму – бескрајно!

Во секој момент на својата окупација Бугарите беа збунети околу „бугарската" суштина на Македонија. Нивното грубо инсистирање на „бугарштината" на Македонците е во повеќето случаи, просто, трагикокомично. Еден пример за тоа е дејствувањето на охридскиот историчар Георги Баласчев (1869-1936), кој студирал, дипломирал, работел и починал во Софија, што беше доволно за Бугарите да го претстават како чистокрвен Бугарин. Баласчев се занимаваше со средновековната историја на овдешниве простори. Дали беше тоа „бугарска" историја? Ние денеска знаеме дека Баласчев беше активен член кај „Лозарите", но тогашниот весник „Целокупна България"го почитувал пред сè како издавач на „Българо-македонско научно списание Минало" во кое тој навистина ги објавил своите обемни трудови. Ако ги читавме со своето современо македонистичко познавање, сигурно ќе имавме голема корист од тоа.

Патем речено: Овој службен став беше преземен дури и од Германците, значи, од големите „заштитници" на Бугарите, коишто на пример рекоа: „Македонија можеше повеќе од останатата Бугарија да ги чува писмото, јазикот и самостојната црква".[7] Но, истовремено Германците знаеле и пишувале дека Македонците не се Бугари, дека кај Македонците постои една „народна свест", дури посилна од таа кај нивните соседи, дека оваа свест дури се зајакнува.[8] Една определена воздржаност на германската политика кон бугарските ставови спрема Македонија се согледува во повеќе правци – дури до неуспешниот обид во последните недели на август 1944 г. да се создава една „Независна Македонија" како германски протекторат и под раководство на Ванчо Михајлов.[9]

Сите овие збрки беа најзабележливи штом стануваше збор за **јазикот** во Македонија. Никој не можеше да оспорува дека постојат зна-

---

[6] Сарафовъ: Минералните богатства въ Македония, во: ЦБ 8.12.1942.

[7] Mazedonien – ein Teil Bulgariens. Die Erfüllung eines geschichtlichen Anspruchs, во: Frankfurter Zeitung 27.6.1943.

[8] Das Schicksal Mazedonien (Судбината на Македонија), во: Volkstum im Südosten бр. 3/1944, 59-66.

[9] Марјан Димитријевски: Политиката на Третиот рајх кон Македонија 1933/1945, Скопје 2001, 86 цл.

чајни јазични разлики меѓу Македонците и Бугарите и дека големи делови на македонската лексика просто не се вклопуваат во „чистиот бугарски јазик". Меѓутоа, овој „чист" јазик е израз на „бугарскиот дух" и основа на „бугарската народност". Најголемите „Бугари" се дојдени од Македонија, почнувајќи со солунските браќа Кирил и Методиј[10], Македонија е „татковината на нашиот збор"[11], јазичните разлики всушност не постојат бидејќи „литературното наречје" на Македонците припаѓа кон западнобугарскиот „екавски" изговор. Со еден збор: просто непристојни се оние Бугари што „мислат дека сите од старите подрачја зборуваат чисто литературно".[12] Наводните лексички разлики не се разлики, туку напротив: „Македонските говори, дури повеќе од сите други, се најбугарски говори".[13] Кај нивната лексика се работи за добро конзервирани и чувани „старобугарски" зборови.[14]

Не знам дали беше тоа добродушен прагматизам или една своевидна „капитулација" на Бугарите пред јазичните особености на Македонците. Но, ми се чини, дека во овие оцени се криеле определени шанси и можности за Македонците. Еден од авторите на весникот „Целокупна България" беше и охридскиот филолог Ѓорѓи Киселинов (1888-1961), пред војната автор на повеќе учебници на српски јазик, во војната директор на една скопска гимназија и по војната член на Првата комисија за кодификација на македонскиот јазик и потоа, поради својата лојалност со окупаторската власт, беше осуден. Читајќи ги неговите прилози во „Целокупна България" ми се чини дека кутриот Киселинов беше еден трагичен случај бидејќи, всушност, тој кришум-кришум ги упатил своите Македонци на скриените можности коишто ги дала бугарската политика во културата[15] и пред сè во јазикот.[16] Можеби неговата лојалност навистина беше претерана, но сите знаеме дека границите меѓу колаборацијата и отпорот се доста „течни".

Ако Бугарите во врска со Македонците горе-долу се држеле на правилото „зборувајте како сакате – пишувајте како што зборувате", тогаш веднаш настана проблемот на **училиштето**. Според официјалниот бугарски став, Македонија беше „лулката на бугарската култура" каде што се „основани првите бугарски народни училишта".[17] Основоположниците на овие „бугарски" училишта и читалишта беа „Бугари", како Кирил Пејчиновиќ и други коишто ги отвориле своите школи во „бугарските" градови Битола, Велес, Кукуш, Прилеп, Тетово, Скопје, Солун и

[10] К. Кънчевъ: Езикъ и народностъ. Во: ЦБ 19.3.1942.
[11] Родината на нашето слово, во: ЦБ 28.6.1943.
[12] Ал. П. Мартиновъ: Повече грижи за книжовния езикъ, во: ЦБ 22.3.1942.
[13] Българскиятъ характеръ на македонските говори, во: ЦБ 17.10,1942.
[14] Цветанъ Грозевъ: Говоротъ въ Македония, во: ЦБ 7.8.1942.
[15] Г. Я. Киселиновъ: Културните постижения отъ освобождението до днесъ, во: ЦБ 31.12.1942.
[16] Г. Я. Киселиновъ: За българската речь, во: ЦБ 24.3.1942.
[17] Христо Капитановъ: Българската култура и Македонија, во: ЦБ 21.10.1942.

така натаму. Тоа беше славната историја на која воопшто не ѝ одговараше современоста во окупираната Македонија. На страниците на „Целокупна България“ не се ретки жалби и поплаки дека македонски студенти добиле лоши оценки во Софискиот универзитет поради употребата на „македонски“ зборови, дека бугарски учители вршеле притисок на своите македонски ученици да зборуваат „чисто“ бугарски, дека бугарски чиновници го „чистеле“ јазикот во Македонија од наводни „српски“ зборови и слични поводи за критика повеќе.[18] Сето тоа беше непотребно, дури штетно, читаме во „Целокупна България“:

„Населението во ослободените земји го учи јазикот пред сè од два извора: од луѓето дојдени од старите подрачја и од најразличните печатени дела, најмногу од весниците. Бидејќи лексички разлики речиси не постојат меѓу говорите и литературниот јазик и бидејќи македонскиот Бугарин без проблеми го разбира читаното и слушаното, тој воопшто не ја чувствува нуждата од специјализирани наставници, граматики, речници и други помошни средства со кои тој, наводно, побргу и поправилно го би учел нашиот литературен јазик“.[19]

Значи, поставени пред изборот меѓу чистиот бугарски јазик и македонските „говори“, Бугарите очигледно претпочитувале да не им пречат на Македонците. Притоа тие веројатно верувале на добри резултати од една проста равенка: добри училишта плус добра настава еднакво на автоматско учење на бугарскиот литературен јазик, поддржано од познатата работливост и способност на Македонците.[20]

Како и да било, Бугарите можеле да покажуваат респектабилни придобивки во образованието: курсеви за неписмените луѓе од селото, зимски вечерни училишта за селското население, народни универзитети, бројни нови основни училишта и 10 гимназии, театарски групи, хорови, професионални училишта, музичка гимназија во Скопје и слично.[21] Тоа не беше мало ако се сеќаваме на тоа, колкава беше неписменоста во бившата „Вардарска бановина“: во 1925 повеќе од 80 насто на населението, според пописот од 31 март 1931 сè уште многу, 71,3 насто. За „патриотското“ воспитување на младите Македонци се загрижел „Бранник“, младинската организација на авторитарна Бугарија.[22] Но, и самото училиште требаше да биде патриотски насочено, со акцент на „родниот јазик“, „бугарската историја“, „татковинската географија“ и други згодни предмети. Меѓутоа, токму во областа на **јазичната обука** честопати беше предупредувано од претераната безобзирност:

---

[18] Грозевъ, Говоротъ въ Македония ..., op. Cit.

[19] Мартиновъ, Повече грижи... op. Cit.

[20] Михаилъ Арнаудовъ: Състоянието и насоките на културната работа въ Македония, во: ЦБ 21.10.1942.

[21] Н. Праматаровъ: Насоки на културно-просветната дейность въ Македония, во: ЦБ 28.1.1942; Р. Тодоровъ: Просветата въ Македония, во: ЦБ 27.3.1942.

[22] Емануилъ Пешевъ: „Бранникъ“ въ Македонија, во: ЦБ 5.8.1943.

„Усвојувањето на литературниот јазик е, се разбира, првата задача на обуката на родниот јазик, но тоа не значи дека се побарува од учениците од самиот почеток оти тие го зборуваат секогаш и во сите случаи. Ако го правиме тоа, ние ризикуваме да ја уништиме добрата волја кај учениците и нивната смелост за слободен и богат говор. Нивниот мајчин јазик, убавото и звучното македонско наречје, треба да биде нивното природно средство на јазичното однесување во училиштето. Вежбите по литературниот јазик нека следат постепено.“[23]

Вакви критики, поизразени или поскриени, ја отелотворуваат основната противречност на бугарската културна политика во окупираната Македонија. Службено, Македонија беше „побугарска“ од самата Бугарија, пред сè со оглед на културата и јазикот. Од оваа гледна точка би било логично дека самите Бугари ќе се откажат од своите јазични норми и ќе преминат кон македонскиот јазик. Меѓутоа, тоа не беше можно и затоа можеме да читаме во бројни прилози на окупаторскиот печат реченици што се внатрешно контрадикторни: Македонците се говорители на најчистиот и најбо́гатиот бугарски јазик, но тие мораат што побргу да го учат бугарскиот литературен јазик. Една сигнификантна збрка на сопствените поими и принципи, којашто од поранешни македонски историографи не беше забележена или е потценета.[24]

Очигледно, Бугарите во повеќето случаи се задоволуваа со убавиот изглед: бидејќи цела Македонија еднаш засекогаш е бугарска, тогаш сите нејзини детали не можат да бидат поинакви од бугарски - сеедно како изгледаат, звучат, како се изговорени или употребени. Баста! Од оваа идеологија понекогаш резултираа одлични историографски прилози, на пример за историјата на **читалиштата** во Македонија[25], што се многу вредни - под услов ако се заменат придавките „бугарски“ со „македонски“.

Бугарската ригорозност понекогаш стигнуваше дури до чиста гротеска. На пример, во септември 1942 **Скопскиот народен театар** ја отворил својата втора сезона со една мошне успешна изведба на драмата „Печалбари“. Критиките во печатот беа химнични, само што никаде не е споменато името на авторот, Антон Панов (1906-1968), основоположникот на современото македонско драмско творештво.[26]

Токму во **литературата** владееше оној бугарски напор да се претвори апсолутно сè во бугарско – почнувајќи со народните македонски песни кои се „најсилниот доказ за бугарската припадност на Македонија“[27], со „бугарските“ преродбеници Миладиновци[28], со Гоце Делчев кој-

[23] Вера въ силата и могъществото на България, во: ЦБ 12.2.1942.
[24] Rastislav Terzioski: The Bulgarian Institutions in Occupied Macedonia, 1941-1944, во: Macedonian Review бр. 1/1976, 72-78.
[25] Т. Крайничанецъ: Първите читалища въ Македония, во: ЦБ 5.2.1942.
[26] Петъръ Горянски: Печалбари, во: ЦБ 14.9.1942.
[27] Маринъ Големиновъ: По следите на народната песень въ Македония, во: ЦБ 29.4.1943.

што „бескрајно ја сакаше Бугарија“[29] итн. Врвот во оваа реинтерпретација на македонската историја беше во 1942 г., кога во драмата „Камбаните на Св. Климентъ“ од бугарскиот автор Димо Сјаров (Сяровъ) речиси сите македонски јунаци се собираат околу главниот лик, Григор Прличев, за да ја прогласуваат својата љубов кон Бугарија.[30]

Малце подобро беше положбата во современата **музика** каде што барем беа споменати „младите македонски композитори“ Живко Фирфов (1906-1984), Стеван Гајдов (1905-1992) и други.[31]

Дали ситуацијата во **поезијата** беше слична, тоа не можам да го оценувам. Во 1942 г. излегол зборникот „Македония въ песни“, издаден од Бугарите Л. Станчев и Р. Мутафчиев, во кој беа претставени 39 македонски автори, почнувајќи со Константин Миладинов.[32] За жал, засега ја немам видено книгата, но за мене интересно би било дали избраната песна на Миладинов е неговата „Т'га за југ“. Инаку песната „Т'га за југ“ им беше добро позната на Бугарите и од нив е толкувана како израз на македонскиот „копнеж“ кон „ослободување“.[33]

Најважното средство на бугарското влијание беше **Радио Скопје (Скопие)** чија програма зиме беше оформена како интегрален курс за новопечените „Бугари“: Понеделник – државното устројство на Бугарија, вторник – „борбите за ослободување и обединување на бугарскиот народ“, четврток – јазикот на Бугарите, петок – „бугарска национална култура“ итн.[34] Овој акцент на бугарската идеологија беше една сигнификантна разлика кон програмата на бугарското радио што беше составена од 85 насто музика. Радио Скопје беше едниот од трите „помошни предатели“ на бугарското радио, заедно со станиците во Варна и Стара Загора. По тешките почетоци, дури од 1937 г. бугарското радио можеше, благодарение на техничката помош од германската фирма „Телефункен“, да емитува во поголеми размери.[35]



Другото и поамбициозно средство беше **Народниот музеј** во Скопје во кое Бугарите вложувале многу идеи, напори и пари. Кога беше отворен музејот во мај 1942, тој е претставен како етнографска „посетница“ на Македонија во соста-

[28] Трайчо Чундев: Възрожденците братя Миладинови, во: ЦБ 3.2.1942.
[29] Герасимъ Т. Младеновъ: Гоце Делчевъ, во: ЦБ 5.5.1942.
[30] Димитъръ Добревъ: Григор Пърличевъ въ драмата „Камбаните на Св. Климентъ“ отъ Димо Сяровъ, во: ЦБ 29.1.1942.
[31] Крумъ Бояджиевъ: Македонската песень, во: ЦБ 10.8.1942.
[32] Любомиръ Брутовъ: Македония въ песни, во: ЦБ 3.9.1942.
[33] Чундев, Възрожденците...
[34] Програмата на Радио Скопие презъ зимния сезонъ, во: ЦБ 1.10.1942.
[35] Panajot Todorov: Rundfunk in Bulgarien, во: Bulgarija Jahrbuch 1943/44, Leipzig, 428-433.

вот на Бугарија.[36] Директорот на музејот беше (веќе споменатиот) Христо Вакарелски и очигледно Бугарите се срамуваат за неговата дејност во Скопје која во биографиите на Вакарелски е „прескокната". Ама, зошто? Вакарелски не беше само еден од најврвните етнографи, можеби во Германија е попознат отколку во Бугарија[37], туку и еден своевиден „заштитник" на Македонците и пропагатор на македонската народна култура.[38] Во Охрид уште живее архитектот Борис Чипан, роден во 1918 г., несторот на заштитата и реставрацијата на споменици во поранешна Југославија, кој се сеќава дека уште во 1941 г. по налог на Вакарелски работел на заштита на стари куќи во Охрид, кои бугарските власти сакале да ги урнат.

Вакарелски беше извонредно работлив автор – тој веројатно дење-ноќе пишуваше искористувајќи ги сите можности на својата струка. Во „Целокупна България" ќе најдеме барем еднаш неделно еден прилог од него. Тој пред сè се занимаваше со македонските обичаи – во врска со жетвата, со почетокот на зимата, со Новата година, со големите празници (Велигден, Ѓурѓовден, Илинден и др.). Освен тоа, тој обемно пишуваше за македонските народни песни, и токму овие прилози понекогаш изгледаат како едно конспиративно писмо кон Македонците кога тој ги цитира песните на чист македонски јазик или ги набројува имињата на македонските јунаци што не им се познати на Бугарите.[39]

Користејќи ги можностите на директор на Народниот музеј, Вакарелски, развиваше уште поголеми иницијативи, на пример една целосна програма на заштита на старините во Македонија, почнувајќи со едно систематично истражување на охридските цркви.[40] Овие истражувања исто така служеле за поддршка и унапредување на млади фолклористи од Македонија.[41]

За мене како Германец еден друг аспект на дејноста на Вакарелски е пред сè интересен. Вакарелски беше многу ценет кај Германците и како добар познавач на германските истражувања во Македонија. Во своите сопствени прилози Вакарелски ги споменува и ги цитира германските автори и нивните ставови кон теми, како на пр. народноста на Македонците[42], коишто многу малку се совпаѓале со официјалниот став на Софија. Оваа тактика е уште поизразена во неговите прилози за народ-

[36] Тържествено откриване на Народния музей въ Скопие, во: ЦБ 17.4.1942.
[37] Christo Vakarelski: Bulgarische Volkskunde (Бугарска етнографија), Berlin 1969.
[38] Christo Vakarelski: Volksbräuche und Volkstrachten der bulgarischen Volksgruppen (Народните обичаи и носии на бугарските етнички групи), Bulgaria Jahrbuch 1943/44, Leipzig, 254-303.
[39] Христо Вакарелски: Борбите на македонеца за свобода въ народната песень, во: ЦБ 20.5.1943.
[40] Христо Вакарелски: Грижи за старините въ Македония, во: ЦБ 13.8.1942.
[41] Христо Вакарелски: Млади фолклористи отъ Македония. Во: ЦБ 28.7.1943.
[42] Христо Вакарелски: Чужденци-пътешественици за народностьта въ Македония, во: ЦБ 21.4.1943.

ните песни на Македонците[43] - долги цитати на самите македонски песни плус една целосна „галерија“ на македонските собирачи на песните и на странците, од Штросмаер наваму, што научно го обработиле македонскиот фолклор.

Како резиме би сакал да кажам дека положбата на македонската култура под бугарската окупација воопшто не беше лесна – но сигурно би можела да биде и далеку потешка. Официјалната политика на Бугарија произлегуваше од ставот дека цела Македонија е „бугарска“ и затоа сите нејзини детали мораат да бидат сметани и почитувани како дело на бугарското битие и бугарската култура. Оваа политика беше една своевидна, иако ограничена „дозвола“ да се продолжува со македонскиот јазик, култура, обичаи, традиции итн., сега под новиот „бугарски“ наслов. Притоа на Македонците им помагале врвни научници како Христо Вакарелски, понекогаш на доста „итар“ начин.

Секако, ми се чини дека не смееме да бидеме премногу строги со Бугарите. Последниот збор во наводно „бугарската“ Македонија го имале Германците, што се гледа на пример од трагичната судбина на македонските Евреи. Еден од главните егзекутори на нивната депортација беше Германецот Адолф Хајнс Бекерле (Adolf Heiz Beckerle, 1902-1976), еден од најраните привржаници на Хитлер и во времето од јуни 1941 до септември 1944 германски амбасадор во Бугарија. Тој секогаш се фалел со својата симпатија кон „македонските Бугари“[44], дури и песни пишуваше за нив.[45] Затоа чудо не беше што Бекерле во април 1943 стана почесен граѓанин на „слободното бугарско Скопје“. Дали е сè уште во оваа чест?

[43] Христо Вакарелски: Македонските народни песни и чужденците за тяхъ, во ЦБ 27. и 28.11.1942; истиот: Борбите на македонеца за свобода въ народната песень, во: ЦБ 30.5.1943.
[44] Петъръ Кишмеровъ: За македонските Българи, во: ЦБ 21.4.1942.
[45] Адолфъ Бекерле: Къмъ македонските Българи, во: ЦБ 16,4,1942.



Макс Валстром

GRAFEMIKA KONIKOVSKOG EVANĐELJA U USPOREDBI S DRUGIM MAKEDONSKIM TEKSTOVIMA PISANIM GRČKIM PISMOM

Konikovsko evanđelje, dvojezičan makedonsko-grčki rukopis od kraja 18. ili od početka 19. stoljeća u kojem se i južnovardarski makedonski dijalekt piše grčkim pismom, predstavlja jedan zanimljiv dio tradicije slavenske pismenosti koja se služi grčkim pismom. Ta tradicija je najmanje toliko stara koliko i tradicija slavenske pismenosti u cjelini. Pritom su slavenska pisma, glagoljica i ćirilica, dopustila razvijanje pismenosti uglavnom u crkvenim krugovima tako da je ćirilica postala kasnije prevladavajućim pismom pravoslavnih Slavena. I kako danas znamo, podrijetlo ćiriličkih grafema je grčko. Ipak, s druge strane, monah Hrabar opisuje kako su egejski Slaveni već ranije u devetom stoljeću pokušavali pisati svoj jezik grčkim slovima čak i prije braće prosvjetitelja Ćirila i Metodija (Mazon & Vaillant 1938., 6–7). U svakom slučaju, iako sada govorimo o relativno novijim makedonskim tekstovima, moramo imati u vidu da su korijeni tradicije dublji.

Iz objavljenih izvora znamo da nova tradicija pisanja tekstova grčkim pismom na području kojemu se pripisuju tipične makedonske izoglose počinje u 16. stoljeću od malog popisa slavenskih riječi i jedne pjesme zabilježenih na margini jednog grčkog rukopisa (Gianelli & Vaillant 1958.). Jedan od najpoznatijih tekstova ovog tipa je *Tetraglosson* Daniila, četverojezični rječnik koji sadrži grčke odrednice i njihove prijevode na vlaški, albanski i makedonski jezik. Druga i jedina poznata naklada je iz 1802. godine.[1] (Ničev 1977.)

Mazon i Vaillant (1938, 6-13) predstavljaju jedan popis makedonskih i bugarskih tekstova pisanih grčkim pismom u svom radu o Kulakiskome evanđelju. Takav popis predstavljaju i Pjotr Draganov (1905.) i Ljudmil Spasov (2008., 412–413) u svojim referatima. Ipak, u cjelini, ima vrlo malo istraživanja koje bi razmatralo tradiciju ovih tekstova kao jednu cjelinu. Dakle, nije iznenađujuće što se nije bavilo mnogo ni istraživanjem baš grafemičkih osobina ovih tekstova.

U ovom se referatu pokušava prvo predstaviti obuhvatan popis makedonskih tekstova napisanih grčkim pismom. Drugo, uspoređuju se šest izabranih tekstova s Konikovskim evanđeljem iz perspektive grafemike, discipline lingvistike koja istražuje odnos pisanoga i govorenoga jezika, pokušavajući naći objašnjenja za sličnosti i razlike među tekstovima i analizirajući razvitak nekih grafemičkih sredstava.

---

[1] Zahvaljujem akademiku Blažu Ristovskom za kolegijalni savjet o datiranju *Tetraglossona*.

Makedonski tekstovi pisani grčkim pismom

Ovaj je popis[2] zasnivan na odličnom popisu Mazona i Vaillanta (1938., 6–13) ali obuhvaća i nekoliko novih tekstova. Jedan je dio tekstova napisan na dijalektima koji prema makedonskoj dijalektološkoj tradiciji pripadaju bugarskome jeziku. Čini se da tradicija slavenskih tekstova pisanih grčkim pismom pripada i povijesti makedonskog kao i bugarskog jezika, dakle, da se bolje može procjenjivati cijelu tradiciju pametno je razmatrati oba jezika istovremeno.

16. stoljeće – Glosar i pjesma iz regije Kostura (Gianelli & Vaillant 1958., 7–15).

Kraj 17. stoljeća–18. stoljeće – Rukopis bačkovskog manastira broj 90 (Mazon & Vaillant 1938., 9.)

18. stoljeće – *Nedělni poučenija* iz istočne Bugarske (Miletič, 1920.).

Kraj 18. stoljeća – početak 19. stoljeća – Konikovsko evanđelje (Lindstedt, Spasov & Nuorluoto 2008.).

1802. – *Tetraglosson* Daniila (Ničev 1977.).

1828. – "Oče naš" i drugi slavenski tekstovi (Draganov 1905., 330).

1839. – Trojezični rječnik Petra Kavajova iz Struge (Georgievski 2003.).

1848.–1860. – Dio članaka novina *Caregradskij vestnik* (Draganov 1905., 326–327).

Sredina 19. stoljeća – Rukopis *Bălgarski narodni pesni* braće Miladinova (Draganov 1905., 323).

Druga polovina 19. stoljeća – Žitije Svetog Jovana Vladimira iz Ohrida (Spasov 2008., 313).

1859. – Dijelovi zbirke propovijedâ Damaskenosa Studitesa (Draganov 1905., 331).

1861. – Trlisko evanđelje (Miletič 1920.).

1863. – Kulakisko evanđelje (Mazon & Vaillant 1938.).

1866. – Govor Grigora Prličeva na kraju akademske godine 1866. u Ohridu (Spasov 2008., 312.).

1866.–1872. – Dio članaka novina *Makedonija* (Draganov 1905., 327–328).

1867. – Pjesme i prikazi iz sela Vrondia (Mazon & Vaillant 1938., 11).

1868. – Bilješke Oca Jovana iz sela Visoka (Draganov 1905., 331–332).

1870. – Tri rukopisa Ionča P. Šnegarova iz Ohrida (Mazon & Vaillant 1938., 11).

1873. – Pismo od znamenitih osoba sela Boboščica egzarhu Antimu (Mazon & Vaillant 1938., 11).

1874. – Odlomak govora učitelja Dhimitrija Canca u Boboščici (Mazon 1936., 108–113).

1870.–1880. – Boboščičko evanđelje (Mazon 1936., 1–108, 114–144).

---

[2] Popis je prvoga puta objavljen u mojoj magistarskoj disertaciji (Wahlström, 2009.).

1883. – Zbirka evanđeljskih tekstova tiskana u Solunu (Draganov 1905., 332).

1888.–1890. – Zbirka tekstova iz Tešova (Mazon & Vaillant 1938., 12).

Početak 20. stoljeća – Šest pisama od pisaca iz Nivice, Turije i Lerina (Vaillant 1924.).

(Nedatiran) – Molitvenik iz Struge (Spasov 2008., 412).

Grafemika šest tekstova

Problemi grafemike uglavnom su slični u svim slavenskim tekstovima pisanim grčkim pismom. Za obilježavanje palatalnosti i palatoalveolarnosti ne postoji jednostavan način u grčkoj ortografiji. U fonemskim inventarima ima još nekoliko samoglasnika za koje ne postoje znakovi u grčkom pismu ili znakova ima više nego samoglasnika. Ovdje se prepisivaju vrlo kratko najvažnije grafemičke osobine pismenih sustava šest tekstova pisanih grčkim pismom koncentrirajući se na rješenja tri grafemička problema koji su tipični ovim tekstovima: (1) obilježavanje palatoalveolarnih i palatalnih suglasnika, (2) obilježavanje fonema /b/, /d/ i /g/ za koje nema odgovarajućih znakova u grčkom pismu i (3) način na koji se obilježava fonem /i/. (Za obuhvatnu analizu grafemike Konikovskog evanđelja, vidi Wahlström 2008.a, 2008.b ili 2009.)

Tekstovi su izabrani djelomično da bi oni predstavljali različite tekstualne varijante, a djelomično jer naučna izdanja ovih tekstova sadržavaju barem nekakvu faksimile od originalnog teksta. Ovo je neophodno zato što se znatan dio grafemička rješenja ne može proučavati u tipičnoj dijalektološkoj transkripciji.

Glosar i pjesma iz regije Kostura

Mali se popis makedonskih riječi i jedna pjesma zabilježeni na margini grčkog rukopisa od 16. stoljeća razlikuju od drugih tekstova u tome što su dva stoljeća starija nego slijedeći poznat tekst. André Vaillant (Gianelli & Vaillant 1958., 46–47) smatra da je pisac ovih tekstova govorio grčki kao materinski jezik. Ipak, u tekstu pojavljaju jedan put ćirilski grafem <ж> u riječi *ἄρжυ* 'raž' (isto, 55) i ligature prema uzoru crkvenoslavenskog ćirilskog pisma kao *τα* u riječi *τάμε* 'jedemo' (isto, 53).

Grafemički je sustav teksta dosta nestabilan a obuhvaća nekoliko pojava koje se pojavljivaju i u novijim tekstovima. Palatoalveolarni suglasnici se često ne obilježavaju, ali se oni ponekad pišu uz pomoć ligature koji se sastoji od grafema <ι> te grafema <α> (vidi gore) ili digrafa <ου>. Ligatura stoji iza grafema koji obilježava suglasnik. Sve se afrikate pišu s grafemskom sekvencijom <τζ> (grčki izgovor [dz]) neovisno je su li one zvučne ili bezvučne. Fonem /d/ obilješava sekvencijom <ντ> grafemom <τ>. Fonem /g/ se piše grafemom <γ κ> ili sekvencijama <γκ γγ>. /b/ se obilježava grafemom <π> ili grafemskom sekvencijom <μπ>. Fonem se /i/, za koje u grčkom pismu ima brojni grafemski znakovi, piše češće grafemima <ι> ja <η>. (Isto, 45–57.)

Nedělni poučenija iz 18. stoljeća[3]

Palatoalveolarni se i palatalni suglasnici obilježavaju tipično samo ispred fonema /a/ i /u/. Tada se iza suglasnika piše sekvencija <ια> ili <ιου> pod kojem ima crta, kao u riječi *λιοουμπόβ,τὰ* 'ljubav.ODR' (Miletič 1920., 43). Crta se može pisati jedino ispod kombinacije *jota* – samoglasnik. Afrikate se pišu jedino sekvencijom <τζ>. Fonem se /d/ piše grafemom <δ> i /g/ grafemom <γ>. /b/ se obilježava sekvencijom <μπ>. Fonemi se /i/ i /j/ obilježavaju samo grafemom <ι> osim iza grafema <ο>. Tada se rabi <η> da bi se izbjegavao grčki izgovor [i] sekvencije <οι>.

Tetraglosson Daniila[4]

Grafemska su rješenja ovog teksta vrlo nedosljedna. Palatalni i palatoalveolarni suglasnici se pišu grafemom <ι> iza suglasničkog grafema i lukom ispod samoglsničkog grafema koji slijedi *jote*. Fonemi se /n'/ i /l'/ pišu ponekad grafemskim sekvencijama <νν> i <λλ>. I /š/ se, osobito na kraju riječi, obilježava udvojenim *sigmom*. Primjerom o kombinaciji ovih sredstava stoji riječ *lošot* 'loš.ODR': *λώσσιοτ* (Ničev 1977, 103). Afrikate se pišu najčešće sekvencijom <τζ>, ali se zvučna afrikata piše i sekvencijom <ντζ>. Uporaba se udvojenih grafema i sekvencije <ντζ> može možda objasniti uzorom nekih aromunskih pisaca koji su pisali svoj jezik grčkim pismom (isto, 39). Fonem /d/ se piše češće grafemom <τ>, ali fonem /g/ grafemima <κ> i <γ>. Fonem se /b/ piše obično sekvencijom <μπ>. Fonem se /i/ obilježava uglavnom grafemima <η ι υ>.

Trlisko evanđelje[5]

U rukopisu se obilježava se sporadično palatoalveolarnost kobinacijom *jote* i luka. Afrikate se pišu sekvencijom <τζ> kao i sekvencijom <τσ>. Varijacija se ova dva sredstva ipak ne rabi za obilježavanje zvučnost afrikate. Fonem se /d/ piše normalno grafemom <δ> nad kojim ima točkica ili gafemom <τ>. Fonem /g/ se piše grafemom <γ>. Fonem se /b/ obilježava najčešće grafemom <π> i točkicom. Koristi se ipak i sekvencijA <μπ>. Fonem se /i/ piše u glavnom grafemom <η> ali se rabi i drugi načini pisanja tog fonema.

Kulakisko evanđelje

Grafemički se sustav ili pravopis Kulakiskog evanđelja može smatrati najunaprijeđenijim od svih sustava koje se tu razmatra. Rabi se luk koji obilježava palatalnost ili palatoalveolarnost suglasnika i u drugim tekstovima tako da ga se piše čak ispod suglasnika. Kao u Konikovskom evanđelju luk se može nalaziti ne samo ispod *jote* ili u bliZini *jote* nego i ispod drugih samoglasnika. Zvučne se afrikate pišu sekvencijom <τζ> i bezvučne sekvencijom <τσ>. Fonem /d/ se piše grafemom <δ> i diaresisom, fonem /g/ grafemom <γ> i diaresisom i fonem /b/ grafemom <π> i diaresisom. Način pisanja riječi *drugjut* 'drug.ODR' dobar je primjer o ovim sredstvima: δρ̈ὺγιοντ (Mazon & Vaillant 1938., 264). Fonem /i/ se obilježava gotovo uvijek grafemom <ι>. (Isto, 17–22.)

---

[3] Analiza ovog teksta bazira na faksimilima nekoliko stranica izdanih od Miletiča (1920).

[4] Analiza se djelomično bazira na neizdanim bilješkama Jouka Lindstedta.

[5] U analizi se ovog teksta rabilo faksimile Miletiča (1920).

Boboščičko evanđelje

Ovaj rukopis ima nekoliko autora što se vidi i u varijaciji grafemičkih rješenja teksta. Palatoalveolarni suglasnici obilježava se ponekad kombinacijem *jote* – samoglasničkog grafema i crtom ispod reda. Fonem <σ> se piše udvojenim *sigmom* kao u *Tertraglossonu*. Afrikate <c č dž> su homografske i pišU se sekvencijom <τσ>. Fonem /d/ se obilježava grafemima <τ> i <δ>, fonem /g/ grafemom <γ> i fonem /b/ ili grafemom <π> ili sekvencijom <μπ>. Fonem se /i/ piše svim sredstvima grčkog pisma (Mazon 1936., 21.)

Usporedba grafemičkih sustava

U brojnim se tekstovima kao znak za palatoalveolarnost rabe fonemi /š/ /č/ /ž/ i /dž/ te luk ispod reda. Taj luk dolazi najvjerojatnije prvobitno iz grčkog znaka koji obilježava synisesis, pripadnost *jote* istom slogu sa sljedećim samoglasnikom (Lindstedt 2008, 399). Taj luk može preuzimati čak grafemski oblik jednostavne crte ili, kao u Konikovskom evanđelju, luka i točkice iznad luka koja vjerojatno predstavlja *jotu*. Od tekstova koji se uspoređuju u ovoj studiji taj se luk ne rabi jedino u malom glosaru iz 16. stoljeća.

Iako krenemo od rukopisa *Nedělni poučenija* iz 18. stoljeća, možemo dalje promatrati razvitak ove pojave. Iako kronologija svih koraka razvitka palatalnog luka nije posve jasna, u starijim tekstovima vezanost grafema <ι> s lukom je najjača. U rukopisu *Nedělni poučenija* i u *Tetraglossonu* luk se može nalaziti jedino ispod *jote* u ograničenom broju samoglasnika. Već u Konikovskom evanđelju, u kojemu se *jota* piše točkicom iznad luka, luk se može nalaziti ispod bilo kojeg samoglasnika neovisno o tome stoji li *jota* ispred samoglasnika. U Kulakiskom evanđelju uporaba luka približava se ideji dijakritičkog znaka: luk se može pisati ispod suglasnika na koji se odnosi.

I grafem <ι> iza suglasnika često obilježava gore spomenute foneme. Ovaj način dolazi samo ispred samoglasnika zadnjeg reda /a o u/. Grafem <ι> obilježava i palatalnost suglasnika /k'/, /g'/ i /j/, ali samo ispred samoglasnika zadnjeg reda, dok se u ovim tekstovima /k'/ i /g'/ ne razlikuju od /k/ i /g/ ispred samoglasnika prednjeg reda. Nije česta pojava da se grafem <ι> vezuje za grafem <α> ili digraf <ου> prema uzoru ćiriličkog pisma, ali se te ligature rabe poput Konikovskog evanđelja i u malom glosaru iz 16. stoljeća.

Fonemi /b/, /d/ i /g/ nemaju posebnih znakova u grčkom pismu, ali se u grčkim tekstovima rabe kombinacije <μπ>, <ντ> i <γκ>. Možda je malo iznenađujuće da se u tekstovima pojavljuje najčešće samo <μπ>, dok se u Kulakiskom i Trliskom evanđelju rabe točkice iznad grafema <π>, <γ> i <δ>. Uporaba <γ> i <δ> za /g/ i /d/ odnosi se možda na ćiriličku tradiciju. Istovremeno se, ipak, susrećemo s pitanjem o normalizaciji grčkog pisma za nove potrebe: da se jedan grčki grafem upotrebljava redovito u drugoj fonološkoj funkciji u novom grafemičkom sustavu.

O normalizaciji se može govoriti i u svezi s drugim pojavama grafemike ovih tekstova. Jedan dio tekstova koristi različite grafeme ili digrafe za foneme /i/ i

/e/, ali na primjer u Trliskom i Kulakiskom evanđelju ima samo <ε> za /e/ i u Kulakiskom <ι> te Trliskom <η> za /i/. To može djelomično ovisiti o tome što u ovim rukopisima nema mnogo grčkog teksta koji bi možda služio kao uzor pisaru.

Razlike među grafemskim sustavima ovih tekstova mogu ovisiti i o tome koja je funkcija teksta. Jasno se vidi da su grafemički sustavi Konikovskog, Trliskog i Kulakiskog evanđelja sistematičniji od malog rječnika iz 16. stoljeća. Ovi su evanđeljski rukopisi i lijepe knjige i brižljivo napisane, dok se rječnik sastoji od bilježaka napisanih na margini druge knjige.

Velik broj slavenskih tekstova pisanih grčkim pismom s ovog istog područja dokazuje koliko je bila velika potreba za pisanjem na makedonskom i bugarskom jeziku čak i kad su nedostajale vlastite pisane tradicije. Konikovsko evanđelje kao i drugi razmatrani tekstovi dijelovi su ustaljene prakse sastavljanja slavenskih tekstova grčkim pismom. Ovaj kratak referat može biti samo polazište daljeg istraživanja ovih tekstova jer ostaje, primjerice, mnogo pitanja o međusobnom povezanosti različitih tekstova iako postoje brojne pojave koje su slične u njima.

Literatura:

Draganov, Pjotr. D [Draganovъ, P. D.]. 1905. Jugo-Slavjanskija knigi i statьi, napečatannyja grečeskimi bukvami. *Izvěstija otděljenija russkago jazyka i slovesnosti imperatorskoj akademii naukъ* X, 324–334. Sanktpeterburgъ.

Georgievski, Kuzman. 2003. Trijazičnikot na Petre Kavajof – Prilog kon geneologiata na struškata familija Kavaevci. Skopje: Menora.

Gianelli, Giro & André Vaillant. 1958. *Un lexique macédonien du XVIe siècle* (Textes publiés par l'Institut d'études slaves, 5). Paris: Institut d'études slaves.

Lindstedt, Jouko, Ljudmil Spasov & Juhani Nuorluoto (red.). 2008. *The Konikovo Gospel – Konikovsko evangelie: Bibl. Patr. Alex. 268* (Commentationes Humanarum Litterarum 125). Helsinki: Societas Scientiarum Fennica.

Lindstedt, Jouko. 2008. The translator and the editor in their historical settings. U: Lindstedt, Jouko, Ljudmil Spasov & Juhani Nuorluoto (red.). 2008. 393–402.

Mazon, André & André Vaillant. 1938. *L'évangéliaire de Kulakia – Un parler slave du Bas-Vardar* (Bibliotheque d'études balkaniques VI). Paris: Librairie Droz.

Mazon, André. 1936. *Documents, contes et chansons slaves de l'Albanie du sud* (Bibliotheque d'études balkaniques V). Paris: Librairie Droz.

Miletič, Ljubomir. 1920. *Dva bălgarski răkopisa s grăcko pismo*. Sofija: Bălgarska akademija na naukite.

Ničev, Aleksandăr. 1977. *"Četiriezičnijat rečnik" na Daniil.* Sofija: Izdatelstvo na bălgarskata akademija na naukite.

Spasov, Ljudmil. 2008. The Konikovo Gospel in Macedonian cultural history. U: Lindstedt, Jouko, Ljudmil Spasov & Juhani Nuorluoto (red.). 2008. 403–430.

Wahlström, Max. 2008.a. On the Graphemics of the Konikovo Gospel. *XXXIV Naučna konferencija na XL meg'unaroden seminar za makedonski jazik, literatura i kultura (Ohrid, 13.VIII – 30.VIII 2007 g.) – Lingvistika*, 153–162. Skopje: Univerzitet "Sv. Kiril i Metodij".

Wahlström, Max. 2008.b. Graphemics. U: Lindstedt, Jouko, Ljudmil Spasov & Juhani Nuorluoto (red.). 2008. 257–265.

Wahlström, Max. 2009. Konikovon evankeliumin makedonialaisen tekstin grafemiikka (Magistarska disertacija). Sveučilište u Helsinkiju, 2.1.2009.

Vaillant, André. 1924. Les parlers de Nivica et Turija (Macédoine occidental). *Revue des études slaves* IV, 53–65. Paris: Institut d'études slaves.

СПОЈНОСТ НА ТЕКСТОТ

Наталија Бороникова

ЛЕКСИЧКО-ГРАМАТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛИЧНИОТ ПРОСТОР ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Во центарот на познавање на универзумот се наоѓа човекот, неговите претстави за светот се одразени во лексичко-граматичката структура на јазикот. Системот за ориентирање на субјектот во светот се изразува преку трите универзални елементи – поимите «јас – овде – сега» [Види: Бюлер 1993]. Според Т.В. Цивјан, систематизирањето на светот се базира врз ориентацијата на субјектот во просторот и во времето, имено, човекот го класифицира просторот [Цивьян 2005, 137].

Посочување структура и разновидни интерпретации на исказот во зависност од времето и местото на неговата реализација, говорителот и слушателот, објектите и настаните, непосредно сврзани со реалната и ирealната ситуација, ја претставуваат деиктичката основа на јазикот. «... во извесна смисла деиксисот е основа врз којашто се држи конкретната содржина на исказот» [Цивьян 2005, 139].

Деиктичките знаци нè упатуваат кон актот на говорот. Компонентите на говорната ситуација, поврзани со деиксисот, се авторот и адресатот на исказот, времето и местото на говорот, соодносот со другиот комуникативен акт (анафора, повратност и др.). Овие компоненти претставуваат специфична јазична универзалија... [Вейнрейх 1970, 177]. Зборуваат за првичниот деиксис (деиксисот на комуникативната улога, просторен и временски) и вторичниот деиксис (деиксисот на прекажувањето на ситуацијата, неговата особина е несовпаѓање на местото на говорителот со просторната појдовна точка).

Како што е познато, деиктичкиот систем го образуваат универзални семантички опозиции. Првичното противставување е опозицијата «субјект/објект», каде што влегува спротивставувањето «говорител/слушател», коешто се наоѓа во опозиција со предметот на говорот.

Втората опозиција – «близок/далечен» – организира просторни ориентири на деиктичкиот систем. Таа не е апсолутна, за нејзината реализација е неопходно знаење во споредба со што овој или оној предмет се карактеризира како близок или далечен. Границите на просторот се определени од местоположбата на говорителот во моментот на кодирање на ситуацијата. За просторниот деиксис суштествено е спротивставување на фигурите на говорителот и на набљудувачот. При првичниот деиксис фигурите обично се совпаѓаат, а при вторичниот се разидуваат.

Просторните ориентири на говорителот се поврзани со временските односи. Во јазичната организација на времето се изделува противставувањето «сегашен/не-сегашен момент». Несегашниот момент може да се подразделува барем на двата дела: минат и иден ориентациски момент. Меѓутоа, според Е. Бенвенист, линијата на делењето е секогаш референцијата со «сегашното» [Бенвенист 1974, 296].

Како што веќе зборувавме во еден од претходните реферати [Види: Бороникова 2006, 105-118], најочигледните опозиции, врзани со базичните филозофски поими – човекот, просторот и времето – формираат своевиден индивидуален простор на говорителот, што тој го поседува во моментот. «Границите на просторот – во зависност од човекот, по однос кон човекот – можат да се поместуваат, да се рашируваат или, пак, да стануваат потесни. Соодведно, се менуваат и границите на сопственоста: едното се губи, а другото се појавува, своето станува туѓо и повратно» [Цивьян 2005, 76]. Овде можат да се вклучуваат и соговорниците, и сферата на нивната сопственост. Така, во сферата се вклучува говорителот и сè што е блиско за него, физички, морално, интелектуално и емоционално. «Просторот не е константа, туку променлива величина, во зависност од ситуацијата, од психолошките и од социолошките фактори во него може да се вклучуваат поголем или помал број објекти» [Кравченко 1995, 15].

Со поимот личен простор е сврзано уште едно од поопштите противставувања, обусловено од прагматичките фактори, – опозицијата «позитивен/негативен», «добар/лош». По правило, тоа што се наоѓа во личната сфера на адресантот, често поседува позитивна субјективна обоеност, а она што се сфаќа како нешто туѓо, добива негативна конотација. Таквата употреба на деиктичките елементи образува уште една сфера на деиктичките односи – сферата на емоционален деиксис [Шаховский, Жура 2002, 47], под кој се подразбира појдовна емотивна позиција на јазичната личност, која служи како основа за остварување на јазичната дејност.

Имено, појдовната позиција на говорното лице го определува изборот на јазичните средства, неопходни за реализање на исказот. Носителите на деиктичката функција се лексичките единици и граматичките категории. Секоја од групите исполнува определени функции сврзани со изразувањето на концептуалната содржина и со определувањето на концептуалната структура на материјалот. Навистина, како што смета Џ. Лајонс, деиксисот ги опфаќа и граматиката, и речникот на природните јазици [Лайонз 2004, 157]. Меѓутоа, токму граматичките средства се основа за концептуалниот материјал кој е лексички изразен. Границите меѓу лексичките и граматичките категории се дифузни, и нивниот соодност претставува национално-културна специфика на јазиците. Јазиците било зацврстуваат во граматиката поими што се најбитни за културата на кој било народ, било вредносно ги игнорираат. Тие се разликуваат

според количината и според составот на граматичките категории, според бројот на членовите на категоријата, а исто така и според средствата врз кои се појавува категоријата.

Во јазикот, како универзален код, се одразува моделот на светот. Со истражувањето на балканскиот модел на светот се занимава Т.В. Цивјан [види, на пример: Цивьян 2005]. Според Т.В. Цивјан, семиотичката основа на балканскиот модел на светот ја формираат просторните деиктички оппозиции, пред сè опозицијата «свој-туѓ». «При сето тоа основната функција на балканскиот деиксис е освојување простор од субјектот. Балканскиот деиксис е ориентиран на субјектот на говорот, што е прифатен како појдовна точка; субјектот го формира сопствениот простор, и оцртувајќи ги неговите граници, придонесува за создавање на балканскиот простор. Една од особеностите на балканскиот простор е компликувано преплетување на своето и туѓото» [Цивьян 2005, 142].

Да ги погледнеме врските меѓу базичните деиктички опозиции и субјективно-објективните категории на јазичниот систем на македонскиот јазик. Како што категориите го структурираат личниот простор во македонскиот јазик, така посебно се одбележуваат категориите определеност-неопределеност, присвојност и прекажаност.

Така, семантиката на категоријата определеност-неопределеност се состои во актуализацијата и во детерминирањето на предметот, во посочување на неговата единственост во опишуваната ситуација (определеноста) или во вклучувањето во класата на сличните објекти (неопределеноста). Категоријата карактеризира не само одделна именка, туку целосен исказ, и распространета е и врз именската, и врз глаголската групи. Показателите на категоријата посочуваат степен на познатост-непознатост на предметот за учесниците на комуникацијата. Благодарение на семантиката на категоријата адресатот разбира дека дејството се одржува токму овде и сега или, пак, се однесува на некој вонвременски период. Постоењето на граматичките показатели на категоријата, според В.И. Карасик, зборува за тоа дека во јазиците во кои категоријата означува важен признак за лингвокултурата стилот на комуникацијата нагло се поместува кон страната на активноста на адресатот [Карасик 2002, 208].

Во македонскиот јазик [види: Конески 1982; Миркуловска 2006; Панчевска 2006; Усикова, 2003], како што е познато, се граматикализира семантиката на определеноста, постои определен постпозитивен член, којшто етимолошки е поврзан со показните заменки. Показната заменка, пак, е основа на просторните ориентири (опозицијата «близок-далечен»). Просторниот деиксис обично дозволува да ги имаме предвид разликите според степенот на оддалеченост на објектот од говорителот или од слушателот, неговата видливост-невидливост, степенот на достапноста или пак насоката на движењето, односно на говорителот, т.е. на првото лице.

Доста распространет е трочлениот деиктички систем, како во македонскиот јазик, каде што е претставен природниот паралелизам меѓу семантиката на лицата и просторната семантика. Деиктичкиот систем на македонскиот јазик се базира врз двете основни противставувања. Првото е сврзано со опозицијата на сферите на говорителот и слушателот (адресантот и адресатот во говорниот акт). Второто, пак, е засновано врз степенот на блискоста на предметот кон говорителот (опозицијата «близок-далечен» во просторот и во времето), при тоа, показателот може да се упатува како кон реалната, така и кон замислената, хипотетичка говорна ситуација. Во системот, значењето на просторното посочување се поткрепува со експресивна семантика. Показателите на блискиот деикисис (сферата на првото лице) се претставени како позитивно обоени, а пак показателите на далечниот деиксис (сферата на трето лице) се негативно конотирани, а сферата на второто лице се восприема како неутрална.

Со категоријата лице тесно е поврзана категоријата присвојност [Цивьян]. Таа се изразува во македонскиот јазик преку лексичко-граматички средства (присвојни, повратни заменки и кратки форми на личните заменки), кои се корелираат со системот на личните заменки. Присвојноста е непосредно поврзана со маркирањето на својот и на туѓиот простор: човекот го избира од светот она што може или сака да го присвои, или, пак, го чувствува како свое или туѓо. Често семантиката на присвојноста се поткрепува со просторната семантика на показателите на определеноста.

Третата специфична категорија, која го формира личниот простор во македонскиот јазик е прекажување (евиденцијалноста). Нејзината суштина е посочување на изворот на информацијата. Прекажаните форми дозволуваат да се пренесува информацијата добиена од друго лице. Говорителот не сака да има одговорност за нечија туѓа информација, подвлекува дека не бил непосреден учесник на настаните и не може да зборува за нејзината вистинитост. Исто така, субјектот може да посочува дека пренесува информација позајмена од некои индиректни извори. Пренесувањето на туѓите зборови може да биде неутрално, кога субјектот на говорот не се сомнева во фактот што го пренесува, а кога, пак, тој се сомнева во вистинитоста на информацијата, тој изразува недоверба. Неутралното прекажување почесто корелира со дејствата изразени со глаголот во минатите времиња (почесто третото лице). Пренесувањето на дејствата изразени во формите на сегашното и на идното време има нијанса на сомневање, недоверба или ироничност (во првото и во второто лице поткрепупа и со определени модални лексички средства).

Така, најсуштествените категории, кои го формираат личниот простор во македонскиот јазик, се категориите определеност-неопределеност, присвојност и евиденцијалност. Семантиката на категориите е во непосредна зависност од универзалниот деиктички систем «јас – овде

– сега», а сите видови на деиксисот (примарниот и секундарниот) зависат од субјективното восприемање на реалноста и од свеста на субјектот при восприемање и на јазичната дејност.

Литература:

Апресян Ю.Д.: Дейксис в лексике и грамматике и наивная модель мира // Семиотика и информатика. – М., 1997. – Вып. 35. – 272-297.

Бенвенист Э.: Общая лингвистика. – М., 1974.

Боронникова Н.: Емоционален деиксис во ситуацијата на општењето // XXXII научна конференција на XXXVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 15-17 август 2005). – Т. 1. Лингвистика. – Скопје, 2006. 105-118.

Бюлер К.: Теория языка. – М., 1993.

Вейнрейх У.: О семантической структуре языка // Новое в лингвистике. Языковые универсалии. – М., 1970. – Вып. 5. – 163-249.

Карасик В. И.: Языковой круг: личность, концепты, дискурс. – Волгоград: Перемена, 2002.

Конески Бл.: Граматика на македонскиот литературен јазик / Б. Конески. Скопје: Култура, 1982, 551.

Кравченко А.В.: Принципы теории указательности: Автореферат диссертации… канд. филол. наук. – М., 1995.

Лайонз Дж.: Язык и лингвистика: Вводный курс. – М., 2004.

Миркуловска М.: Изразување на определеноста во балкански контекст // Балканска слика на светот: Зборник од Меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година / Прир. К. Ќулавкова. Скопје, 2006. 473-484.

Мишевска-Томиќ О.: Прекажаноста – балканско лингвистичко кодирање на вонјазичната реалност // Балканска слика на светот: Зборник од Меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година / Прир. К. Ќулавкова. Скопје, 2006. 451-462.

Панчевска А.: Категоријата простор во балканските јазици (македонски и албански) // Балканска слика на светот: Зборник од Меѓународната научна работилница одржана во Скопје на 5-6 декември 2005 година / Прир. К. Ќулавкова. Скопје, 2006. 497-503.

Усикова Р.П.: Грамматика македонского литературного языка / Р.П. Усикова. М.: Муравей, 2003, 3

Шаховский В. И.: Жура В.В. Дейксис в сфере эмоциональной речевой деятельности // Вопросы языкознания. – 2002, – № 5, 38-56.

Цивьян Т.В.: О некоторых способах отражения в языке оппозиции внутренний/внешний // Структурно-грамматические исследования в области грамматики славянских языков. – М., 1973, 242-261.

Цивьян Т.В. Модель мира и ее лингвистические основы. – М., 2005.

Маќеј Кавка

ОСНОВНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА „СПОЈНОСТА“[1] ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК - АНАФОРСКАТА ФУНКЦИЈА НА ЧЛЕНОТ

Лингвистиката на текстот се смета за современа област во науката за јазикот во која предмет на истражувањата е не само анализа на јазичниот систем и изградба на неговата структура, туку, исто така, и анализа на текст во контекст како процес и настан и нивните резултати од теоретски и од прагматичен аспект.

Најважните проблеми во лингвистиката на текстот ги опфаќаат:

1) линеаризацијата,
2) повеќереченичноста,
3) кохезијата и кохеренцијата,
4) субјектноста,
5) комуникативноста,
6) дијалогичноста,
7) прагматиката на текстот.

Истражувањата во таа дисциплина се концентрираат околу следниве теми:

1) комуникацискиот карактер на текстот, кој го условува неговото организирање, неговата семантика и пред сè прагматиката,

2) создавањеето на текстот како повеќереченична единица (целина), која ги бара другите што не се исклучиво лингвистички, односно граматички категории на описот, пред сè таквите, кои ќе го опфатат неговиот линеарен карактер (анафорски или катафорски релации), процесите на придобивањето и обединувањето (синтезата) на информацијата,

3) функционалната реченична перспектива,

---

[1] Не случајно ја ставив именката „спојност“ во насловот на рефератот, и не само затоа што многу личи на полската „spójność“, но сепак не сум сигурен дали на македонски може да се каже „спојност“ како соодветен во смисла надреден термин за кохезијата и кохеренцијата на текстот. Таква - претпоставувам - била намерата на организаторите кога ја оформувале третата тема за XXXV научна конференција во Охрид, која гласи: „Спојност на текстот“.

4) нејавното односно индиректното информирање со импликатури и пресупозиции,

5) проблемот на кохезијата и кохеренцијата на текстот,

6) типологијата на текстовите и нивните жанрови, типовите и стилските варијанти.

7) композицијата на текстот (пасусите, главите, параграфите).

Како главен проблем во лингвистичката текстологија и во текстолошките истражувања се поставува прашањето на поврзаноста односно спојувањето на јазичните елементи на текстот, а освен тоа, и контекстот и улогата на парајазичните елементи - прозодијата и интонацијата и нејазичните, невербалните - кинезика, проксемика, хаптика, хронемика во градењето на текстот. Притоа, се изделуваат двата вида поврзаност на текстот: кохезијата и кохеренцијата.

Кохезијата се смета како релација меѓу двете наредни реченични единици или поголеми фрагменти од текстот (пасуси, глави, поголеми фрагменти на нарацијата). Се изделува, на пр. кохезијата во една проста реченица или во сложената. Таа има површински показатели (на пр. сврзници и метаоператори) и е вербализирана во спротивност до импликатури и пресупозиции, кои се условени контекстуално или произлегуваат од заедничките знаења на говорителот и на слушателот.

Кохеренцијата се смета како својство на повеќереченичниот текст, која се состои во тоа дека се маркираат и се обединуваат логичките, содржинските и тематските релации, кои се семантички еднородни.

Според една најчесто повторувана но најмногу дискутабилна дефиниција на кохезијата - (на пр. ако се земе предвид релацијата прашање - одговор или анализата на полилог), кохезивниот текст се потпира на трите единства - еден автор, еден слушател, една тема:

1) само тој е текст што го создава едно лице - се работи за идентичност на сите модални рамки на текстот;

2) тој е текст, кој е наменет за еден примач односно слушател. Не се работи тука само за еден човек, ами тоа може да биде група луѓе, една генерација, цела нација или две или три нации (интернационална комуникација);

3) текстот мора да биде изграден на тој начин, што неговата содржина, односно содржината на сите реченици, ќе даде како резултат опис на еден предмет, нарација (раскажување за еден предмет, случај или мислење), која ја докажува едната теза[2].

За најчесто истакнувани показатели на кохезијата се сметаат: 1) морфолошките средства (на пр. еднородноста на глаголските наставки, именската флексија, конотацијата),

[2] M.R. Mayenowa, *Spójność tekstu a postawa odbiorcy,* во: O spójności tekstu, pod red. M.R. Mayenowej, Wrocław 1971, 189-205.

2) употребата на личните заменки во анафорска и во катафорска функција,

3) употребата на глаголските наставки во анафорска функција (т.н. нулова анафора),

4) синтаксичките показатели на континуитетот и непрекинатоста (фунцијата на сврзниците),

5) синтаксичките паралелизми и другите текстуалните средства (на пр. повторувања), кои ја организираат формалната структура на исказот,

6) парајазичните средства - прозодијата (во усна варијанта на текстот) и графијата (-во писмена).

Показатели на кохеренцијата се следните:

1) лексичко-семантичките средства - повторувања, парафрази, метафори,

3) синтактичките структури - речениците со негација, со противставувања, со антоними итн.,

4) структурите од типот: прашање - одговор[3], на пр. дијалог, разговор),

5) метатекстуалните структури, кои ги поврзуваат тематските делови на текстот,

6) нарациските структури од типот: асоцијации, колекции, метонимиски поврзувања,

7) конклузиите, поентите, логичките заклучоци,

8) функцијата на модалноста во текстот,

9) анафорската или катафорската функција на членот (во македонски текст).

Горенаведените експоненти на спојувањето на текстот се универзални и не се сврзани со некој посебен жанр на текстот, но некои од нив можат да бидат повеќе присутни во определен јазик. Тоа во македонскиот јазик се однесува посебно за функцијата на определениот член *-оӣ* (и другите два члена: *-ов* и *-он*) во градењето на текстот и посебно во неговата тематизација - членот е еден од најважните начини во градењето на линеарната кохеренција во македонскиот јазик. Реченицата, која е дел од текстот - како што е добро познато - функционално може да се подели на тема и рема. Ако е текстот кохерентен, темата на следните реченици ја повторуваат (делумно или целосно) информацијата, која веќе била споменета во претходните реченици. Тоа може да биде информацијата што е сместена во темата или во ремата, во целата реченица или во повеќе реченици. Може да биде повторувана информацијата која се

[3] За тој проблем ќе зборува д-р Анета Дучевска во последниот реферат на оваа конференција.

наоѓа во непосредна близина, на пр. информацијата сместена во ремата на претходната реченица или во информацијата која е оддалечена.

Во еден фрагмент од *Големата вода* на Живко Чинго се појавуваат дури сите показатели на кохезијата и кохеренцијата на текстот од горенаведениот состав:

Во **домот** имаше повеќе непријатни **места**, такви **места** кои, ако можете, поубаво би било да ги заобиколите. Но **подрумот** беше нешто друго, **подрумот** никој не знаеше што беше, никој не знаеше што се крие во **подрумот**. Никој дотогаш немаше ѕирнато во **тој дел од домот**, **ѕвонарот** беше целосен и единствен господар на **подрумот**. **Клучот** му висеше околу гуша како крст. А **тоа** веќе беше доволно за да **го почувствувате стравот во сета своја тежина. Другарот Анески беше** роден **за тоа**, **беше работилница за страв**. Проклет да бидам, Кејтен така го викаше, **работилница за страв. Можеби поради тоа татенцето, и не само татенцето, туку целата управа, толку многу полагаше на ѕвонарот при воспоставувањето на редот. Во тој поглед ѕвонарот** беше господ. Се колнам, господ. **Лудаци.** Проклети **лудаци, со ѕид во очите. Слепи**.

Еден ден, сепак, **тоа будалиште** беше добар. **Прогледа** Проклет да бидам, прогледа. Беше добар како јагне. Тоа беше **негов ден.** Празнуваше, **полуде од среќа.**

А имаше и **причина,** вистинска **причина**. Тоа што тој успеа да го постигне во однос на редот беше на таков степен што предизвикуваше **општо одушевување**. Тоа што векови ги мачело умните, длабоки луѓе, - **самосвеста, човечноста, една таква дисциплина**, нашиот **ѕвонар** успеа да го постигне во текот на една година, Проклет да бидам, **слепи.**

Денот беше многу **бурен. Саноќ** дуваше силен, **дождлив ветар**. Од брегот доаѓаа ужасни, претсмртни **крикови на птици**. Нè разбудија тие вознемирени, страшни **гласови**. Никој во **спалните** не спиеше. Се чинеше божем **бурата** влегла во **домот**. Кејтен, кој сигурно пред сите ја чул **бурата,** уште со првиот **звук,** веќе беше излезен од **спалната**. **Креветчето** му беше празно.

Во градењето на цитираниот текст се искористени повторувањата со истата или делумната референција: *домот, ден, подрумот, места, татенцето, причина, ѕвонарот, лудаци*; повторувањата како семантичките деривати - *бурата - бурен,* делумно синонимичните повторувања - *звук- крикови - гласови; самосвеста, човечноста, дисциплина.* Освен тоа во текстот имаме изрази, кои вршат анафорска или катафорска функција, претежно тоа се показните заменки: *тој, тоа*, на пр.:

Клучот му висеше околу гуша како крст. А **тоа** веќе беше доволно за да го почувствувате стравот во сета своја тежина. **Тоа** што **тој** успеа да го постигне во однос на редот беше на таков степен што предизвикуваше општо одушевување. **Тоа** што векови ги мачело умните, длабоки луѓе, - **самосвеста, човечноста, една таква дисциплина**, нашиот ѕвонар успеа да го постигне во текот на една година.

Освен тоа, овој краток фрагмент е изграден врз три семантички полиња со главните теми: **домот, ѕвонарот, денот**, што означува дека нарацијата, за да биде кохерентна, мора да е тематски организирана со трите елементи: **место - лице - време**. Тематизацијата во тие три полиња се развива не само со искористувањето на семантичките релации што постојат помеѓу нив, туку исто така, и со нејазичните импликации и пресупозиции, кои се делумно детерминирани со знаењата на авторот или на читателот. Тоа посочување К. Bűhler[4] го нарече *deixis ad phantasma* на пр.: **домот** - подрумот, спалната, креветчето, **ѕвонарот** - клучот.

Но, само авторот може да ја изгради релацијата: **ѕвонарот - другарот Анески** или да ја определи релацијата помеѓу зборот **причина** и зборовите: **самосвеста, човечноста, дисциплина.**

Сите тие релации, кои текстуално ја градат Чинговата проза се релеватни, на истиот начин, во полскиот превод на Големата вода. Но во македонскиот оригинал многу важна функција во градењето на текстот исполнува членот, во полскиот тоа се показните заменки во анафорска служба.

Фактот дека во македонскиот јазик членот е дури потполно граматикализиран означува истовремено дека е лишен од семантичката функција и може да ја исполнува другата - анафорска функција сврзана непосредно со текстот, а не со директно посочување на објекти во реалноста, познато како *deixis ad oculos*[5]. Значи, може да одлучува за идентификацијата на предметите за кои станува збор во текстот, може да ги определува, но на друг начин - текстуален со посочувањето на објектите за кои станува збор во текстот, а не на тие кои постојат реално - и тоа би била анафорската, или внатрешна деикса.

Тука на авторот и на читателот (или говорителот и слушателот) членот референцијално ги идентификува сам тие објекти кои се репрезентирани преку соодветни изрази во текстот или за кои претпоставуваме дека авторот ги знае. Анафорската функција на членот во македонскиот стандарден јазик ги определува тие зборови, кои ги посочуваат објектите за кои авторот зборувал во текстот или кои веќе биле споменати во текстот. Анафорската функција на членот во македонскиот современ јазик е еден од најважните показатели на кохеренцијата и кохезијата на македонскиот литературен текст.

[4] K. Bűhler, Teoria języka, tłumaczenie Jan Koźbiał, Kraków 2004, 39.
[5] На истото место.

Димитар Пандев

ОПШТЕСТВЕНОПОЛИТИЧКИ РЕГИСТРИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО 19 ВЕК

Може ли да се проучува историски етнографијата на говорот и/или етнографијата на комуникацијата?

За да одговориме на ова прашање се послуживме со следната методологија (како прва фаза – социолингвистичка анализа на текст. од 19 век) и го спроведовме следното истражување (како втора фаза – споредбена анализа со соодветни примери од последователни периоди):

Методологија:

По пат на интуиција заснована врз дедукција, од богатата ризница на македонски етнографски материјали писмено фиксирани во 19 век, одбравме текстови кои во својата структура, содржина и јазик вклучуваат еден или повеќе општественополитички регистри (стилови, потсистеми; надградени врз појави на лични изрази на поединци како основа за идиолекти, врз појави на тајни јазици како основа за социолекти и слично) т.е. ограничени кодови што се употребуваат во однесувањето на поединци и групи во строго поставени општествени ситуации обусловени од дадени политички околности наложени во определен временски период.

Да напоменеме дека вакви одделни појави особено се среќаваат во богатиот фолклорен материјал запишан од Марко Цепенков, како и од Кузман Шапкарев. Ќе наведеме еден пример од текстовите на Шапкарев:

Сто̄јана да го̄ слечам

Ко жена да го̄ напраам = 'да му го земам оружјето'

За да се разбере содржината на овие јазични знаци, заснована врз соодветна средновековна когнитивна метафора, треба да се има предвид знаењето и однесувањето на средновековниот витез (се слекувало и се облекувало оружје. сп, Тиквешки зборник: облече трое оружие) па тоа когнитивно сценарио чија динамика се проследува во односите облекува – слекува да се пренесе во друго време, врз други учествувачи со други намери и цели и да се постави во други околности. Наведениот пример од песната *Сто̄јан, Сто̄јана и Корун Кесецијa* го сметаме за еден од постарите примери за создавање социјални групи врз криминална основа и на социјални дијалекти (арго) со конспиративна функција.

Множество примери за создавање социјално обусловени јазични средства до опсег да создаваат регистри (потсистеми) среќаваме во песната за Кузман Капидан запишана од Кузман Шапкарев, затоа што:

- наведува податок за оформување групи луѓе врз основа на стандардизација на нивните реакции по типизирани актуелни настани;
- наведува множество односи меѓу поединци со јасно нагласена индивидуалност и групи со јасно изразена колективност.

Веднаш да кажеме:

- најпрво се работи за општествена група која претставува една од првите национални појави на обединет отпор во 19 век, но и за други социјални групи што се вклопуваат и/или отстапуваат од воспоставената општествена шема;
- се работи за односи во кои поединците се среќаваат т.е. општат меѓусебно само заради една единствена тема на разговор и за групи што се обединуваат само врз единствена област на комуникација и во една иста околност. (Со други зборови, во наведената рамка постои јасно поставена врска меѓу учествувачите во комуникацијата и меѓу припадниците во групата; надвор од рамката ниту учествувачите општат меѓу себе, ни пак постои групата. Некои од лицата во животот се среќаваат само еднаш и комуницираат само во една општествена ситуација на една единствена тема. Ова се прашања кои денес спаѓаат во деловната комуникација. (Колку за споредба, да ги отвориме следните ситуации: тоа е како да бидете со некого интензивно во животот кус период заедно заради заеднички интерес, а од следниот период да немате ниту *добар ден*. Когнитивно кажано, се знаете само заради една работа, заради други работи - не се знаете. Или бихевиористички: како ќе реагирате кога ќе ве побара лице за кое никогаш не сте очекувале дека ќе ви се јави?).

Збор-два за песната за Кузман Капидан: таа спаѓа во групата песни од политичкиот живот, чија основна цел била да информира брзо и точно за актуелни настани, но и да ги документира во колективната меморија.

Тоа е репрезентативен текст кој дава основни примери за клучните прашања на етнографијата на говорот и на комуникацијата. (спореди: Bernstein, B., Class, Codes, and Control. 3 Volumes, London, 1971–1975.) Именно, ги посочува првите примери за воведувањето на поединците во новосоздаваните општествени, општественокултурни и општественополитички средини но и на приспособувањето на поединецот кон средините. Ситуацијата на иницијација и на адаптација на поединецот е особено сложена, ако се има предвид дека се работи, всушност, за множество меѓусебно испреплетени општествени средини кои функционираат или една во друга или паралелно една со друга, во зависен или во независен однос.

Јазичната анализа ги потврдува претходните поставки и упатува на општественополитички регистри што се јавуваат истовремено на ре-

лативно мала територија и што функционираат преку ограничени јазични средства.

Да заклучиме: во првата фаза наша задача е издвојување на општествените групи формирани врз определен обединувачки критериум:

Набрале ми се старцине,
Од она градче Охрицко
Меѓу себе си зборвеет:

и на односите меѓу учествувачите во комуникацијата (бројот на односите изнесува вкупно 17):

старцине – Целадимбег,
Целадимбег – Мехмед-Алија (писмена комуникација)
Мехмед-Алија – Кузман
Кузман – Целадим-Бег
Целадим-бег – мезличот (советот)
Кузман – Кузманица
Целадим-бег – сејмени (Турци-Колунци)
Кузман – дружина
*непознат известувач (во текстот метонимиски: Хабер) – Осман
Осман-Мура – Дервиш
Осман-Мура и Дервиш - Адем Рогушка
*Врбјани (во текстот: парафразирано *од она село Врбјани* – Кузман
Митре Каракаш - Кузман
Кузман – Дервиш
бегој охридски и Турци-Колунци – Целадимбег
Целадим-бег – ханамата
Ханамата – Кузман

Првата фаза ја опфаќа и јазичната анализа на разговорите меѓу учествувачите, при што ја имаме предвид нивната стратегија и тактика во остварувањето на целите во комуникацијата, преку процесите на иницијација и адаптација на јазичниот израз на идиолектот во социолект.

Кои се основните социолингвистички особености на множеството општественополитички регистри претставени во јазикот на Кузман Капидан?

Тоа се ограничени кодови засновани врз принципот на внатрешна забрана на однесувањето со вградени механизми на негација и градација како јазични универзалии на планот на содржината и на планот на формата.

Негацијата и градацијата се особености на идиолектот на поединецот, а забраната на социолектот на групата, па комуникативноста на текстовите произлегува од умешноста за вклопување на механизмите на негацијата и на градацијата во механизмот на внатрешната забрана. Со

тоа се отвора простор за индиректна комуникација преку директен говор.

Создавањето регистар врз основа на вметнат идиолект во социолект претпоставува семантичко разложување на внатрешната забрана во комуникацијата.

Историски погледнато, принципот на забраната во македонските текстови го следиме преку опозицијата чини/не чини со вградено општествено рамниште (спореди: излез од генетски во општествен код: *не оди рано на вода*). Разложувањето на забраната, пак, се остварува преку премин на поединецот од едно општествено рамниште на друго:

Како ќе ние чиниме
Како ќе ние ѓраиме

Всушност, принципот на забраната функционира на оската на синхронијата, при што градацијата ја отвора перспективата на кодот, а негацијата ја остварува еластичноста на кодот и ги определува когнитивните рамки на функционирање на кодот во просторот и во времето:

најкарактеристичен пример:
Како да влеза крсердар?
Оѓ не е оро иѓрање
Ни ми је ѓесма ѓеење
Тук ми је ѓлаа ѓинење!
во продолжение:
Не ќе си ода на круши,
Тук ќе си ода на ѓушки

Негацијата вклопена во градација ја отвора темата за погледот на светот од однапред поставена точка која служи како когнитивно-реторички вовед во темата на разговор што претпоставува премин од пониско на повисоко општествено рамниште на зборувачот. Основна интерпретација:

Орото и песната упатуваат на ситуации пред оформување на кодот, значи, нема строго воспоставени односи (нема забрана) меѓу елементите што можат да оформат ограничен код (во моментот на забраната), а гинењето упатува на воведување на кодот.

Во тој контекст да додадеме: исказот *не ќе си ода на круши* референцијално може да означува мошне мал пат (мала релација), на пример од домот до сопствениот двор, или познат пат по кој човекот честопати оди, од дома до на сопствената нива, или до познато место, од дома до планина; метафорично, преку митскиот јазик, може да го означува пат до жена-љубовница (самовила), но во два случаја означува строго поставени општествени релации, за разлика од исказот *ѓук ќе си ода на ѓушки* што отвора множество релации (пат во непознато).

Вградените механизми на негација и градација во кодот отвораат поглед на знаците од претходна позиција, односно кодирање на знаците по принципот минус едно или минус две рамништа.

Според нашето истражување на социолекти од понов период, овие механизми ги среќаваме и во фразеолошки изрази (ова не е мачкина кашлица) но и во други регистри со чисто професионална ориентација односно со јасно нагласена ориентација на поединецот кон професијата: Ова не е центар за странски јазици (се однесува на Филолошкиот факултет, исказ на проф. д-р Петар Атанасов), Ова не е бифе за кафе пиење (се однесува на Конгресниот центар, исказ на вработен во Центарот).

Некои од примерите од песната Кузман Капидан и денес се употребуваат во одделни професионални регистри во иста или во посовремена верзија:

- *Хатаро̄т да н' ви расипам.*
- *Улефе јас не му сакам.* (улефе = плата, паричен надоместок)

во ситуации при склучување договор.

Механизмот на негацијата во песнавата за Кузман Капидан се јавува во повеќе комуникациски техники (постапки). Спореди:

- констатација преку негација:*Поарно да не живиме*;
- опис на лица преку негација: *Тие ми беса немае̄т*
Тие на беса не сто̄ја̄т;
- процена на настан преку негација: *О̄т не је оро ӣграње*
Ни ми је пе̄сма пе̄ење;
- искажување дејство преку негација: *Не ќе си ода на круши*;
- препорака преку негација: *Рабо̄та не расипфӣте*;
- регулирање на односите меѓу учествувачите:
Тебе те̄ Кузман не наожвӣт
Ни т̄и Кузмана наожвиш!

Механизмот на негација и денес е присутен во повеќе професионални релации, пред сè, со функција на регулирање на односите меѓу учествувачите во комуникацијата и со метафорично значење кое упатува на референцијалното преку механизмот на градација.

Елена Степаненко

ЗА ТЕКСТООБРАЗУВАЧКАТА ФУНКЦИЈА НА ЛЕКСИЧКОТО ПОВТОРУВАЊЕ

Современите истражувања на текстот покажуваат дека текстот се разгледува од гледна точка на синтаксата и се карактеризира врз основа на базните принципи на спојноста и целоста. Спојноста и целоста на текстот (кои може да се дефинираат како способност на текстот да се задржува мисла во текот на исказите) ги подразбираат кохезијата (поврзувањето во текстот со помош на јазични средства), кохеренцијата (смисловното единство на текстот) и информативноста (како специфичен признак на неговата комуникативност). На тој начин, текстот се третира како структурно единство на содржината, формата и средствата на изразот во неговата целост. Очигледно е дека истражувањата во областа на теоријата на текстот имаат не само научно, туку и практично значење, откриваат можности за подлабоко изучување на странските јазици. На пример, сегментацијата на текстот, неговото делење на одделни сегменти овозможува да се определи информативноста на текстот и доста често оваа метода се користи во преведувачки цели, особено во писмен превод. Од една страна, во процесот на преведување разбирањето на одделните реченици и искази во голема мера зависи од содржината на целиот текст и од карактерот на текстот како целина. Од друга страна, конечната цел на преведувачот е создавањето на врзан текст со оглед на кохезијата и кохеренцијата и сите решенија на преведувачот се донесуваат имајќи ги предвид овие барања.

Предмет на нашето истражување е повторувањето во текстот. Повеќето истражувачи на оваа материја се согласуваат дека повторувањето е универзално текстообразувачко и композициско средство, коешто извршува различни стилистички и прагматични задачи (А. И. Аникин, Е. Байзикова, Т. И. Сильман, Ю. А. Бельчиков, Г. Г. Москальчук, Л. Минова-Ѓуркова и др.). Како еден од најважните начини на кохезијата, лексичкото повторување ги определува особеностите на структурата на текстот и неговото восприемање. На пример, овој прием на организацијата на јазичните средства е многу значаен при создавањето на поетските текстови со лирска содржина. Текстообразувачката улога на повторувањето на одделните лексеми, фрази, редови, строфи во композицијата на лирските стихови во различни јазици е обусловена од спецификата на поетскиот жанр.

Во поезијата на македонскиот поет Ацо Шопов примерите од ваков тип не се ретки и претставуваат посебен интерес за изучување и споредување. Ацо Шопов е фин стилист и прекрасен лиричар. Неговиот поетски јазик е оригинален и едноставен, изразен, точен, функционално економичен и истовремено, сликовит. Неговата емоционална, сугестивна лирика се потпира на асоцијации, на дополнителни семантички конотации и може да предава менливи душевни состојби.

Како пример, ќе земеме една позната песна од Ацо Шопов - „Ветрот носи убаво време" од истоимената стихозбирка „Ветрот носи убаво време" (1957) и нејзините два превода на руски јазик. За прв пат песната беше преведена од А. Штејнберг и објавена во 1963 година под наслов „Ярый ветер приносит вёдро" во зборникот „Поэты Югославии XIX-XX вв." („Поетите на Југославија во XIX-XX в."). Освен тоа, руската публика е запознаата со стихозбирката од Ацо Шопов под наслов „Ветер приносит погожие дни", објавена во 1964 година. Во оваа книга се вклучени стихови од неколку стихозбирки од Ацо Шопов, како и од „Ветрот носи убаво време" (1957). На чело на стихозбирката „Ветер приносит погожие дни" е издвоена песната „Ветрот носи убаво време", преведена од Ј. Левитанскиј.

За да биде понагледно, ќе ја наведеме песната во целост и ќе се обидеме да го интерпретираме поетскиот текст, да ја анализираме неговата структура, да ги пронајдеме повторувањата и да ги разгледаме врските меѓу нив.

Ветрот носи убаво време

Ветрот носи убаво време.
Вилнее, јачи во нас.
Ветрот носи убаво време.

Убавото е убаво и поминува.
Останува тагата.
Понекогаш она нè обзема полека,
легнува во нашите очи
и густо напластена
погледот ни го смрачува.
Тогаш нешто страшно тегобно и болно,
нешто големо и наше, непојмливо за другите
нè измачува.

Но некогаш тагата нè докоснува лесно како трепетлика,
како измаглина премрежена над жуберлива река
крај која стоиме загледани бесцелно и немо.
Тогаш сите предмети прилегаат на сказна

па велиме: невозможно, колку е сè убаво.

Ветрот вилнее и јачи.
Ветрот носи убаво време.

Песната содржи 19 стихови и се состои од 4 строфи. На прв поглед, песната не претставува посебни тешкотии за преведување на руски јазик. Но тоа е само на прв поглед. Како што гледаме, цитираниот текст има низа особености (поетски и структурни). Во оваа убава, оптимистичка во своја суштина песна, во која впечатливо е изразена тагата и идејата на поврзувањето на природата и човекот, композицијата на текстот заеднички дејствува со неговото јазично оформување. Пред сè, почетокот и крајот на песната (првата и четвртата строфа) практично се совпаѓаат, се повторуваат, односно во почетокот и на крајот на текстот се создава симетричен синтаксички фон:

(1)
*Ветрот носи **убаво** време.*
Вилнее, јачи во нас.
*Ветрот носи **убаво** време.*

(4)
Ветрот вилнее и јачи.
*Ветрот носи **убаво** време.*

Повторувањето на овие стихови ја акцентира, ја збогатува темата на текстот изнесена во насловот, го поврзува и го обединува текстот. Освен тоа, во песната се повторува, се истакнува еден клучен збор: ***убаво***. Зборот се повторува седум пати: во насловот, на почетокот и на крајот на песната, како и во средниот дел (во средните строфи):

(2)
***Убавото** е **убаво** и поминува.*

Останува тагата.

(3)
Тогаш сите предмети прилегаат на сказна
*па велиме: невозможно, колку е сè **убаво.***
(...)

Значи, во песната авторот го фиксира истиот збор, неговата визуелна и слухова форма, иако од граматичка гледна точка овој збор врши различни функции: на придавка, на супстантивизирана придавка, на прилог. Лексичкото повторување ја обезбедува спојноста, поврзаноста на текстот (што е битно за восприемање на неговата целост), исто така врши експресивна, естетска и емоционална функција, создава одреден ритам и интонација на целиот текст. Содржината и формата на текстот се надополнуваат, заемно се надградуваат и текстот многу убаво и проникливо звучи на македонски јазик. Интересно е да се забележи дека повторувањето на зборот *убаво* во оригиналот не создава тавтологија. Во вр-

ска со тоа го делиме мислењето на Ј. Лотман, кој истакнува: „...строго речено, повторувањето, потполно и безусловно, во стихот воопшто не е возможно. Повторувањето на зборот во текстот, како правило, не значи механичко повторување на поимот. Почесто тоа сведочи за посложена, макар и заедничка смисловна содржина“ [Лотман 1970: 158-159]. Анализираниот текст го потврдува тоа. При преведувањето на песната „Ветрот носи убаво време“ на руски јазик требало да се експлицираат и да се запазат експонентите на смислата и формата на оригиналот, но тоа се покажало доволно тешко поради повторувањето на лексемата ‘убаво’.

Треба да се каже дека зборот *убав* во македонскиот јазик има широко семантичко поле и на руски јазик може да се преведува како ‘красивый’, ‘приятный’, ‘симпатичный’, ‘хороший’, ‘доброкачественный’, ‘прекрасный’ и слично, во зависност од контекстот. Ако зборуваме за време во метеоролошка смисла, придавката *убав* значи ‘сончев, топол, јасен, ведар, пријатен’; на пример: *убава вечер, убав ден, убава есен*. Изразот *убаво време* (како во нашиов случај во насловот на песната) не претставува проблем за преведувањето на руски јазик, и во рускиот јазик се вели: *хорошая погода, прекрасная погода, ясная погода* и сл.

Меѓутоа, во анализираните преводи насловот „Ветрот носи убаво време“ е преведен на различен начин: „Ярый ветер приносит вёдро“ (‘Ветрот (нескротлив) носи ведро време’) и „Ветер приносит погожие дни“ (‘Ветрот носи убави денови’). Во семантичка смисла меѓу овие две реченици речиси нема разлика. Но од стилистичка гледна точка треба се има предвид дека ако зборот *погожий,* т.е. ‘убав, јасен, ведар’ во однос на времето е стилистички неутрален, тогаш зборот *вёдро* во рускиот јазик е традиционално-народен, се доближува до архаизам и привнесува во рускиот литературен јазик фолклорен колорит. Во рускиот јазик зборот *вёдро* во среден род значи: ‘јасно, тивко, суво, безоблачно и воопшто - убаво време, со ведрина на небото’ и порано се употребуваше како самостојна јазична единица. На пример: *Стоит вёдро* (‘Времето е ведро’), *Бог тучу пронесет и вёдро принесет* (‘Господ ќе го однесе облакот и ведро време ќе донесе’), *По ненастью вёдро* (‘По лошото време доаѓа ведрото време’), *На сердце ненастье, так и в вёдро дождь* (‘Кога на срцето му е лошо времето, значи и при ведро време врне дожд’). Меѓутоа, денес многу ретко може да се чујат овие изрази, како и: *ведренный (ведрый) день; погода разведрилась* (се разведри) итн., додека во современиот македонски литературен јазик зборот *ведар* доста често се употребува (и во директно значење: *денот беше ведар*, *под ведро небо*, и во преносно значење: *ведра мисла* и сл.).

Нашата анализа покажува дека преведувачите се раководеле од различни принципи, имајќи ги предвид повторувањата во насловот, на почетокот, на крајот и во средниот дел на текстот.

(1) Ярый ветер приносит вёдро

Ярый ветер приносит вёдро,
Будит в нас отзвук стона,
Буйствуя, вёдро приносит.

Вёдро прекрасно, но вёдро минует,
остается тоска,
обволакивает нас постепенно,
в глубине наших глаз оседает
пластами
и взор наш становится темным,
и тяжкое бремя, и смутная хворь -
огромные, наши, другим непонятные, -
нас истязают.

Порою тоска нас легонько шатнет, как лесную осинку,
падет, как туман над рекою журчащей,
у которой мы замерли, глядя бесцельно, безгласно.
Все тогда нам кажется призрачным, сказочным, странным
и мы говорим: - **Как немыслимо все и *прекрасно!*..**

Ветер стонет, ярится,
Буйствуя, вёдро приносит.

(превод од А. Штејнберг)

(2) Ветер приносит погожие дни

Ветер приносит погожие дни.
В нас он гудит и крепчает.
Ветер приносит погожие дни.

Прекрасное и проходит прекрасно.
Остается печаль,
охватывая незаметно,
она наполняет глаза
и взор застилает густой пеленой
не напрасно.
В такие мгновенья что-то до боли тоскливое,
Что-то огромное, личное наше, другим
недоступное держит нас властно.

Но бывает порой печаль легка, как былинка,
и касается нас, словно облачко над рекою,
у которой стоим мы молча в зябкой тени.

Тогда все кажется нам похожим на сказку,
и мы говорим: - **Невероятно *прекрасно!***
Ветер гудит и крепчает,
Ветер приносит погожие дни.

(превод од Ј. Левитанскиј).

Може да се направи претпоставка дека во првиот превод за преведувачот важно било да се повтори зборот што се појавува во насловот (*убаво време*) и да се подвлече неговата лексичко-граматичка врска со насловот. Реченицата во втората строфа *Убавото е убаво и поминува* се преведува како 'Вёдро прекрасно, но вёдро минует..', т.е. 'ведрото време е убаво и поминува...'. Во оригиналот актуализираните тема и рема се изразени со точното лексичко повторување. Во преводот подметот *убавото* (со членската морфема *-то*) се интерпретира како тема која не носи нова информација, бидејќи е сврзана со претходниот текст, т.е. со насловот (*Ярый ветер приносит вёдро),* а прилогот *убаво* игра улога на ремата при објективниот збороред на актуелното расчленување на реченицата и се преведува како *прекрасно*.

Во другата варијанта преведувачот демонстрира друг пристап кон оригиналот:

Ветер приносит погожие дни.
В нас он гудит и крепчает.
Ветер приносит погожие дни.

Прекрасное и проходит прекрасно.
Остается печаль,

(...)
Тогда все кажется нам похожим на сказку,
и мы говорим: - **Невероятно прекрасно!**

Работата е во тоа што *убавоūо* во реченицата *Убавоūо е убаво и ūоминува* лексички, семантички и граматички оформува нешто што може да се карактеризира со апстрактност, бидејќи се изразува со помош на супстантивизацијата на придавката *убав* во формата за среден род. Супстантивираната придавка може да предава состојба на неопределеност, претпоставеност. Строго речено, овде согледуваме парадигматичко повторување на лексемата *убаво:* се изменува морфолошката форма на зборот и во извесна мера се трансформира неговата семантика што овозможува да се пренесе поголем обем на информацијата. На тој начин, квалитативната придавка во процесот на супстантивизацијата се претвора во апстрактната именка со општа естетска позитивна оцена (*убавоūо* '*прекрасное*'). Освен тоа, преведувачот го изменува значењето на реченицата за да се доближи до ефектот што го создава повторувањето во оригиналот. Реченицата *Убавоūо е убаво и ūоминува* се преведува како: *Прекрасное и проходит прекрасно* што значи 'Убавото и поминува убаво', што не е сосема точно од семантичка гледна точка.

Општопознато е мислењето дека преведувањето на поезијата е многу сложена работа. Во поетскиот превод се дозволува поголем број трансформации отколку во други видови превод и особено изразито се појавува индивидуалноста на преведувачот, неговото сликовито мислење. Во македонскиот јазик за поетскиот превод често се користи определбата *ūрейев* (внатрешната форма на овој збор се определува по глаголот *ūрейее* (мак.), *ūрейеваūи* (срп.) 1. 'пропеть; спеть еще раз'; 2. 'сделать поэтический перевод, свободный перевод стихотворения; переделать стихи, песню'). Ретроспективната анализа на руските препеви на песната од Ацо Шопов „Ветрот носи убаво време" покажува дека тие поседуваат различни функционални можности за пренесување на истата содржина. За да се повтори истиот збор како во оригиналот, во рускиот превод требало насловот да се преведе како 'Ветер приносит прекрасную погоду', но оваа варијанта не би одговарала на интелектуалната и на емоционално-експресивната содржина на текстот и на неговите стилистички особености, на суштината на кажаното. И тоа го потврдуваат постојните руски преводи. Според наше мислење, насловот „Ветер приносит погожие дни" е попоетичен, поточен, поизразен од насловот „Ярый ветер приносит вёдро". Пишувајќи го рефератот не можевме да не се обидеме и ние да ја препееме песната. Насловот го оставивме, „Ветер приносит погожие дни". Се надеваме дека нашето излагање ќе инспирира нови работи на оваа тема.

Ветер приносит погожие дни

Ветер приносит погожие дни.
Он буйствует, стонет в нас.
Ветер приносит погожие дни.

Прекрасное - прекрасно и проходит.
Остается грусть.
Подчас она овладевает нами тихо,
Подступит и, словно пелена окутает глаза,
Застелет темнотой, и взор наш потускнеет.
Тогда пронзительная, тягостная боль,
Что-то большое, наше, непонятное другим,
Нас мучает, томит.

Но порою нам взгрустнется -
Осиновый листок как будто нас коснется,
Мглой туманной обернется над журчащею рекой.
Мы стоим у той реки - завороженно, без цели молча на воду глядим.
Тогда нам кажется все сказкой,
И говорим: - Невероятно, как все прекрасно!

Ветер буйствует и стонет.
Ветер приносит погожие дни.

Литература:

Аникин А.И. Употребление однокоренных слов в предложении. М. 1965.
Байзикова Е. Внутритекстовые связи // Об интерпретации художественного текста. Братислава, 1981.
Бельчиков Ю.А. Стилистика и культура речи. М., 2002.
Комиссаров В.Н. Современное переводоведение. М., 2002.
Лотман Ю.М. Структура художественного текста. М., 1970.
Лотман Ю.М. Анализ поэтического текста: Структура стиха. Л., 1972.
Минова-Ѓуркова Л. Стилистика на современиот македонски јазик. Скопје, 2003.
Москальчук Г.Г. Структура текста как синергетический процесс. М., 2003.
Сильман Т.И. Заметки о лирике. Л., 1975.
Большой толковый словарь русского языка /Гл. ред. С.А. Кузнецов. Санкт-Петербург, 2006.
Даль В. Толковый словарь живого великорусского языка. В 4-х т. Т. I: А–З. М., 1978 ; Т. II: И–О. М., 1979.

Македонско-русский словарь / Р.П. Усикова, З.К. Шанова, Е.В. Верижникова, М.А. Поварницина; Под общ. ред. Р.П. Усиковой и Е.В. Верижниковой. М., 2003.

Мургоски З. Речник на македонскиот јазик. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", 2005.

Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања / Ред. Бл. Конески. Составувачи Т. Димитровски, Бл. Корубин, Тр. Стаматоски. Скопје, 1994.

Толковен речник на македонскиот јазик / Главен редактор К. Конески. Ред. Сн. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски. Т. I. А–Ж, Скопје, 2003; Т. II. З–К, Скопје, 2005.

Поэты Югославии XIX-XX вв. Переводы се сербохорватского, словенского и македонского. М., 1963.

Шопов Ацо. Избор од поезијата. Избор и предговор Р. Силјан. Скопје, 1987.

Шопов Ацо. Ветер приносит погожие дни. Перевод с македонского. М., 1964.

СОДРЖИНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
- ЛИНГВИСТИЧКА СЕКЦИЈА

МАКЕДОНСКИОТ ГЛАГОЛ ВО БАЛКАНСКИ КОНТЕКСТ 5

Борис Марков
ГЛАГОЛСКИТЕ СУФИКСИ *-СА*, *-ИСА* И *-ОСА* ВО БАЛКАНСКИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ 7

Влоѓимјеж Пјанка
СТРУКТУРАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ВТОРИЧНИ НЕСВРШЕНИ ГЛАГОЛИ ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ СЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ 19

Наталија Прасолова
СЕМАНТИКА СВЯЗОЧНОГО ГЛАГОЛА **СУМ** В БИНОМИНАТИВНЫХ ПРЕДЛОЖЕНИЯХ МАКЕДОНСКОГО ЯЗЫКА 33

Искра Пановска-Димкова
СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ МЕЃУ ХАБИТУАЛНАТА И МУЛТИПЛИКАТИВНАТА ВИДСКА КОНФИГУРАЦИЈА 41

Људмила Мирто
НАЧИНОТ НА ИЗНЕНАДЕНОСТ ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК И ИЗРАЗНИТЕ ЈАЗИЧНИ СРЕДСТВА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 47

Валентина Нестор
ОДНОСОТ НА ПОМОШНИТЕ ГЛАГОЛИ **СУМ** И **ИМА** ВО АНАЛИТИЧКИТЕ КОНСТРУКЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АЛБАНСКИОТ ЈАЗИК 53

Лидија Аризанковска
СИСТЕМОТ НА ГЛАГОЛСКИТЕ ВРЕМИЊА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК НАСПРЕМА СЛОВЕНЕЧКИОТ И ДРУГИТЕ ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ 59

Гоце Цветановски
ТИПОВИ PLUSQUAMPERFECTUM ВО СКОПСКОБЛАТСКИОТ И ВО ЗАПАДНОПРЕСПАНСКИОТ ГОВОР (ФОРМАЛЕН И ФУНКЦИОНАЛЕН ОПИС) 67

Лидија Тантуровска
ЗА ГЛАГОЛСКИТЕ ФОРМИ ВО ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНИОТ ПОТСТИЛ 79

Убавка Гајдова
ЌЕ-КОНСТРУКЦИИТЕ И ИТЕРАТИВНОСТА 89

КОНГРУЕНЦИЈАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 99

Емилија Бојковска
НЕКОИ СЛУЧАИ НА СОГЛАСУВАЊЕ МЕЃУ ПОДМЕТОТ И ПРИРОКОТ ПРИ КУМУЛАЦИЈА 101

Елена Петроска
КОНГРУЕНЦИСКАТА ХИЕРАРХИЈА И КОЛЕКТИВНИТЕ ИМЕНКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 105

Симон Саздов
ЗА СОГЛАСУВАЊЕТО ПО РОД И ПО БРОЈ МЕЃУ ПОДМЕТОТ И ПРИРОКОТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК 113

Волф Ошлис
МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И КУЛТУРА ПОД БУГАРСКАТА ОКУПАЦИЈА 1941-1944 ГОДИНА 121

Макс Валстром
GRAFEMIKA KONIKOVSKOG EVANĐELJA U USPOREDBI S DRUGIM MAKEDONSKIM TEKSTOVIMA PISANIM GRČKIM PISMOM 131

СПОЈНОСТ НА ТЕКСТОТ 139

Наталија Бороникова
ЛЕКСИЧКО-ГРАМАТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛИЧНИОТ ПРОСТОР ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК **141**

Маќеј Кавка
ОСНОВНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ НА „СПОЈНОСТА“ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК - АНАФОРСКАТА ФУНКЦИЈА НА ЧЛЕНОТ 147

Димитар Пандев
ОПШТЕСТВЕНОПОЛИТИЧКИ РЕГИСТРИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК ВО 19 ВЕК 153

Елена Степаненко
ЗА ТЕКСТООБРАЗУВАЧКАТА ФУНКЦИЈА НА ЛЕКСИЧКОТО ПОВТОРУВАЊЕ 159

XXXV НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА - лингвистика
на XLI меѓународен семинар за македонски јазик,
литература и култура

Редакција:
Емилија Црвенковска, главен уредник
Томислав Треневски, лектор
Благица Велјановска, секретар

Координатор:
Томислав Треневски

Коректура:
Томислав Треневски

Компјутерска обработка:
Академски печат

Предна корица:
Четвороевангелие на манастирот Слепче, XVI век
Задна корица:
Иницијал М од Радомировиот псалтир, XIII век

Печати:
Академски печат - Скопје

Тираж:
250

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

811.163.3.(062)

[ТРИЕСЕТ и петта]
XXXV Научна конференција - лингвистика: (Охрид, 11.VIII-28.VIII 2008). - Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2009. - 168 стр.; 24 см

„XXXV Научна конференција - лингвистика, на XLI Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура“ - > во колофон. - Библиографија

ISBN 978-9989-43-267-5
1. Гл. ств. насл.
а) Македонски јазик - Собири
COBISS.MK-ID 78866186

ISBN 978-9989-43-267-5